СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на 74-тата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 3 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**ЧЕТВРТТО ( 4) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 74 -та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАЖА НА 3. IX. 1997 год.**

Дискутанти.

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 88, 90
2. АБДУРАЈМАН АЛИТИ - 36, 42
3. БАЈРАМ АМДИ - 167, 170
4. БОГДАНВСКИ ИГНАТИЕ - 48 ,54
5. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 126
6. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 14, 17
7. ЗОГРАФСКА - КУЉАН РАТКА - 144, 1 48
8. ИБРАИМИ САМИ - 90, 91
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 93, 100, 1О9, 111
10. КАДРИУ ЗЕКИР - 25
11. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 47, 48
12. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 87
13. НАЈМОВСКИ ВАНЕ - 82
14. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 61
15. НИКОЛОВ ЈОВАН - 11
16. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 151, 156
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1 .. ( води седница )
18. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 2, 10
19. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 171
20. РАМАДАНИ САЛИ - 162, 164
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 136, 140
22. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 149
23. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1, 79, 160
24. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 26
25. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 29, 35
26. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 111, 117
27. ХАСИПИГ КЕНАН - 43
28. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 64, 66, 72 .79, 142
29. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 130, 132
30. ЧИФЛИГАЖЕЦ ВАНЧО - 119, 125
31. ЏАМБАЗОВ САНДЕ - 80, 89, 90
32. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 84, 85, 106, 108, 110
33. ШАКИРИ ХИСНИ - 54

Дневен ред:

- Продолжение по претресот по Информацијата на Минист. за внатрешни работи за актуелната состојба во Гостивар и Тетово.

-СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 3 септември 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Бојков, Владе Давитковски, Благоја Стојковски, Љубомир Чадиковски, Марјан Начевски, Наум Симјановски, Теодосие Паунов и Симон Наумовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по Информацијата на Министерството за внатрешни работи за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово.

Господинот Стојановски бара деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници. Предлагам пред почетокот на ова продолжение со едноминутно молчење да му оддадеме почит на убиениот милиционер во Гостивар при последниот немил настан.

Второ, да го искористиме присуството на министерот за внатрешни работи денеска ако е можно во текот на оваа седница една кратка усмена информација во врска со овој настан, а во писмена форма јас ќе побарам информација за наредната седница.

Ве повикувам со едноминутно молчење да му оддадеме почит.

(Пратениците со едноминутно молчење му оддаваат почит).

Слава му.

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

На почетокот неколку зборови за впечатокот што го носам од расправата за деветојулските случувања во Гостивар и во Тетово. Мислам дека нема да бидам далеку од вистината, ако констатирам дека во досегашната расправа во основа имавме монолог на , условно речено оштетената страна. При тоа бевме сведоци на силен излив на емоции, на искривоколчување на фактите , на нереално димензионирање на последиците, при што јас не забележав сериозни напори да се трага по причините, по виновниците кои доведоа до акцијата на полицијата која, убеден сум од тоа никој демократски определен граѓанин на РМ не ја посакуваше, а најмалку таков расплет на настаните посакуваше македонската јавност и албанската националност.

Иако, безмалку секој учесник во расправата својата дискусија ја започнуваше со тоа дека ќе биде принципиелен сепак неодминливо е чувството дека со ретки исклучоци доживеавме една дебата , политички но и правно крајно непринципиелно со обиди пред се да се утврдат фактите, да му се пресудува , така да речам, на виновникот за овие

настани, а тој во основа се гледа во министерот за внатрешни работи, независно дали обвинението го испорачуваат пратениците на ПДП-а или на ПДП.

Во не мал број случаи проговори радикализмот, заканите за етнички чист Гостивар. Проговорија предрасудите, а не принципите. Најблаго речено, чудно, а во поразвиена форма загрижувачко ако една партија како што е ПДП во изминатиот период се потврди како граѓански ориентирана , се определила да заигра, би рекол на струната која на ниту еден народ, па ниту на албанската националност никогаш не му носела среќа. Да се говори со исклучивост при што "оштетениот" е исклучиво во право, а тој што ја произвел штетата е исклучив виновник не е ништо друго освен политика на двојни аршини. Зошто? Од едноставна причина што во ниту еден момент тие што обвинуваа не се обидоа да ги идентификуваат одговорните во сопствената средина, да приговорат за принципите на правната држава, да ги повикаат или барем да укажат на одговорноста на оние кои не така одамна ја газеа Одлуката на Уставниот суд на РМ, кои се закануваа и порачуваа дека нема таа сила што ќе го симне албанското знаеме, оние што се подготвуваа за оружен отпор што создаваа парадржавни институции, воени, полициски, здравствени и други за да се спротивстават. на една сосема легална и легитимна акција за заштита на интегритетот на државата, да ги повикаат или барем да ги посочат оние што во името на своите идеи, идеали во првите редови ги ставаа не сопствените, туку децата на оние што треба да им ја подарат победата. Токму затоа трагичноста на собитијата е секогаш неизбежна. Кога се напуштаат принципите и место нив говорат заблудите, митовите, личните интереси на самопрогласените или од бога пратени спасители. Не велам дека синдромот на митологијата и мисијанството го нема кај одделни субјекти

и на другата, македонската страна. Впрочем , во изминатиот период имавме доволно прилики во тоа да се увериме од расправите за референдумот, донесувањето на Уставот, одлуката за воведниот попис, настаните на Бит Пазар, Горче Петров, донесувањето на законите за образованието, територијалната поделба, за Педагошкиот факултет во Скопје и демонстрациите по тој повод се до настаните за кои денеска расправаме.

Но, исто така , сведоци сме дека во сите тие ситуации, како и во сегашнава одделни политички структури застапени во Парламентот го исчекуваат расплетот на , според нив судирот и расчистувањето на сметките меѓу СДСМ и ПДП.

Почитувани колеги, политичката дебата или ако сакате битка, битка за демократизација на општеството за донесување вистински законски решенија не може да се води со предрасуди или пак со молчење. Отвореното јавно сочелување на фактите, принципиелноста во настапите дури и кога станува збор за проблематизирање на сопствените, теснонационални интереси е основата на парламентаризмот и парламентарната демократија. Правната, пак, држава подразбира подеднаква законска заштита на правата, слободите, интересите на секој граѓанин, на секој колективитет. Тоа е според мене и појдовната правна и политичка подлога за преземената акција на 9 јули годинава во Гостивар и во Тетово и таа во ниту еден случај не може логички да се претстави како кршење на правата на една националност во моментов Албанската.

СДСМ по ова прашање , а и не само по ова, секогаш има и ќе има јасни принципиелни ставови. А, кога станува збор за присутните проблеми во меѓуетничките односи ваквиот однос и спремноста тие

ставови јавно да се промовираат е од особено значење. Во оваа прилика ќе потенцирам за СДСМ акцијата на полицијата е сосема легална и легитимна. Таа е заснована врз законите и Уставот. Впрочем, доколку внимателно ги следевте реакциите на меѓународниот фактор по тој повод не беше тешко да забележите дека во основа и од принципиелна гледна точка таа не беше осудена. Напротив, зошто? Затоа што многу подобро од некој овде странскиот фактор ги согледа причините кои едноставно речено ја наложија потребата од интервенција на полицијата, а тие се:

- организираното спротивставување на една организирана политичка сила, во прв ред олицетворена во ПДП-а, на институциите на системот, на највисоката и единствена судска инстанца одговорна да ги штити уставноста и законитоста, Уставниот суд. Очигледното кршење на Уставот и законите со недозволено, иако во таа пригода симболично манифестирање на суверенитет на странска соседна држава, нели знамето во правната и политичката теорија, а и во практиката го означува суверенитетот и просторното протегање на една држава.

Трето, очигледното одвивање на еден насилен процес на федерализација и дезинтеграција на државата РМ преку изјавите на градоначалниците од Тетово и Гостивар како експоненти на политиката на ДП-а за создавање единствена и компактна парадржавна организација на дел од општините на Западна Македонија, а крајната опција на сите ние е добро позната. Според тоа очигледно станувашe збор за една организирана антидржавна, во краен случај антимакедонска активност во услови кога имавме јасна и недвосмислена одлука на Уставниот суд, која без поговорно мора да се почитува , односно спроведе во практика. А тоа, познато е , може да биде доброволно или со присила. Во конкретниот случај доброволноста изостана, а остана пркосот. Доколку во таа ситуација изостанеше и акцијата на надлежните

државни органи за спроведување на судските одлуки дури тогаш ќе беше логично барањето за оставка на министерот за внатрешни работи. Ете, тоа е според мене првата заблуда и предрасуда , почитувани пратеници на сите оние кои во текот на досегашната расправа не успеаа или свесно не сакаа да проговорат за причините за овие настани.

Втората заблуда и предрасуда е обидот со ставањето глава во песок, со затворањето на очите пред фактите целиот настан да се прикаже како смислен зафат на СДСМ, вниманието на граѓаните од проблемите во економијата и социјалата да се пренасочи кон едно исклучително чувствително прашање со силен политички набој, како што се меѓуетничките односи и нивното значење во поглед на политичката, но не и само таквата стабилност на државата. Таквото испревртување на тезите е чиста политичка еквилибристика, обид да се провоцира нови несакани состојби во оваа област, смислено бегање од вистината и сопствената одговорност за да на евтин начин политички да се профитира кај сопствениот лекторат.

Тоа е подгревање на апетитите на поединци , на некои самонаречени лидери и борци за албанската кауза, како што на пример лидерот на ДП-а кој е промотор на небулозната теза за единствениот македонизам, за наводно непостоечкиот македонски народ, кој како што велат тие ја краде историјата на грчкиот и бугарскиот народ, далеку и од вистината и од умот, нажалост.

Третата заблуда е дека со однапред наведените тези ќе се избега од сопствената одговорност за невините жртви во гостиварските случувања. Дали нив треба да ги има на совест оние што го заблудуваат Албанецот, што намерно посакуваат судир меѓу македонскиот народ и албанската националност, или оние кои што по сила на законите се

должни да го заштитуваат уставниот поредок на државата. Одговорот е јасен. Виновникот е оној кој што сопствениот народ го турка во пропаст. Со ваквиот пристап тие што/предизвикаа настаните никогаш нема да им ја кажат вистината на сопствените поданици, туку и натаму ќе ги држат во заблуда дека со непочитување на Уставот, законите и одлуките на државните органи може да се дојде до замислената цел и до остварување на нереалните сонови. Ние пратениците често имаме обичај да кажеме дека народот не избрал. Тоа е точно, но народот гласачите не ни даде мандат да ги туркаме во судир, .туку обратното, да градиме мостови на сожителство и заеднички живеење. Мостови на доверба а не на раздор. А она што го слушавме во изминатите денови од добар дел од пратениците, првенствено од албанската националност, најмалку води кон тоа. Повеќе беше насочено кон разгорување на нетрпеливоста, разнишување на крефката меѓусебна доверба. Затоа на вистината мора да и се погледа во очи, таа да и се каже на сопствениот лекторат, колку да е непријатна и болна.

Според тоа вие почитувани колеги, посебно од ПДП-а не може да бегате од сопствената одговорност за она што се случи во Гостивар, зашто најлесно е вербално да се прогласувате за демократи, за привврзаници на храбрата држава, а со ниту еден збор да не го осудите очигледното практично манифестирање, непочитување на Уставот и законите. Можеби тие не ги задоволуваат, поточно можеби не се во корелација со вашите сфаќања за правата на Албанците во Македонија, меѓутоа ќе се сложите додека се тие закони на сила мора да се почитуваат, тоа е иманентно на правната држава , на демократијата.

Четвртата заблуда е дека со злоупотребата или со вадењето од контекст и искривоколчувањето на изјавите на некои странски претставници кои зборуваат за важноста на хармонизирањето и толеран-

цијата во етиички мешаните општества, а во тој контекст и во меѓу-етничките односи во Македонија ќе може да се сокрие сопствениот придонес и одговорноста за она што се случи во Гостивар, но и во некои претходни настани од сличен тип. Наспроти ова да ве потсетам само на изјавата на Стеј Де Партменот по повод пролеточните демонстрации и на Декларацијата на Европската Унија по тој повод.

Покрај нивната загриженост за она што тогаш се случуваше овие институции недвосмислено се определија против Федерализацијата на Македонија, против националната хегемонизација, условно речено и на едната и на другата страна, против создавањето паралелни државни институции во било која сфера од живото итн. Затоа се прашувам дали вие колеги пратеници од тие средини било Албанци, било Македонци се обидовте сето тоа реално и објективно да им го претставите на своите избирачи кон што води спротивното однесување.

Петтата заблуда, е дека за некои демократијата е анархија, односно вулгарното разбирање на уставната одредба дека се што не е забрането со Устав и Закон е дозволено. Се прашувам дали опасноста од национал-романтизмот е до тој степен за никој од таканаречениот албански политички корпуст да не смогне сили, ако ништо повеќе барем да предупреди кон што води политиката на ПДП-а. Дека таа може сите заедно да не одведе во провалија, дека еден ден неминовно ќе предизвик* судир со полицијата како единствен легален и легитимен орган што може да поседува и употребува оружје согласно законот и правилата на службата. За мене , пред се како човек, поразително е тоа што никој од колегите Албанци не се спротивстави на начинот на кој јавно настапува лидерот на ДП-а. Да ве потсетам тој меѓу првите во

Македонија започна да ја користи референсата под која сме примени во 00Н. За волја на вистината не ја користат и некои лидери од таканаречената Македонска опозиција. Македонскиот народ го прекрстува во славомакедонци, говори за некаков си мит на македонизмот, прашањето ми е значи ли молчењето дека сите албански политички субјекти се согласуваат со ваквите ставови? Зошто протежирањето на сопствениот национал-патриотизам да не речам национализам нема да го сузбие спротивниот. Напротив, само уште повеќе ќе го разгорува.

И засега, последната, шеста заблуда е дека со организиран притисок врз легалните државни институции ќе може да се реализира сценариото за регионализација на политичкиот простор на РМ,дека со изборот на градоначалниците во Тетово и Гостивар, патем речено припадници на ДП-а, манифестирани од триумфализам при прославата на изборната победа триумфираше и албанизмот над македонизмот и дека повеќе, нема сила што промоторите на ваквите идеи ќе ги спречи на патот до конечната победа. Се покажа дека таквото размислување во основа беше никулецот на гостиварските настани. Зошто новоизбраните градоначалници заедно со советите на локалните самоуправи отворено се спротивставија би рекол судрија со државните органи на власт.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Живееа и почнаа да ја практикуваат, локалната самоуправа ја доживееа и започнаа да ја практикуваат како да е држава во држава. Наместо да се зафатат со решавање на актуелните локални проблеми, тие приоритет им дадоа, како што мислеа на националните и државните интереси на албанската националност. За нив клучно прашање за подобрување на 1 животот на сонародниците беше што побргу да се истакне знамето, наместо да се асфалтираат улиците, да се подобри комуналната инфраструктура, со еден збор да создадат услови за подобар живот на сите граѓани во соодветната општина. Едноставно речено поважно им беше некој да ги именува како национални херои да влезат во историјата како првенци во битката за албанската кауза, без оглед на жртвите. Сето тоа, останувaше без адекватен одговор, пред се од легалните политички субјекти на албанците и Гостивар едноставно мораше да се случи. Тоа е генетската причина и ако сакате вистината за 9-то јулските настани во Гостивар. Не се работи за никаква манипулација од страна на СДСМ, ниту пак станува збор за излив на некакво антиалбанско расположение, за пуч врз институциите на локалната самоуправа, повеќе може да се говори за обратното, упад на градоначалниците и советите на локалните единици во Тетово и во Гостивар во системот на државата. Ниту пак станува збор за изблик на некаков македонски национал-шовинизам.

За СДСМ таквите тези се апсолутни неприфатливи и таквите ставови не му се својствени. Акцијата во овие општини беше и е одбрана на легалните институции на системот, заштита на уставноста и законитоста и спроведување на одлуките на државните органи. Едноставно станува збор за заштита на уставниот поредок на земјата, бидејќи е очигледно дека овде, посебно во Гостивар се подготвувал терен за оружен отпор, поточно бунт, почнувајќи од изработката на рачни

експлозивни средства, преку  снабдување на оружје, разработените планови за здравствени прифатни центри за лекување и слично.

На крајот уште збор два за честите обвинувања дека полицијата ги пречекорила своите овластувања. За на е неприфатливо овој важен државен орган за безбедноста на граѓаните на Република Македонија да биде валкан и девалвиран, со тоа да се оневозможи остварувањето на неговата функција за во иднина.

Собранието по дефиниција не е судски, ниту истражен орган наша задача е да ги идентификува политичките и правни аспекти на една сосема легална и легитимна активност на еден државен орган, но имаме и механизам да ги согледаме и таквите прашања, во смисла на евентуални пречекорување преку формирање на анкетна комисија. Затоа, Парламента ната група на СДСМ го поддржува предлогот во таа насока и ќе гласа за него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, еден голем дел во дискусијата ми одзеде координаторот на мојата пратеничка група, но како човек, како пратеник во ова Собрание имам обврска нешто да кажам по повод настаните кои ни се случија на 9 јули во Гостивар. Се случи нешто што не треба понатаму да се случува, но она што се случи барем од досегашните дискусии кои што овде ги слушавме никој не презеде политичка одговорност за ова што се случи, но сите отидоа кон тоа да бидат критичари на оние што им беше уставна задача да го направат тоа што требаше да се направи во Гостивар. Јас жалам за се она што се случи во Гостивар, затоа што и професијата ми е од тој вид, јас сум лекар, хуманист, човек кој што подеднакво ги гледам луѓето, по

боја, по вера, по националност. Овде мене ми е многу жал што не се направи дистанца меѓу едното и другото, односно што не се почна да се зборува за причините кои што доведоа да се случи она што не требаше да се случи. А понатаму можеме да зборуваме за последиците, но без анализа на причините и поводот за она што ни се случи, не можеме на крајот и да правиме анализа за се она што се зборуваше овие претходни два дена. Ако се навратиме за последиците што ни се случуваа во Гостивар и во Тетово,Вие господа пратеници, кои седиме сите ние, одредените раководители на политичките партии, независно од која националност се во Републикава, дали немаа малку осет за она што се случуваше дека веќе се создава база, има причини дека нешто ќе се случи. Зашто, не се работеше превентивно, тоа од лека ски жаргон ви го кажав, тоа да се спречи и да не дојде до тоа, но отидов ме понатаму, дури да подгреваме одредена категорија на луѓе тоа да ни се случи намерно да ни се случи. Ако тргнам по еден редослед како таму ја ги гледав состојбите и како таму ни се случуваа одредени случки, јас ќе тргнам од тоа. Не сакам да се повторувам но морам нешто да кажам за тој дел дека со формирањето на советите на општините, веднаш почна нешто да функционира надвор од Уставот и законите на државата. Тоа наместо да се спречуваше се поддржуваше. Зошто? Кога се донесе еден документ една одлука на Уставен суд, луѓе непријатно беше со една одлука на еден највисок судски уставен орган, кој што треба да го штити и Уставот и законите на државата, со тој документ да се подигрува. Тој јавно да се омаловажува, дури и да се гази. Што е тоа? Зошто никој не стана тогаш да каже, луѓе слушајте, ако сме за демократија, ако сме за правна држава ова не смееме да го правиме. Дајте да ги користиме институциите на државата кои што ќе ги обезбедат сите оние права кои што ни следуваат на едните или на другите. Постарите, па и јас како дете ми беше непријатно кога во Гостивар при формирањето на ПДА маршираат црно кошулаши.

II/4.-

Ме потсети мене на 1944-1945 година. Драга господо, овде во пратенички клупи кои сите овде стоиме од нив страдаа не само македонци, но и албанци. Денеска и албанците дури, со кои секојдневно комуницирам се плашат за тоа. Ве молам, дали некој од нас се размисли дека тоа се случува и нешто мора да стане, мора да се спречи. Никој јас жалам што овде одредени пратеници, сите македонци беа наречени националисти, шовинисти^ дури се отиде дотаму дека има и фашисти. Жалам, таа дисквалификација не смее да се однесува на целиот македонски народ. Секаде има екстреми во сите народи и националности, но не смее се да се стави во еден кош. Тоа мене ме загрижува. Дури беше кажано за демонстрациите по повод Законот за Педагошкиот факултет. Тогаш македонците го бранеа тој закон, господа и не го опфавдаа тој излив. Овде албанците не го направија тоа за жал. Имам доста пријатели албанци. И сега нешто ни се случи. И да не должам многу, исто така, овде се кажа една квалификација многу опасно дека Гостивар ќе биде чисто етнички. Ве молам господа, немојте со такви квалификации. Немојте ако сакаме заедно да живееме, а јас мислам дека поголемиот дел на албанците сакаат тоа да го прават. Во тој дел да им правиме и нив незгоди. Вие сте тие кои што ги водат политичките партии тоа да го спречат. За жал, тоа не се прави. Јас жалам човекот што ја издаде таа квалификација на една меѓународна конференција се дрзна да каже дека фашисти се тие кои најмногу трпеа за време на фашизмот, и најмногу од се дадоа. Тоа мене ме погоди, затоа што истото тоа овде се повтори. Такви квалификации не треба овде да се изнесуваат. Не треба во јавноста и не треба да правиме судир меѓу луѓето кои секојдневно заедно работат, соработуваат и живеат. Еден човек албанец после она што се случи во Тетово после црните кошули дојде и ми рече, се плашам. Почнаа луѓето некако со тие што секој ден живеев да ме избегнуваат не ми велат ништо но ми го вртат грбот. Дали, господа вие размислувавте за тоа. Можеби не сите, поединци. Дали сите размислувавме за тоа.

Ако сакаме да имаме држава, така се декларираве на сите кои живееме во овие простори, таа држава треба да ја ч:уваме подобро да гледаме за секој кој што живее тука. Да не правиме дисквалификации едни од други. Оти, се повеќе и повеќе ќе ни се случува тоа што не треба да ни се случува. Не смееме да дозволиме.

Да заклучам за она другото, за нападот врз институцијата, која што по службена должност мораше да си ја врши својата обврска без еден критички осврт за реалноста, не беше добро барем досега. Има, ако ние ги разграничиме политичката одговорност за настаните, можеме да зборуваме тек после за последиците. Ако тоа не го издвоиме настрана, дали имало прекршување во надлежности или не, има други институции, има суд еве Собранието како орган кој што може да формира анкетна комисија нека го  испита тоа и за тоа можеме посебно да зборуваме. Но, сега такви квалификации не смеат барем овде во ова Собрание да ги има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Атанас Вангелов има збор.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Господине претседателе, господо пратеници, слушав внимателно многу излагања. Со некои и по некои точки се согласувам. Ќе кажам подоцни со кои се согласувам, по кои точки се согласувам и зошто се согласувам. Со доста од нив не се согласувам и тоа по многу точки. Не се согласувам затоа што нивната цел е натамошно распалување страсти, натамошно заострување на односите меѓу луѓето, натамошна психолошка подготовка за недоразбирање чиј следен чекор по правило, и секогаш е, конфликти, насилства и крв. Должен сум сега да потсетам на една баналност. На секоја физичка акција и претходни, како што е познато вербална акција. Ќе дадам пример.

II/6.-

Секој човек дознава дали друг човек му се заканува според позата на другиот човек во тој момент. Според изразот на неговото лице, според острината на неговиот поглед. Секој човек добро разликува ситуација во која е загрозен како човек. Разликува и без зборови, разликува и без да му се каже. Кога заканата доаѓа со зборови тој човек не реагира веднаш. Прво, се подготвува за одбрана, а тоа значи борба. Потоа,почнува да се бори. Со тоа сакам да кажам дека зборовите не се ни од далеку невини. Со тоа сакам да кажам дека тие доведуваат до закани, до агресии, до насилства, а тоа се веќе дела и акции. Зборовите, како што сите знаеме се користат таму каде што се зборува. Зборот Парламент по својата етимологија доаѓа од збор и зборување. Ако дојде до акција и тоа до неизбежна акција на употреба на сила, како што беше тоа во Гостивар, не ќе може таа акција да не се поврзува со зборовите односно со она место на кое најмногу се користат зборовите. Тоа место е Парламентот, тоа место сме ние. Тука се користат и се трошат многу силни, многу неточни, многу неодмерени, многу расплаувачки, многу недостојни, многу груби и што е најлошо многу дволични зборови. Последното е и најлошо, затоа што секогаш ориентира, поттикнува и подбуцнува некој друг во името на тој што зборува така да постапува заканувачки, нападно и насилно. Нема да се служам со примери од тие груби, сурови и заканувачки зборови, затоа што и оној што ги употребува како цитати неможе, а да не се извалка од нив кој ги употребува.

Ќе се послужам со две многу поблаги формулации, но затоа пак исто толку опасни, затоа што се далеку од вистината. Некои, на пример, за да ја обезвредат информацијата на Министерството соопштија став дека е тоа гола дескрипција. Таква дескрипција, која што како што кажаа можело да состави и дете во основно училиште. Кога сака на тој начин и по секоја цена да ја обезвредат таа информација, тие, всушност и доделија комплимент. Секоја добра информација е по дефиниција

дескриптивна информација. Таму пишува настани такви какви што се. Таа не смее да коментира настани, затоа што во тој случај таа ќе дава вредносен суд. Треба да се прави јасна разлика меѓу фактички суд кој е по дефиниција дескриптивен и вредносен суд кој зависи од личноста или институцијата кој суди.

III/1.-CJ/МЛ

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кога Министерството опишува настани тоа го прави не само тоа што се бара од него, туку и тоа што смее тоа да го прави. Не смее да оценува, не смее да испитува генеза, не смее да го испитува потеклото на настаните, да ги толкува затоа што тоа не е компетенција на Министерството. Ете зошто сите тие кои со негативен предзнак го употребуваат зборот дескрипција и несакајќи му оддадоа големо признание на тој што ја правел таа информација.

Други, осудувајќи се и сешто во еден смислен гнев за да произведат исто таков кај тие што го слушаат тој гнев по еден систематски начин и ни мало случаен ја користеа квалификацијата "груба антиалбанска политика за настаните во Гостивар"во кои дојде до изнудена употреба на сила против една друга сила насочена против суверенитетот на Македонија.

Систематското користење на квалификацијата груба антиалбанска политика е таква квалификација со која се служи Владата на Република Албанија во своите ноти до Владата на Република Македонија. Кога некој во својот настап на гнев систематски ја користи таа квалификација за настани во Гостивар, тој практично кажува со тоа дека Гостивар е територија на Република Албанија која во овој момент неправедно се наоѓа во Република Македонија. Таква е таа порака која само на друг начин го изразува тоа што го зборува Арбен Џафери, а зборува закануувачки и предизвикувачки. Зборува опасно затоа што не зборува вистина. Зборува дека на пример Македонија е митска држава која нема своја автентична култура, а пак македонците се митски на- род. Една митска држава и еден митски народ се фиктивна држава и фиктивен народ, држава и народ без историја и иднина, што значи без

сегашност затоа што оној што нема минато и иднина, не може да има ни сегашност. За тоа колку е тоа далеку од вистината зборува еден единствен и прост факт кога тој, Арбен Џафери, патува по светот за да го убедува тој свет во својата вистина за настаните во Гостивар, не се служи со стварен, реален и материјален албански или српски пасош, туку се служи со македонски пасош. Така значи прави тој човек. Кога му треба нему Македонија е стварна, реална и материјална. Кога не му треба, затоа што пречи на пример да се прошири сегашна Албанија до Гуешево, тоа е само една митска држава која нема иднина., минато и со тоа сегашност.

Кога го прави тоа и кога прави така, тој, Арбен Џафери се однесува дволично. Во личноста не е особина достојна за почит. Еден господин човек не може и не смее да биде дволичен човек. Токму затоа јас избегнувам да го употребувам називот господин кога го споменувам името Арбен Џафери.

Велат дека бил учен човек. Се сомневам во тоа затоа што ученоста е знаење, а пак знаењето не може без вистина како што таа, вистината никако не може без морал. Иморализмот во однесувањето е знак дека некој човек не води сметка за вистината, а пак учен човек не може да не води сметка за вистината. Затоа и се сомневам дека е учен човек. Тој човек сака само со сите средства да ги оствари своите цели според класичната макијавелистичка формула, "се е дозволено ако е корисно за мојата цел". Заборава при тоа дека кога се е дозволено, практично и ништо не е дозволено. Не е дозволено исто така со неморални средства да се остваруваат морални цели. Не е дозволено затоа што тоа води кон легализација на насилството. Арбен Џафери преку устата на Руфи Османи јавно повикуваше и повика на насилство. Сега Руфи Османи е во затвор, а не Арбен Џафери. Сега Арбен Џафери седи во судница и молчи како египетска свинга, а пак Руфи дава гаранција во движен и

недвижен имот за да се брани од слобода. Џафери се служеше со зборови, Руфи со акција. За зборови не се одговара. Се одговара за акција што ја смисли неговиот шеф, а ја спроведе несреќниот Руфи. И така првиот ќе одговара, а пак вториот само ќе присуствува. Сите тие што во стилот на Арбен Џафери од оваа говорница истапуваат со квалификација груба антиалбанска политика како оценка за настаните во Гостивар мора да ја понесат одговорноста за индирект- на порака на таа квалификација. Мора да понесат одговорност дека пресметано работат на тоа да дојде до распламтување страсти кои ќе доведат до нови насилства. Нека не мислат дека македонците не го разби- раат тоа. Го разбираат и тоа многу добро го разбираат. И не само што го разбираат туку и се повеќе се нервираат. И може ли прашувам сега некој да верува кога на тој начин се нервира затоа што се омаловажуваат и понижуваат. И, уште, кога константно во континуитет се произведува кај нив чувство на вина што не постои.

За љубов на вистината потребно е да се каже дека имаат доволно угледни и достојни луѓе кои не постапуваат така. Така не постапува господин Џеладин Мурати кога јасно дава до знаење дека на пример "постоеше закана дека нема сила која ќе го симне знамето". Не постапува така затоа што тој точно ја идентификува и точно ја прет- стави причината која произведе употреба на сила, а пак тоа е најваж- ното во расправата по поднесената Информација.

Така не постапува ни господин Исмет Рамадани кога иста нува дека "некои луѓе не си ги поштедија ни своите партиски колеги" со што сака да каже дека сега Руфи Османи е тој што ќе страда, а пак Арбен Џафери ќе објаснува и ќе уверува дека било потребно да се страда и тоа токму така и на тој начин. Така и на тој начин да страда некој друг, а не тој.

Така не постапува ни господин Хисен Рамадани кога вели: "Сите носиме вина за настаните во Гостивар",а пак вината се состои во тоа "што не постапуваме со јасна платформа". Се согласувам со него и затоа сум должен да кажам ако е точно дека сите носиме вина, тогаш како може да се сведе таа вина на министерот или само на министерот Томислав Чокревски, односно на Владата на која не и се остави ниту милиметар маневарски простор за да ја избегне употребата на сила

На тоа прашање, на прашањето одговорност на министерот Чокревски ќе се вратам подоцна.

Сега сакам да кажам дека постапките на господин Џеладин Мурати, Исмет Рамадани и Хисен Рамадани се такви постапки кои барем мене ме охрабруваат. Мислам дека е тоа нов момент кој треба да се следи, треба да се поддржува и треба да се охрабрува. Не би бил со-сема искрен ако не кажам дека, пак според мене, една таква и точна оценка доаѓа за жал помалку задоцнето. Не би бил исто така искрен ако не кажам дека тие многу точни и многу трезвени оценки не ја содржат потребната енергија, потребната решителност и потребната осуда. Дури како што лесно може да се види тие се кажани во малку завиена форма. Тоа пречи да го постигнат својот ефект во јавноста и тоа пред се, меѓу македонците.

Независно од тоа треба да се каже дека тие луѓе гледаат со отворени очи на овие немирни настани иако како и секој човек и тие се изложени на директни или индиректни притисоци, па дури и на автопритисоци. На тој начин и тие го исполнуваат долг кон вистината. Така велам затоа што албанскиот радикализам и национализам е пред се работа и обврска на албанците во Македонија, не на македонците. Зошто Затоа што ако земам јас од ова место да зборувам и да го осудувам тој радикализам постојат многу поголеми изгледи да се прими мојата осуда како шовинизам, отколку кога зборувам за македонскиот

радикализам и национализам, што е, како што е познато моја работа.

Се враќам сега на конкретната одговорност на министерот Чокревски за настаните во Гостивар.

Еве како тоа го формулира господин Исмет Рамадани: "Професоре, рече тој, немојте да барате да ви олесни премиерот. Олеснете си сам, имаше жртви". Кога го кажа тоа на тој начин господин Исмет Рамадани се повика и тоа со право на еден вид аргументација од сферата на хуманоста. Нема човек кој може како од хумана така и од морална гледна точка да правда и да оправдува ситуации во кои доаѓа до жртви. Меѓутоа, треба да се има на ум дека постои една друга аргументација која исто така треба да се има предвид кога се сака да се суди праведно врз основа на што се мери одговорноста на еден конкретен човек, а пак тоа е во овој момент одговорноста на министерот Томислав Чокревски.

Министерот чокревски не употреби сила, упростено речено како човекот Чокревски. Не неупотреби сила како професорот Чокревски. Министерот Чокревски употреби сила како министер на полицијата, а полицијата е на Владата. Да беше таа употреба неефикасна, да доведеше до многу повеќе крвопролевања со оглед на тоа што беше во прашање организиран и планиран бунт со молотови коктели, да беа поразени силите на полицијата затоа што молотови коктели служат за тоа да се нанесе пораз, пак ќе беше виновен министерот Чокревски. Од него како министер пак ќе се бараше оставка.

Со тоа сакам да кажам дека господин Чокревски како човек е должен во прв ред да биде добар и хуман човек. Господин Чокревски како професор е должен да биде во прв ред компетентен професор, што значи добар и морален професор. Како министер на полиција истиот тој човек е должен да биде во прв ред ефикасен министер.

III/6.-

Секој што ќе каже ефикасност треба веднаш да подразбира енергија и сила. Полицијата е сила и тоа физичка сила. Таму каде што доаѓа до употреба на сила, односно на полиција понижувањето е за жал неизбежно. Една ефикасна сила е груба сила. Една нежна или мека сила не може да биде ефикасна сила.

Може да советува госпоѓа Рен на пример во поглед на употребата на сила секој полицаец во едната рака да ја држи етиката на Аристотел а пак во другата рака својата автоматска пушка, што не е неизводливо, што не е дури ни лошо, што е дури и добро. Убаво, но јас мислам дека понижување има и тогаш кога човек добива шамар и тоа заслужен шамар, а не само тогаш кога добива удар со пендрек или со друго тврдо средство, како што обично се вели.

Со тоа сакам да кажам дека господин Рамадани кога ја оценуваше одговорноста на господин Чокревски од хумана перспектива ја изостави аргументацијата од една друга, функционална перспектива. Затоа ценеше еднострано, затоа ценеше пристрасно.

И не само тоа, господин Рамадани не е во право и од морална гледна точка. Еве како ќе го објаснам тоа. Кога мене на пример лицето Џафери ќе ме нарече митски човек и со тоа фиктивен и непостоен човек, јас сум не само повреден туку и еден навреден човек. Моја должност е од морална гледна точка да му се спротивставам на тој што навредува и повредува затоа што е должност тоа на секој човек достоен за почит. Во спротивно, со право ќе ме прогласат за кукавица и за плашлив човек. Кукавичлукот и плашливоста не се како што се знае особини на човек достоен за почит. Јас имам таква должност, но исто така јас сум исправен пред избор, да му вратам со иста мера на Џафери со тоа што ќе речам дека не јас, дека тој е митски, фиктивен и непостоен човек, со што ќе му го дадам токму тоа што го бара. Ќе му дадам можност за бескрајна и исцрпувачка кавга. Тоа е првата можност.

III/7.-

Втората можност е да објаснам што сака да постигне, тој Џафери, кога ме нарекува митски, фиктивен и непостоен човек. Со што ме навредува и со што ме повредува. Да ја разоткријам неговата намера со навреди и со повреди да постигне некоја цел. Да покажам како тој со неморални средства сака да постигне нешто, да докажам дека морална цел не може да се остварува со неморални средства.

Првиот избор е многу поефикасен од вториот затоа што е поефикасен тој избор е и посилен. Содржи енергија и сила затоа што како што веќе кажав ефикасноста е само друго име за енергијата и за силата.

Вториот избор е многу поразумен, но затоа пак од практична гледна точка многу понеефикасен.

Очигледно е дека и двете постапки имаат крупни слабости. Затоа што имаат крупни слабости треба да се наречат лоши постапки. Разликата се состои само во тоа што едната е помалку, а пак другата повеќе лоша постапка. Токму затоа и се вели дека во животот човек не може да избира меѓу добро и лошо. Секој човек во животот може да избира само меѓу повеќе лошо и помалку лошо.

Така и министерот Чокревски не само како министер туку и како човек не може да биде никогаш во состојба како што не бил ни тогаш кога донесувал одлука како и кога ќе интервенира полицијата да избира меѓу лошо и меѓу добро. Тој бил само во состојба да избере само меѓу повеќе лошо и помалку лошо. Впрочем сега кога станува збор за тоа, но и секогаш, треба да се има предвид следново. Многу полесно е да се биде добар човек, многу потешко е да се биде праведен човек, а по некогаш и неможно.

Кога потсетувам на тоа не го правам за да го бранам министерот Чокревски и тоа како министер на полиција. Го правам само за да

укажам, постои не помала одговорност кога се бара одговорност. Тогаш треба да се имаат предвид аргументите од сите три сфери. Хумана сфера, морална сфера и функционална сфера. Не може да се бара одговорност за функционално дело со хумана аргументација и обратно.

И, освен тоа, ако ја лоцираме таа одговорност на инструментот затоа што полицијата е инструмент во рацете на Владата, а Владата инструмент во рацете на Парламентот ние тогаш даваме јасен доказ дека избегнуваме и најмала елементарна одговорност. Со самото тоа што избегнуваме и најмала елементарна одговорност директно потврдуваме дека сме одговорни, но не и тоа дека сме способни да ја понесеме таа одговорност.

Токму во таа смисла јас ги разбирам зборовите на господин Хисен Рамадани кои ќе ги повторам уште еднаш. "Сите сме одговорни затоа што забораваме дека по нашите зборови следуваат конкретни дела, а тоа се меѓуу другото и наши дела.

По нашите агресивни, неумерени и брутални зборови следуваат агресивни неумерени и брутални дела. Во таа смисла и ние имаме удел во настаните во Гостивар. Во таа смисла јас сум должен да го изразам своето длабоко жалење и сочувство до семејствата на загинатите како и до сите оние што биле повредени и навредени, вклучително и оној полицаец кој прв беше удрен со лопата и по кое почна се. Другото многу добро го знаеме сите.

Благодарам.

**ТИТО/ШЕТКОВСКИЈ:**

Господин Кадриу бара процедурално.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Јас, навистина не сакав да излезам на говорница, но жалам што испаднат толку големи навредливи зборови. Конкретно се спомнуваше претседателот на партијата г-дин Арбен Џафери и Руфи Османи, што ценам дека не е денешна расправа, што ценам дека овој парламент, ова Собрание не треба тоа да го толерира и, на крајот на краиштата денеска расправаме, за жал, трет ден за Информацијата во врска со настаните во Гостивар и Тетово, а не расправаме за персоналитетот на г-дин Арбен Џафери и г-дин Руфи Османи.

Заради тоа, уште еднаш го молам и претседателот на Парламентот, ги молам и сите други пратеници да се воздржат на дневниот ред, бидејќи секој си има право да се лути некому. А, се знае, една народна поговорка вели: "Големите дабови секогаш повеќе ги дува ветерот " .

Јас никогаш не сум спомнал конкретен човек кој не е тука присутен, а не треба ниту еден од пратениците да го дозволи тој луксуз, бидејќи со тие закани, со тие пцовки и со тие навреди, само може да се влоши ситуацијата, а не да се придонесе во тој аспект.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, оваа интервенција на г-дин Кадриу не ја прифаќам од едноставна причина што не е принципиелен, што не е доследен. И претходните два дена јас не бев на дневен ред па г-дин Кадриу 10 минути ни посвети.

IV/2.-

**ЗЕКИ КАДРИУ**: ( Станат од место)

Вие бевте присутен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Ве молам, седнете си Вие, а г-дин Џафери е пратеник во овој Парламент и никој не му смета да дојде на седниците. Напротив, со тој чин најилустративно покажува каков однос има кон Парламентот.

Ве молам, седнете сега.

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Г-динот Љупчо Поповски во своето излагање, барем јас така запишав, напомна дека Гостивар мораше да се случи. Јас денеска ќе зборувам, што Владата односно актуелната власт на СДСМ и ПДП требаше да направи Гостивар да не се случи.

Гостиварските настани длабоко ги вознемирија граѓаните на РМ, независно дали се во прашаше македонци, албанци, срби, роми, власи турци и други. Дали овие немили односно трагични настани што однесоа и човечки животи и одново ги заладија и така не многу стабилните меѓунационални односи помеѓу албанците и македонците можеа да бидат спречени?

Господа пратеници, јас мислам дека можеа тие настани да бидат спречени. По мое мислење и длабоко убедување тие можеа да бидат спречени доколку полицијата реагираше непосредно по Одлуката она Уставниот суд, давајќи секому на знаење дека одлуките на државните

институции не одложено мора да се спроведуваат, односно знамињата на албанската и турската народност требаше веднаш да бидат симнати.

Не е точно дека полицијата немаше време тоа да го направи по Одлуката на Уставниот суд. Имаше доволно време и Владата да донесе таква одлука и тоа да се направи. Во случај ако полицијата интервенираше по Одлуката на Уставниот суд, таа тогаш интервенција беше недозволено задоцнета. Доколку пак интервенцијата на МВР се базираше врз основа на донесениот Закон што го донесе овој дом , т.е Законот за употребата на знамињата на националностите што беше донесен во вечерните часови пред интервенцијата, тогаш реагирањето на полицијата е преурането. Зошто не се даде минимум време знамињата на албанската и турската националност да се симнат од јарболите?

Знаеме како се донесе тој Закон. Знаеме дека тој Закон за употреба на знамињата каде што албанското и другите знамиња ќе се вејат во Македонија го донесе конкретно коалицијата односно пратениците на СДСМ, ПДП и Социјалистичка партија. Исто така не сериозен е и на- чинот како овој Закон стапи на сила. Тоа не би сакал да го коментирам. Доста во печатот и овде се говореше.

Се сомневам дека ова беше изведено со цел да се минимизира односно манипулира со реакцијата на македонскиот народ во врска со овој Закон што го изгласаа коалиционите партнери на актуелната власт односно СДСМ, ПДП и СП, а со кој Закон се овозможува односно дава законско право знаме на туѓа држава, во случајов Албанија да се употребува на територија на РМ и верувајте, се успеа во тоа.

Последните настани укажуваат дека овој Закон не само што беше противуставен, на што укажаа повеќе пратеници од ЛДП туку и апсурден за што се изјаснија и сега, при посетата на нашата држава

IV/4.-

Парламентарната делегација на Бундестагот на Сојузна Република Германија. Рековме дека таков закон е на сила уште во 3-4 држави. Во Словенија сега ќе падне бидејќи се покажа дека е неуставен.

Со тоа се успеа во манипулацијата бидејќи вниманието на јавноста беше свртено кон брзопотезните настани во Гостивар, додека реакцијата во врска со донесениот Закон за кој сметам дека е клучен во целата оваа работа за употреба на знамињата на националностите беше потисната. Но, убеден сум , не за долго време, бидејќи тие исти знамиња за кои полицијата интервенираше сега ќе почнат да се вејат во Македонија.

Гостиварските настани во едниот и другиот случај тврдам дека можеа да бидат спречени доколку по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд, до интервенцијата на МВР имаше доволно временски простор политичките партии на албанците, односно нивните челни личности да делуваат оваа Одлука да биде испочитувана и неизоставно применета Напротив, тие ги подржуваа и со својот однос практично ги храбреа градоначалниците и сите други кои не ги почитуваат законите на оваа држава.

Задоцнета е и реакцијата на пратениците албанци кои, на некој начаин се обидоа за време на настаните да интервенираат што не беше доволно. Туку и тие беа должни, имајќи го кредибилитетот на пратениците да делуваат на албанскито фактор.

Длабоко сум убеден дека однесувањето на албанските пратеници е дволично, дволично зошто ништо не направија за да не дојде до ваква разврска на настаните, а сега, последнично, некои од нив во Парламентот, па не само тие и некои од СДСМ, со својот театрален настап настаните ги споредуваат со фолокауст, фашизам и што уште не друго.

Ваквите квалификации се недобронамерни затоа што се даваат пред целокупната македонска јавност. Сигурен сум дека можеби полицијата или поединци од неа да делувале надвор од рамките на дозволеното, но оценките ќе треба да уследат од Извештајот на владината комисија што е формирана за таа цел.

Уште еднаш Парламентот се стави од страна на Владата во подредена положба, разгледувајќи Информација на МВР, наместо од Владата и да расправа пред да имаме валидни оценки од Владата и Комисијата.

И на крајот, сакам да заклучам дека настаните во Гостивар можеа да бидат спречени доколку актуелната власт, на чело со СДСМ, ПДП и СП нормално, не тактизираше и тоа не успешно тактизираше како што и сеуште тактизираат со таканаречениот тетовски универзитет, однесувајќи се од случај до случај, а не штитејќи ја законитоста и уставноста на оваа држава.

Ваков неодговорен однос на актуелната власт, на коалиционата власт и понатаму може да продуцира кризни состојби и во останати свери, за што имаме и многу примери до сега. А, последиците од нив, како и секогаш досега ќе ги трпат граѓаните на РМ.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Милчо Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, господине министре, дами и господа,

IV/6.-

Најпрво би сакал свечеио и јавно да изјавам дека ниту оваа дискусија што следи ниту било која дискусија претходно не е резултат на партиски договор ниту минала низ партиска цензура. секоја сличност со дискусија на било кој пратеник од мојата партија е случајна. Но и нормална за пратеници кои прифатиле одредена апртиска програма.

За односот кон овој проблем во другите партии не сакам да дискутирам, сепак, тоа е внатрешно партиска работа.

Дискусијата ќе ја читам од едноставна причина што сакам да бидам концизен и не одземам премногу време на Парламентот. Не мислам дека јачината на аргументацијата е во должината на говорот, туку во тежината на зборот.

Дозволете ми да го изнесам својот став кон гостиварските настани, неможејки при тоа да ја одбегнам нивната суштина, меѓунационалните односи. Почувствував дека на тоа имам право и обврска после три години седење во собраниските клупи. Не дека досега немав желба да дискутирам. Едноставно мислев дека повторувањето на веќе изнесените ставови не би придонело во решавањето на проблемите.

Имам впечаток дека секогаш кога на дневен ред беа меѓународните односи во Парламентот владееше посебна атмосфера. На една страна беа група пратеници кои агресивно, без скрупули во поедини случаи и без мерка ги изнесуваа своите ставови, пронаоѓајќи го национализмот на друга страна. А, истовремено немаа волја ниту доволно сили тој национализам да го откријат и во своите ставови. Грубо кажано, албански национализам не постои, постои само македонски.

Наметната игра на моменти функционираше, па некој требаше цело време да ги оправдува своите постапки и да се брани. И, тогаш кога за тоа немаше потреба. Не мислам дека тоа би се објаснило со чувство

на кривица, туку едноставно со желба за градеше на едни граѓански и европски односи во кои не може цела политика да се толкува преку националните односи.

За жал, сто тоа на моменти не беше доволно потенцирано , па од надвор добиваше друга димензија. Како едните да беа задолжени постојано за создавање еден конструктивен парламентарен амбиент и тоа бреме цело време да го носат на грб, а другите, истовремено, не оптоварени, да зборуваат и прават што сакаат. Ако Македонија е заедничка држава, за што цело време декларативно се изјаснувате дозволете тогаш заеднички да го понесеме товарот во име на оние што ги претставуваме во Парламентот.

Би сакал да кажам дека не сум националиста. Личноста не ја гледам од каде доаѓа туку што носи во себе. Нема добри и лоши нации. Има добри и лоши луѓе. Заговорник сум на имплементација на највисоките стандарди за почитување на човековите права на националностите во државата. Горд сум на тоа што нашата држава зазема високо место во Европа во однос на овие стандарди и дека и понатаму работи на нивно подобрување.

Меѓутоа, ќе извинете, но не можам да прифатам политика на довен аршин во ставовите на одредени пратеници по оваа тематика.

Многу ми се допадна една реченица на мојот почитуван колега албанец. "Ниту еден човек не може да биде среќен ако го гази достоинството на другите". при тоа мислеше на односот кон албанската националност. Се прашувам дали мислеше и на односот на неговите колеги албанци кога заедничката држава ја нарекуваа БЈРМ, македонскиот народ славо-македонци и хибрид, а претставниците на државата ги споредуваа со Хитлер, Химлер и Гестапо? Дали не беше газење на достоинството на оваа држава мавтањето со знаме на туѓа држава од

парламентарнава говорница на македонскиот парламент? Зошто во ниту еден во овие случаи колегите албанци не застанаа во одбрана на достоинството на оваа наша заедничка држава?

Во однос на темата на расправата имам впечаток дека се тргнува од опашот кон главата. Се занимаваме со последиците, а не сакаме да ги гледаме причините.

Факт е дека имаше Одлука на Уставниот суд за симнување на знамиња на националностите. Факт е дека постоеше ново донесен Закон за употреба на знамињата на националностите. Факт е дека, како во секоја демократска држава, полицијата, почитувајќи ги институциите на системот е должна да ги спроведува нивните одлуки. Ова се факти што постојат. Меѓутоа, ретко кој ги посочуваше во расправата.

Имаше дискусии дека требало уште малку да се почека околу спроведувањето на Одлуката. А, помина веќе еден месец. Уште колку да се чека и што да се чека? Прашувам, во која демократска држава се преговара за Одлука на Уставниот суд? Дали тоа не води кон рушење на дигнитетот на институциите на државата, а со тоа и на неја самата? Не можам да сватам поедини говорници кои сеуште се повикуваат на Уставот од 1973 година и на Законот од 1983. Без оглед на тоа колку минатото ни изгледа поубаво, господа, ние живееме во 1997 година, кога имаме нов Устав во нашава држава и нов Закон за употреба на знамињата, што го донесе токму овој состав на Собранието.

Објективната реалност мора да се прифати без оглед на тоа како сме романтичарски расположени кон минатото.

И, кога сумкај Уставот на РМ што, како што рече еден пратеник, цитирам "Каков-таков треба да послужи како фундамент на оваа расправа". Уставот не е самопослуга па од него да земаме она што ни

треба, а другото да не го забележуваме и да го оставаме. сакам да потсетам, двајца говорници низ чија дискусија провејуваше тезата меѓу албанскиот и македонскиот фактор, во Преамбулата на Уставот стои дека РМ е држава на македонскиот народ и на повеќе националности. Би се согласил со претходните тези ако се мисли на преговори на Р Албанија и Р Македонија, во кои би станало збор аз изедначување на правата на националностите во обете држави. Инаку, мислам дека Парламентот е правото место каде треба да се решаваат проблемите со дискусии и договор] на претставниците на граѓаните на РМ.

Затоа, не би се согласил со тезата за "недоречен статус на албанците во Република Македонија". И покрај одредени пропусти и слабости јас би бил среќен кога и припадниците на макдеонскиот народ во соседните држави би ги имале оние права што ги има албанската националност во Македонија.

Повеќе говорници зборуваа за албанското расположение и анти албански дејствија спомнувајќи ги: Гостивар, Бит Пазар, Мала Речица. Еден говорник го спомна и Куклеш. Дали во овој случај може да се зборува за антимакедонски дејствија на полицијата или пак за практиката полицијата да го брани редот и мирот на институциите на системот, бил од која страна да се нападнати?

Околу Одлуката на Уставниот суд имавме едно лингвистичко толкување на истата од еден пратеник. Јас сепак мислам дека Одлуката е јасно напишана освен за оној кој не сака да ја чита. Додека македонскиот јазик, сепак, најдобро го познаваат чиј што е мајчин јазик.

Би сакал искрено да изразам длабоко жалење за изгубените животи, како и за повредените граѓани на РМ. Додуше, никој не ги спомна и повредените полицајци кои си ја вршеа својата должност.

IV/10.-

Се надевам дека надлежните институции во системот ќе спроведат истрага и ќе санкционирано секое пречекорување на овластувањата. Притоа мислам и на посочените примери на пљачка, ако се докаже дека се вистинити.

Нешто околу одговорноста на заслучените настани. Дали е одговорен оној кој со своето однесување ги предизвикал и цело време активно ги подржувал настаните или оној кој морал да ги спроведува своите законски ингеренции? Да ги брани и спроведува одлуките на ин- ситуациите на системот.

V/1.- ДВ/ЉР

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:** (продолжение)

Прашувам, прво кој не сакаше ниту после еден месец да ја спроведе одлуката на Уставниот суд за симнување на знамињата. Кој јавно зборуваше дека ќе ги спроведува оние закони и одлуки на институциите кои му одговараат, а другите не. Кој јавно повикуваше во одбрана на Албанскотознаме. Кој организираше стражи покрај знамињата кои потоа испаднаа недолжни минуваче, во 03 часот изутрина, кои случајно се шетале околу просторот со знаме,. Кој го организираше недолжниот народ, спонтано во бројка од 10 илјади, да се доберена местото на настанот. Кој прв почна со физички обрачун и кој прв почна. Ако е тоа полицијата и ако таа била спремна за геноцит и за претварање на РМ во Руанда, како што тука беше нагласено. Зошто тогаш истото тогаш не го направила и во Тетово и во други градови во Западна Македонија, па и таму живее албанска националност. Во спроведувањето на таа своја "монстриозна" идеја полицијата не мораше да чека цел ден туку уште од моментот на запоседнување на знамето можеше, согласно предложената теза да го касапи и истребува недолжното албанско население. Ако таква била намерата на полицијата . Дали тогаш ќе погинеле само тројца граѓани со кои искрено жалам, или пак ќе биле 3.000. Повторувам станува збор за директен контакт меѓу маса од 10.000 граѓани и попрофесионално обучени полициајци и дали зад сето тоа не стои одредена политичка структура која свесно буткајки го недолжниот народ како штит напред, сакала да ги оствари своите мрачни цели. Дали одговорноста не е на страната на оваа структура која не му мсили добро ниту на својот народ, а уште помалку на РМ. И што требаше да направи полицијата во моментот кога беше притерана до ѕид да интервенира, или пак да се повлече. Повлекувањето значеше крај на функционирање на институциите на системот и почеток на крајот на РМ како држава, без оглед на тоа како тоа драматично звучи.

V/2.-

Еден почитуван пратеник рече дека во гостиварските настани е изгубено чувството за реалноста. Тоа е точно, но не од полицијата туку од страна на одредени политички извори на албнаската нациоанлност кои со своите постапки покажаа дека не е почитуваат сопствената држава ниту нејзините институции и закони. Заборавија дека ова е РМ, дека е оваа држава има Устав и закони кои ги донесува овој законодавен дом, како институции кои треба да ги спроведуваат. Заборавија дека како граѓани на РМ тие треба и мора да ги почитуваат законите и Уставот. За ние кои поинаку мислат и поинаку дејствуваат, независно дали се работи за Македонец, Албанец или било која друга националност не им е место на оваа држава.

На крајот ќе бидам пристоен и директно ќе ви се обратам г-дине Чокревски. Се надевам дека до крајот на својот мандат одговорно и принципиелно ќе а извршувате својата функција како министер за внатрешни работи, исто онака како што досега го правевте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, најпрвин едно појаснување, а потоа и една забелешка.

Појаснувањето е, доколку изразот на лицето ни е заканувачки знаете дека тоа не е намерно, туку јас природно така изгледам, и немам намера да се заканувам,

Забелешката е во однос на тоа што веќе станува опасно тука да се дискутира слободно, слободно да се изнесува мислењето, затоа што компетентни луѓе ги анализираат институциите и постои опасност да извлечат неточни заклучоци според кои ќе се раководат поголем дел од пратениците.

V/3.-

Денеска станува збор за информацијата на Министерството за внатрешни работи. Сосема е разбирливо дека имаме различни гледања по таа Информација, без разлика дале е таа потполна , објективна, непотполна, необјективна, еднострана итн. Добро е да беше и потполна и објективна, но не е. Но, тоа за мене сега не е најбитно.

Ние требаше и треба да дискутираме за тоа дека, а тоа е битно, нам ни се случи Гостивар со сета своја димензија и на начин како што се случи тоа. Се случи после три или четири месеци откога овој дом усвои Декларација според која јасно изрази определба дека евентуалните недоразбирања во меѓуетничката свера ќе ги разрешува по пат на дијалог меѓусебно уважуваше, толеранција итн. Како што е познато таа Декларација од огромното мнозинство пратеници од овој Парламент беше изгласана и доставена до сите релевантни меѓународни организми за да каже дека определбата на релевантните политички сили во РМ е, евентуалните спорови од меѓуетничката свера да ги разрешат по пат на дијалог меѓусебно разбирање, толеранција и др. И тоа беше добро. Како што беше познато и нашата политичка партија, партијата на чие чело моментално се наоѓам јас, гласаше за таа Декларација.

Неколку месеци после тоа, ние дали се откажавме од нашата определба? Поточно ние денес треба да дадеме одговор на прашањето дали мораше, дали беше неопходно да се случи Гостивар така што се случи.

Јас ке се обидам, не сум многу сигурен во успехот, но ќе се обидам да ве убедам дека тоа не смееше да се случи, затоа што многумина овде, али во Информацијата јасно стои дека акцијата е превземена за да се спроведе Одлуката на Уставниот суд. Без оглед на тоа како ние гледаме на таа одлука, без оглед на политичкиот став на таа Одлука ние спаѓаме во групата на луѓето кои сметаат дека одлуките и законите

треба да се почитуваат и тоа перманентно го докажуваме и во практиката. Без оглед на тоа колку сме задоволни од нив, спаѓам јас во групата на луѓето кои што сметаат дека и лошиот закон треба да се почитува, не треба да се настојува тој лош закон да се менува или да се подобрува и тоа перманентно го чиниме. Не амнестирам никакви ниту неумерени, неодмерени политички изјави, повици итн.

Ќе се обидам строго правнички да кажам што мислам за спроведување на Одлуката на Уставниот суд. во моментот ќе прифатам дека било неопходно да се интервенира со полиција за да се симне знамето затоа што беше барање доставено во одлуката на Уставниот суд. Отидено е со полиција, со голем број или со мал број, не е битно, симнато е знамето, веројатно требаше знамињата да се симнат, околу два или три часот околу ПОЛНОЈС И после тој период полицијата ги заседе главните приоди по улиците на градот, се забаракадира и чека, нешто по извршувањето на одлуката да си замине од каде што е дојдена. Прашањето е многу логично, зошто полицијата после извршувањето на Одлуката се забаракадира по улиците и чека да се собере народ и тоа чека упорно 12,30 часа, од 03 после пола ноќ до 15,30 после пладне. Господа ако намерата била да се спроведува одлуката, полицијата немала што да чека. Прашањето е во нешто друго.

Тука денес еден пратеник спомна, министерот со првото свое обраќање до Парламентот исто така спомна, претседателот на Републиката исто така спомна дека не се работи тука за спроведување на судска одлука. Се работи за тоа да се порази една политичка определба, да се порази еден политички концепт, да се порази политичкиот концепт, односно програмските определби на албанските политички партии. Водете сметка што велам затоа што бака беше речено.

V/5.-

Проблематично е сега да се оправдува оваа акција која е превземена со цел да се порази еден политички концепт, да се поврзува со Одлуката на Уставниот суд.

Јас сум должен овој пат, по кој знае кој пат да повторам дека политичкиот концепт на ПДП е неколку пати јавно обелоденет. Тој е содржан во Програмата и гласи - ангажирање за потполна граѓанска и национална рамноправност на албанците во РМ. Обидите со разни манипулации да се импутира нешто друго дека е тоа концепт за созравње на голема Албанија, дека е тој концепт за создавање на паралелен систем за федерализација на Македонија итн. се само повод да се обиде да се порази овој концепт. Јас најсериозно молам, ако тука немаме согласност, ако некоја политичка партија во Македонија, поединец или група не е согласен за рамноправнсота на Албанците во РМ, за тоа треба да разговараме, а јас не верувам дека ние од тоа не се откажувавме.

Второ, дали навистина се смета дека политичкиот концепт треба со сила да се урива, дали против политичкиот концепт може да се војува и на друг начин со докажување, упорно докажување дека тој е неодржлив, дека тој е погрешен, дека се засновува на заблуди за кои еден од пратениците доста говореше, без оглед дали ги прифаќам или не ги прифаќам. Ние место тоа чекавме, планерите на акцијата чекаа до 03,30 часот да им се оствари планот и изгледа тука им затаила петтата колона, меѓу масата. И додека таа петта колона била ставена во движење за од масата да произлезе нешто кое ќе даде повод да се интервенира и применува силата. Имам сериозни укажувања дека врвот на полицијата бил во нервоза, зошто од масата не се прави некоја глупост, односно зошто инструираните луѓе во масата не ја започнуваат акцијата на која треба да се даде соодветен одговор. Тоа е суштината

на проблемот. Ја кажувам оваа суштина заради овие кои не се информирани, Инаку многумина од вас тоа што го знам јас, го знаете и вие.

Многумина дискутанти од пратеничките групи на се обидоа да кажат што се случи после 03,30 часот односно 15,30 часот. Тоа останува монолог затоа што тоа никого не го интересира, а случувањата се после тоа. Тука веќе не треба да се разликуваме во тоа на која политичка партија и припаѓаме, какви партиски задачи сте примиле, кава ние политичката провиниенција итн. Во прашаше е нешто друго. во прашање е нашиот однос кон една сила невидена во овие простори во последните 50 години, на еден голем степен на анимозитет покажан спрема и недолжните луге. Јас со тоа не се занимавам, но кажувам, импресии кои имаат политички индикации.

Сега се поставува прашањето, а судејќи според досегашниот начин на водење на расправата по оваа точка. Имено мене ми се псотавува едно интимно суштинско прашање, ми се поставува мене а јас кажува: јавно. Дали пропаѓа политичкиот концепт на партијата за демократски просперитет кој се засновува на тоа дека треба да се соработува во македонските политички партии, треба да се земе активно учество во власта, треба да се придонесува во изградбата на РМ, на демократскиот систем итн. Ако некој ни рече да, тој концепт е пропаднат, јас го молам да ми каже која е алтернативата. Јас не знам за алтернатива. Јас се плашам да помислам која би била алтернативата. Тогаш дали преостанува да ги отвориме добро очите зошто, тоа што тука некој рече дали има албански национализам, односно никој не признал дека има. Како не признал. Сите признаваат дека има, као што има македонски национализам. Кој народ е имун од национализмот. Дали има екстремен македонски национализам, има. Дали има екстремен албански национализам има.

Сега пред нас се поставува едно суштествено прашање. Ако ние неколкумина тука се декларираме и кажеме јас не сум националиста, еве јас ќе кажам дека не сум. Но, наша е задача дали ние ќе пливаме во водите на сопствениот национализам и дали со концесиите што им ги даваме на сопствените националисти, ние практично се откажуваме од тоа што сме рекле дека оваа држава е заедничка држава на сите рамноправни граѓани итн. За мене ова е мошне сериозно и мошне чувствително прашање и повикот мој тука е, значи ние денес не расправаме за политички определби, партиски определби, ние денес се наоѓаме пред еден доста значаен испит. Ние мораме да го положиме овој испит, не смееме да паднеме на овој испит, а тоа е испит по хуманоста.

Еден пратеник тука денес предложи, Собранието прифати да оддаде минута молчење за поминатиот полицаец. Јас тој повик не го почитував не заради тоа немам почит кон починатиот, туку поради тоа што имаме различни аршини на мерење на нештото.

**АБУРАХМАН АЛИТИ**: (продолжение)

Жртвата е жртва. Истата не може да биде поголема, ако е од албанска националност или обратно. Но, еден дискутант тука зборуваше и за некои заблуди, со едни од нив се согласувам , со други не, меѓутоа тоа не е битно. Меѓутоа, почитуваниот колега заборави да спомне и една заблуда, но сопствена заблуда. Тој спомнуваше само туѓи заблуди. Дали е заблуда денеска да се излезе со тезата дека албанците во РМ се дојдени во XVIII век, и да е точно дека албанците дошле во XVIII век на овие простори, не е точно дека тие дошле во Република Македонија. Ако имало такви движења, имало движења во рамките на отоманската империја. Дали е тоа голема заблуда, да се тврди дека дошле во РМ и дали врз основа на таква заблуда може да се гради некоја иднина, врз основа на тоа кој кога дошол итн. Да бидеме реални и во времето и во просторот. Ние сме тука. Ние треба да живееме тука. Да ја градиме оваа земја заедно но претходно да ги изградиме институциите на системот. Демократските институции на системот. Во таа изградба ќе учествуваме сите. Ако се следи концептот дека сите албанци се сепаратисти , националисти, ние не треба да разговараме на овој начин. Ние сериозно треба да размислуваме за друг начин на решавање на проблемот. Јас се извинувам, јас не карикирам, јас цитирам. Сите албанци се сепаратисти. Со кого тогаш ние разговараме тука? И дали треба воопшто да разговараме? Јас ќе завршам, иако немав намера воопшто да се јавам за дискусија, ќе завршам со тоа . Оваа седница ќе заврши. Оваа седница мора да има епилог. Би било несериозно ако три или четири дена расправаме без соодветен епилог. Ние ќе се обидеме да предложиме некои заклучоци уште се надеваме дека може и да поминат.

VI/2

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дин претседателе, почитувани колеги јас ќе се обидам во еден релативно разумен временски интервал да ги изнесам моите опсервации во врска со крвавите девеојулски настани во Гостивар иако лично сметам дека периодот од речиси два месеци кој што помина по овие настани е доволно долг период за да резултатите од оваа парламентарна расправа се минимизираат и да имаат далеку помал ефект од ефектот што можат да го имаат доколку се расправаше навреме. Немам подготвено пишан текст, од причина што бев лично ангажиран во третирањето на очевидец на службите кои ги третираа повредените и имам одредени созданија и токму од гледна точка на лекар хуманист, од таа гледна точка ќе го анализирам проблемот. Меѓутоа, за прв пат после тригодишните мои истапи на оваа говорница каде се обидував со бирани зборови и согласно со основните елементи на пристојно однесување да укажувам на одредени последици од одредените законски проекти кои што доведуваат до маргинализирање на поедини национални колективитети во РМ овој пат ќе зборувам во духот како припадник на мојот етнос, за турскиот етнос. Само да ве потсетам дека неполно една година по усвојување на Загонот за локална самоуправа и негово практицирање на нашиве простори , се покажа дека од она што го зборував на оваа говорница се реализира дефакто во пракса. Турскиот јазик е дефинитивно исфрлен од службена употреба во РМ , од причини што и во општините каде што припадниците на турското население живеат во значителен број или во мнозинство, со одлука на советите на тие општини, не е во службена употреба турскиот јазик и сеуште притужбите до Министерството за правда и до Владата на РМ не вродија со плод. Има две или три општини кои што се чесен исклучок.

Втора работа, после ова следува Закон за употреба на знамињата во кој што дефакто, повторно еден симбол кој што бил континуирано користен од турскиот етност на овие простори се исфрла од употреба. Зошто ова го напомнувам? Ова го напомнувам од причина што согласно со определбите на демократската партија на турците и стратегијата на неговото делување , ние упорно настојуваме да не применуваме популистички методи кои што и досега не сме ги применувале, со ниеден акт, со ниедна активност буквално не сме ги загрозувале меѓу-националните односи во РМ. За жал од оваа говорница одговорно тврдам, иако не бев присутен на претходната парламентарна расправа тврдам дека поголемиот стап го изедоа турците на гостиварските настани, од при- чина што на теренот кај што се одвиваа настаните беа улиците "Браќа Џиновски" и "Кочо Зози" и "Дебарската улица" во огромен процент живее и турско население. Најголемиот дел од тоа население подебелиот крај го извлекоа во доцните вечерни часови кога силите на Министерството за внатрешни работи влегуваа по куќите на луѓето кои што се населени на тој реон. Јас само да ви наспоменам ако веќе сакаме да почитуваме Устав , Уставот вели вака во член 11: "физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени се забранува секаков облик на мачење, нечовечко или понижувачко понижување или казнување". Ова господа го вели Уставот. Не го измислив јас и ќе одиме уште понатаму. Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознаено со причините за неговото повикување, приведување или лишување од слобода и со неговите права утврдени со закон и од него не може да се бара изјава. Не знам дали во доволна мера МВР ги има почитувано овие одредби од Уставот на РМ.

Само уште нешто, да бидам достоен до крај. Да ве потсетам дека јас во моиве досегашни настапи на оваа говорница никогаш не сум ја окривувал само едната страна. Во врска со предлог на декларацијата за

меѓуетничките односи во духот на толеранцијата, дијалогот и взаемното почитување и доверба кој што јас ревносно го потпишав и кој што упорно го бранев од оваа говорница, само да ве потсетам на дел од цитатот што овде од оваа говорница го изговорив. Затоа дами и господа се поставува прашањето, а зад одговорот ќе се препознаат поедините политички субјекти. Дали е демократија да се фор- сира идејата до сопствени поголеми права да се доаѓа преку помалите и послабите. Демократија ли е квантумот на човековите права да се дистрибуира преку математички параметри. Демократија ли е зад студентките протести да се крие квази загриженоста на политичките субјекти за наводна загрозеност на службениот јазик и суверeноста на РМ. Демократија ли е преку борбени повици и шовинистички  пароли да сее омраза со единствена цел да се хомогенизира сопствениот етникум. Демократија ли е под плаштот на некој си патриотизам да се блати сопствената земја и нејзиниот патриотизам. Демократија ли е на овој мал простор да се тренираат мегало идеи чии нус производ е само крв и ништо повеќе. Демократија ли е медиски да се сатанизираат и повикуваат на линч оние кои се осудуваат јавно да го искажат своето мислење. За жал, ова веројатно некој не го слушал и не го анализирал и падна крв. Падна крв во Гостивар, никакви зборови на хуманост неможе да ги поврати животите на тие што починаа, никакви убави зборови од оваа говорница не можат да ги залечат раните на тие кои што биле повредени, меѓутоа се поставува овде едно друго прашање на кое што јас овде сакав да се осврнам. Прекршени се одредени норми на Уставот, приведувани се луѓе и наредниот ден без претходна најава на полициски час и забрана на движење , пречекувани се луѓе кои што оделе и кои што се враќале од работа, овие се работи кои се сигурни, точни .- Ние како политичка партија се обидовме да воспоставиме контакт со претставниците на МВР, се сретнавме со г-динот Верушевски, речиси повеќе од

едночасовен разговор ги искажавме нашите ставови дека према она што Демократската партија на турците и према начинот на кој што ја изразуваат лојалноста, турското население на оваа држава непримерено е да го издад подебелиот стап , меѓутоа за несреќа"конецот се кине кај што е тенок", сендивч позицијата која што ја имаа е многу незавидна , јас ќе се обидам и во мојот натамошен мандат од оваа говорница да укажувам на некои работи и ја повикувам Владата по тој однос да направи некои корекции, за што не е убаво , не е убаво за РМ во меѓународните размери, а не само заради правата и обврските што ги имаат припадниците на националностите на овие простори. До МВР односно нејзините структури и служби. Информацијата содржи ана- лиза на настаните по сопствена оценка и мерила, извршена е селекција на материјалот и обратена е Информацијата на начин која во џелина е насочена кон оправдување на настаните. Информацијата не ги содржи сите аспекти, туку се изнесени одредени факти по сопствена процена со намера изготвувачот на Информацијата да ги потенцира моментите кои ги оправдуваат активностите . И правилата на парламентарна демо- кратија налагаат да се обезбеди систем на јавна и општествена контрола врз база на Уставот и на законите на сите органи на власта. Не смее никој од нив да биде затворен, недостапен за контрола, ниту да има монопол врз сверата на своето делување. Самиот факт што одредени претставници на Владата не биле запознаени со акцијата кажува дека дел од тие служби функционира на овој начин. Меѓутоа би било сосема нечесно да критиката да биде насочена кон МВР во целина, при тоа би било сосема неправилно критиката да биде насочена кон МВР во целина што би било необјективно, несоодветно на актуелните состојби , туку би имало и негативни последици во функционирањето на нејзините служби и структури.

Министерството за внатрешни работи и Владата во целина мора да надат сила да ги идентифицираат поединците кои ги пречекориле овластуваната и да ги изнесат пред лицето на правдата. Тоа ќе биде сатисфакција и сигурно ова население ќе поверува дека функционира системот и дека функционира правната држава. Применувањето на исти аршини кон сите национални колективитети, во полна мера ќе ја врати довербата на државата.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

Најпрво замолен сум од преостанатите 16 домаќинства кои живеат во с.- Дебрешта - Гостиварско дека селото не е етнички чисто и населено само со жители од албанска националност, како што објави македонската телевизија, туку сеуште е мешано село. Навистина во моето детство пред 40-тина години имаше над 120 домаќинства, околу 500-600 жители македонци, но миграцијата како системска грешка го сторила своето во село Дебреште како и во сите други села, посебно во западна Македонија.

Бидејќи настаните се случуваа доста брзо и со голема фрек-фенција граѓаните се збунети , уплашени и депримирани. Иако убиството на командирот на полициската станица ЈОРДАН СТОЈКОВСКИ е само коинциденција и нема директна причинска врска со 9-то јулските настани во Гостивар за кои ние веќе трет ден расправаме, граѓаните од неин-формираност и страв конструираат секакви приказни.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓутоа, убиството на командирот на полициската станица македонците го подразбираат и како последна опомена и го поврзуваат со заканите и претпоставките изречени од оваа говорница од пратеникот Сејфедин Харуни кој рече, за жал за кусо време Гостивар ќе стане етнички чист град. Што ќе им порачаше на граѓаните од Гостивар колегата Харуни, ако во истата патрола со командирот беше повреден, или недај боже - погинеше и неговиот син кој е полицаец и работи во истата полициска станица. Загинатиот командир и двајцата полицајци кои се повредени ја вршеле својата должност и во никој случај не ги пречекориле овластувањата. За жал г-да пратеници и овој пат можеме да констатираме последици бидејќи сеуште немаме, добра, јака превентива дури и за состојби за кои причините се сосема јасни.

Благодарам.

**ИТНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господо пратеници, г-дине професоре, министер Чокревски.

Во овие неколку дена и пратејќи ја акцијата во средствата на јавна комуникација му се наметнува на човека многу фавови околу кои што убаво е да се размислува и тие фавови на некој начин полека од луѓето кои што овде дискутираат на говорницата си поставуваат своја криза и околу своја теза елаборираа. Беше размислувано многу долго дали човек да дискутира за оваа теза, затоа што за една обична, доста чиста работа која што произлегува од Уставот и од Законот се створи еден критериум да денес разговараме, или три четири дена. Зошто велиме дека ако улогата на својата работа, јас сум каприци, апликативец и во таа смисла ќе гледам со аргументи да се држам во мојата дискусија. Зошто велиме дека оваа работа е чиста. Ние овде во Собранието донесовме закон, за кој закон и јас гласав. Не би потсетувал на мојата дискусија и кога беше околу Педагошкиот факултет но дека во еден

еден период на време како остаток од минатото на стечајно право на македонските државјани или македонските граѓани, поконкретно да се изразам од албанска народност има свое знаме или застава. И еднаш стечајно право се раководел дека треба да гласа за овој закон, иако смета дека тоа знаме не му носи среќа на македонскиот граѓанин од албанска народност. Меѓутоа, сметав дека тоа на некој начин заедно во колоритот на јарболите, на место и простор, но не и рамноправно со македонското знаме односно знамето на Република Македонија. Би сакал да бидам подецизен и поконкретен. Но тоа како што беше, беше. Бидејќи го усвоивме тој закон, а по Законот за локалната самоуправа, граѓаните на Гостивар а посебно нивните челници со советот донесоа една одлука која не потсетуваше на одлуката уште во времето пред една или повеќе години кога ултимативно беше речено во Тетово дека нема кој на не спречи во оваа држава ние ќе формираме универзитет. На една директна провокација дека ако треба и со крв ќе се брани тоа знаме се донесе во државата во една апсолутна состојба да не може да ја контролира својата територија, да оваа држава како таква не е или не се распространува врз база на целиот нејзин интегритет. Што остануваше да направи државата, односно да направи власта во Република Македонија?

Врз база на потегнатиот спор пред Уставниот суд се донесе одука онаква каква што беше. Морам во овој момент да упатам честитки на Владата на Република Македонија затоа што во еден период од 15 или 20 дена беше изложена на страховита критика од македонската популација дека не ги спроведува законите или одлуката на највисокото законодавно тело во Република Македонија односно во Уставниот суд. Од тој аспект Владата си го наруши својот дигнитет дека таа не е Влада во Република Македонија и дека ако не ја спроведе одлуката, бидејќи интервенираше после тоа и претседателот на Уставниот суд со теза дека Владата треба да ја спроведе одлуката.

Меѓутоа, г-до Владата сакаше да даде еден тајминг на луѓето, пред се интелектуалците во регионот на Гостивар, што не се случи и во Тетово, до крајни терминални состојби, за да можат да ја сватат ситуацијата за да се најде некое решение, да се најде некоја отстапница со која што фактички Ќе

се премавне овој проблем. Меѓутоа, беше како што беше и се донесе законот за употреба на знамињата. За мерак на пратениците, моите пријатели, јас прифаќам нешто повеќе, повеќе пати потенцирам дека не сум националист и водам борба со национализмот и во сопствените македонски редови и дека единствена можност на човекот е неговите квалитети, неговиот труд, резултати и знаење и колку може да се вклопи во светските токови, а не да се смета квалитетот кој му е татко бидејќи доминантно во нашиот простор се наследува нацијата или националноста поради ова. И дека во една ваква ситуација посебно забележувам дека требаше да се направи отстапница во смисла дека повеќе политичари овде има, кои што и во претходниот систем од една страна, но и од друга страна и сега кои што активно се бават со политика. Тоа им е професија дека амандманот кој што го поднесе г-динот Силјановски пред заклучувањето за гласање за употребата на знамето беше доволно индикативен потез дека самиот амандман ќе се спроведе со објавувањето во Службен весник"а вие знаете дека во повеќе случаи во Законодавниот дом и од порано се донесувале и во Собранијата на општините со објавувањето во службениот весник или службените гласници станува извршен дотичниот закон или некоја одлука на Собранието. Одстапницата требаше да биде тука. Тезата дека требаше да се дадат уште неколку дена таа уште повеќе ќе ги подгрееше одредените страсти.

Во фазата на притисокот или анализата зошто така полицијата делувала изненада, елемент на изненадување на многу Вас Ви е познато дека во војните, во војската , во полицијата секогаш изненадувањето носело резултати а давало најмалку последици или жртви во ратните состојби. Но, се оградувам не го сметајте ова дека е војна. Но, тој дел мораше така да биде. Ова е наједноставна работа која што се обидов да ја елаборирам од еден аспект со три реченици - имаме спротивставување на тезата на државноста на контролирање на својата територија, на интегритетот и легалитетот на државата и државата донесе одлука да интервенира, да си го поврати својот суверенитет. Тоа е наједноставно, логично околу кое што денеска се бијат битките овде во Собранието на некој начин правејќи еден политички маркетинг денес во Републикава, кај граѓаните, кај македонските граѓани, бидејќи го донесовме уставот како граѓанска држава.

VII/4.-

Ние од тој аспект, на оваа говорница се изрекоа многу тези и фабули кој како замислува, па дури се одеше до тези да полицијата на македонската држава е геноцидна, а прочитав и една ноторна неточност, да не речам со правиот израз на зборот на еден публицист во македонските средства за информирање во кој што вели 'Наивните и испреплашени полицајци ги однесе Министерството во Гостивар и незнаејќи што да прават, тие се исплашија и влечеа нерационални и неразумни потези" Генијална мисла на еден човек кој што претендира и на една висока политичка функција во една опозициона партија.

Мислам дека во делот на политиканството, во делот на плашењето, во делот на комодитетот во првите редови многу малку видовме луѓе кои што се овде членови на парламентот или еминентни луѓе во државата. Ние дискутираме и дава само напатствија и за други, но ние секогаш од некоја заветрина ги посматраме работите.

Сигурно е дека ставам и одредена забелешка, може би да се утврди степенот на пречекорувањето. Во психологијата на еден човек, па макар и да биде специјалец, макар и да биде обучен и за највонредни услови кога претставува отворена мета, кога претставува загрозување на неговиот интегритет а плус тоа е и претставник на државна власт сигурно е дека проработува и човечкото чувство на неконтролираност. Во мојот крај, од каде што потекнувам има една поговорка која вика 1зука нема терезију". Значи во делот кога физички се пресметуваат луѓето не може раката да биде вага или терезија која што Ќе ги дозира вредностите на силата или на принудата. Но, тоа е она што треба а се у тврди, но тоа и она што оние секвенции кои што имав прилика да ги гледам на телевизијата сепак тие колку и да беа брутални, се даваа инсерти онакви колку што тоа беше во интерес, или во позиција на било која телевизија, односно на таа телевизија која што имаше свои политички опции, кои што исто така дозираа одредена сила, одредена интелектуална вредност со која се дискриминира полицијата односно да се дискриминира власта.

Поставувам хипотетичко прашање. Што ако беше министер на полиција македонски граѓанин од апбанска народност. Дали немаше тој да ја спроведе одлуката за да се интервенира онаму каде што е загрозен

интегритетот на оваа држава. Г-до држам до тоа дека одлуката Ќе била спроведена. Да не се залажуваме во концептот дека ако не бил македонски државјанин министер на функцијата дека таква одлука немало да се донесе, или дека со една таква одлука треба да биде запознаена целата Влада. Поставувам прашање дали сите министри кога договараат нешто со премиерот, или на повисок политички врв ги информираат своите колеги во делот на здравството, во делот на економијата, во делот на финансиите итн? Не. Политичката проценка довела до тоа како што е дојдено.

Од овој аспект сакам да упатам еден апел. Овој апел го упатувам пред се на граѓаните на Република Македонија што повеќе да се однесува на граѓаните на Република Македонија од апбанска народност. Ние треба да изградиме еден критериум во кој што критериум на сила на конкуренција на вредности и незнаења да можеле што побрзо да се интегрираат, не ми замерувајте на овој збор, да се интегрираат овие луѓе, затоа што имам прилика со млада генерација албанци да работам како студенти, лекари, кои што навистина поседуваат неверовaтна, како сите млади генерации денеска, интелигенција и способност да се развиваат. Доведовме до антагонисти ние политикантите во политиката, створивме критериуми на антагонизми меѓу нас. Еден од пратениците денеска рече дека се чувствувате нелагодно ако треба да продискутирате со граѓани на Република Македонија од друга националност дали нешто нема да погрешите низ форма на некоја неконтролираност во која што може да ви се замери да добиете ваков или онаков епитет, да бидете на некој начин непријател.

Владата на Република Македонија и низ формата, од оваа говорница Ќе слушнете една теза, едно мое размислување прави се, често пати и кршејќи одредени прописи во Република Македонија за во системот на образованието да се инте4грираат повеќе млади граѓани од албанска народност во едукацијата на сите факултети и за прв пат ќе кажам одовде вие ќе дојдете во ситуација голем дел граѓани на Република Македонија, Македонци се доведени во инфериорна положба во однос на граѓаните на Република Македонија, Албанци во делот на стартот на образованието или некаде во органите на управата, па да речам и во полицијата, војската итн.,

VII/6. —

со цел да се застапи онаа национална пропорционалност која што ја имаме во Република Македонија свесно одејќи, градејќи интегративен систем.

Заклучувајќи го упатувам апелот - граѓанин на Република Македонија преку пратениците оваа држава Република Македонија е држава на сите граѓани Македонци, Албанци, Турци и други народи и народности кои што живеат во оваа држава. Немаме друга алтернатива. Само низ критериумите на јакнење на економската снага на друштвото, меѓусебното разбирање меѓу луѓето, стварање на вредности кои што ќе не извлечат од нашиот примитивизам што го имаме на овој простор, а за кој што ние сме ментори на примитивизмот затоа што иницирајќи одредени проблеми гледаме да доловиме или на некој начин да му се допаднеме да електоратот често пати поигрувајќи се со неговата судбина, со неговиот соживот или неговата перспектива во државата. Во оваа смисла сметам дека перспективата е дека само со вредности можеме да идеме напред а меѓунационалните тензии, за кои што морам да кажам дека ние ги ст692раме, јас не чувствувам никаква загрозеност на ниту еден апбанец во Република Македонија, ниту пак од некого се чувствувам загрозен.

**ИГЊАТ БОГДАНОВСКИ:** (Продолжение)

Јас или пак на некого да му размислувам лошо во државава. Тоа е и политиката и на обичните луѓе. Обичните луѓе многу не се занимаваат, меѓутоа, нашето менторство и доктринацијата која што ја даваме доведува до одредени антагонизми. Тоа не чини за оваа држава и не останува ништо друго. Пак, со сите овие тензии ќе дојдеме на тоа да седнеме за што повторно да констатираме дека сме погрешиле, како што често пати се докажувало, на било кои простори, онаму каде што на некој начин се воделе вербални или други така да кажам антагонистички и влијанија, и разговори, да не речам ретки.

Благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, господине претседателе, како повод за да се јавам повторно на говорница се некои дискусии од пратеничката група на СДСМ, кои навистина беа толку, можам да кажам, нереални во врска со гостиварските настани и секогаш го потенцираат едно прашање пред говорницата, бараат од нас да одговорност зошто не сме дискутирале за причините на настаните. Исто така, и за последиците.

Господа, ние сме спремни да дискутираме и за причините и за последиците. Мислам дека за време на овие два, три дена, кога траеше расправата дискутиравме и за причините. Но, не треба проблемот

да се гледа само од еден агол, само од призмата што претставува интересите само на еден народ. тука е грешката. Кога кажав дека сме спремни да дискутираме и за причините, господо, јас ја користам приликата да се послужам со силата на аргументите и исто така и со фактите. Меѓутоа, од вас никој не ги почитува ниту аргументите ниту фактите. Јас реков во мојата прва дискусија дека истакнување на албанското знаме, националното албанско знаме во Гостивар не беше тенденциозно. Се работи за едно историско наследено право. Дајте нешто да гледаме работите од 1945 наваму, бидејќи_РМ тогаш СРМ ние ја сметаме како федерална единица од АСНОМ. Или, да се повикуваме на II Светска војна. Дали беше употребено нашето национално знаме. Зошто тоа никој не го спомнал? Или д кажеме како беше овој проблем регулиран со законот од 1973 година. Еден од пратениците на говорницата кажа дека ние не сакаме да се занимаваме со тие работи кои ги пропишал законот од 1973 година. Не е, господо, за оваа работа, за овој сериозен проблем треба ние да се повикаме и на овие наследени права.

Или да го земеме јазикот. Како беше регулиран со Уставот, па би рекол овие се проблеми кои сега се чувствуваат како нерешени проблеми. Затоа, ние бараме и предлагаме и секогаш инсистираме за овие проблеми да се дискутира. И да се постигне еден договор со оваа држава. Исто така, ние дискутиравме доста и за високото образование, за тетовскиот универзитет. Па, господа, токму вчера, го слушнав ан телевизија и беше поставено на делегацијата од Бундестагот едно прашање дали е тетовскиот универзитет политички некако или навистина албанците таа иницијатива ја покренале, поради образованието Зарем и понатаму ќе се занимаваме со такви проблеми, со некои работи што

навистина немаат ништо заедничко со вистината. Но, јас една работа ќе кажам на овој Парламент. Ние сме свесни дека овој Парламент број само 19 пратеници албанци и сме свесни дека само од СДСМ има повеќе од 65 пратеници, ако неправам некоја математичка грешка во броевите. Но, за овие проблеми, кои се многу сериозни, кои навистина за секое општество претставуваат мир и трајна стабилност треба да се разговара. Гостиварскиот настан, некои тука кажа дека некако го оправдувал и беше неизбежен. Па, како може тоа да го каже, да се пролие крв, беше неизбежно. Ние сме свесни дека во моментот кога се интервенирало се користела една законска празнина или вакум само од 4 часа. На 8 јули беше донесен законот за употреба на националните знамиња околу 20,оо часот, а интервенција следеше на 9 можам да кажам во 00,оо часот. Значи, веднаш по промената на датумот. Зошто ова се правело? Дајте да го анализираме овој проблем. И тогаш ние ќе се соочиме со вистината. А не само да зборуваме за вистината, а вистината е далеку многу од нас. Некои, исто така, како аргумент го употребил на оваа говорница зошто не се случило во Тетово? И тука треба нешто да се прави една анализа, да застанеме и да размислуваме. Ние сме свесни дека сето тоа што се случило во Гостивар беше однапред припремено. Исто така можеше да ни се случи и во Гостивар. Зошто не се случило? Пукање, во претпладневните часови, кога се симна нашето национално знаме. Но, се случило во попладневните часови околу 15 и нешто часот. И тука треба да се направи анализа. Значи, провокациите од тука произлегуваат дека провокациите се наметнале од страна на припадниците на полицијата. Од тука, никој не може да избегне.

Исто така, ние сме свесни дека одговорност да се бара од министерот Чокревски во овој момент некако јас исто така не го

прифаќам во принцип, бидејќи г-динот Чокревски, ние имаме интерпелација поднесено, меѓутоа, ние знаеме дека тој е само извршител на еднаш државна политика, ништо друго. Но, како човек по функција можел да го спореди во врска со одговорноста во трета позиција. Бидејќи знам дека премиерот и претседателот ан државата исто така сносат голема одговорност.

Настаните во Гостивар за нас мислам не беа некое изненадување. Исто така и ние секогаш мислиме на вакви работи, бидејќи исто така пред некое време се случи и Бит пазар. Таму инцидентот се отвори само за две кутии цигари. Или да го землеме инцидентот во Тетово. Зошто никој од пратениците не ја кажал вистината во врска со убиениот Абди Селам Емини, кои воопшто не бил во толпата. Некаде настрана, далеку од толпата се убил од полицаецот, кој и денеска тој полицаец живее во Куманово. Ние имаме точни информации, од автобусот. Овие работи се многу јасни, па затоа што се однесува до тоа, сакам да го кажам и тоа што ние бараме одговорност и целосно расветлување на настаните во Гостивар. НО ние немаме некој механизам што може тоа да го иницира. Исто така, свесни сме дека немаме односно не брои нашата парламентарна група толкав број на пратеници да покренеме некоја иницијатива и да побараме одговорност и од Владата. Бидејќи, за овие настани е одговорна и Владата. Што се однесува вие кои се повикувате на одлуката од Владата, господа, Уставниот суд точно е дека побарал да се симнат знамињата во Гостивар и во Тетово. Побара и од Владата, но Уставниот суд на што се повикал? Одлуката на што ја базирал. Зошто се направил овој трик до донесување на законот полицијата не интервенирала. Тука се сите овие дилеми и вие барате да разговараме за причините. Јас многу отворено и одговорно го кажувам

тоа. Нашето национално знаме ништо не претставува, нешто тенденциозно. Се работи за едно наследено историско право. Дајте, господо, да се повикаме и од порано. Или, да го земеме само едниот проблем, само еден сегмент на проблемот, кој е многу важен. Секогаш тука, се присутни идеите и од нашата страна и од страната на СДСМ и да кажам од Либералите за некои проблеми кои се многу битни за оваа држава. Но, се квалификуваат како заканувачки. Не е, господо, не се зајканувачки, заканата сосема постои од другата страна. Ние зборуваме аз вистината. Секогаш оној кој нема моќ и сила се повикува на вистината. Ние се повикуваме на вистината. А вие се повикувате, на сила и моќ и тн. За ова што го изнесуваме ние имаме доста аргументи, да не ги повторуваме, бидејќи и досадивме на јавноста. Но, токму сакам да го спомнам во овој момент еден од пратениците се послужи со Макевиалистичката формула. Многу ми беше мило кога се послужи но да му кажам на г-динот дека сосема обратно ја прочитал. Како му одговара на него, така ја прочитал. Исто така и Макивелист се повикал на сила за да ја сочува власта. Само треба да знаете една работа Македонија не беше загрозена во Гостивар, ниту во Тетово, ниту има да се загорзува во Гостивар или во Тетово. Македонија ќе се загрози во Скопје, таму каде што се води антиалбанска политика. За ова ние што го кажуваме, што го велиме пред вас, пред овој Парламент, ние господа можеме да го аргументираме кој кога сака. Во актуелниот момент не треба да го обвинуваме ниту Гостивар ниту господинот Руфи Османи. Целата таа хајка беше, јас барем таков имам впечаток само за да се руши дигнитетот на г-динот Османи. А тој кадар не беше само за Госитвар, беше и за целата Македонија. Требаше да се користи, а не вака, до крај да се деградира со разни инсинуации, со разни невистини и тн. Затоа,

ние во овој случај не треба проблемот да го гледаме само од позицијата на која му припаѓаме, еден баш тоа го спомна и јас сум за тоа. Меѓутоа, ако некој го гледа проблемот во Македонија само дека е македонски проблем и се што во ова поднебје македонско, тогаш ние никогаш не можеме да го најдеме она што е перспектива за оваа држава. Перспектива на оваа држава е да се најде заеднички јазик за сите потребни и многу уважени елементарни права со кои денеска албанците се занимаваат. Беше спомната нашата партија, ДПА. Никој тука не е виновен. ДП на Албанците досега не преземала вакви" акции или никогаш не беше уперена против македонските интереси. Тоа треба да го знаете. Зошто сега за да ја оправдате оваа акција, вината сакате да ја префрлите или, ова исто можам да го кажам како мач со две оштрици. Уште и понатаму да се задржи политиката меѓу партиите на албанците во таа дистанца што ние да не можеме да ги координираме работите кои се во интерес исто така не само на албанците и на целата Македонија. Вие, исто така, и понатаму настојувате еден дел на Албанците да ги придобивате со разни, разни епитети, а еден дел да го елиминирате. Таа тактика не вреди и не ја води Македонија кон мирот и стабилноста. Јас сум за тоа и меѓу македонските партии да нема судири од национален интерес. Бидејќи ако има такви судири нема да бидат во позиција на мир ниту албанците.

Дајте да го анализираме еден проблем, што вие секогаш го потенцирате. На пример, од вас никој не го спомна овој проблем во конкретниот случај одржувањето на 5-от македонсжи конгрес во Гостивар. Нели беше провокативен. Токму во моментот таму кога

има убиени. Дајте да го анализираме овој проблем? Никој не го спомнал. Или закaнувачките зборови на МААК - конзервативна, која 2-3 дена пред интервенцијата постави ултиматум. Ако не се направи ова, ние ќе интервенираме. Дајте да ги собереме сите овие работи. Нели беше скандалозен? Јас не сум против тоа, нека се одржи конгресот и мене ми е драго, нека се одржи се македонски конгрес, се албански конгрес, тие се работи кои водат кон добро, кон перспектива. НО, токму во моментот кога беше најкритична ситуацијата се одржа во Гостивар. Нели беше провокативно? Никој тоа не го кажа.

Сите овие работи мислам дека се доволни за нас, но сега многу е лесно да се зборува во врска со вистината, но уште еднаш повторувам оној кој има број на гласови може и невистината да ја прави вистина. Се зависи од овие наведени концепти.

IX/1

сј/вс

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Г-дине пртетседателе, г-да пратеници,

Јас најавувајќи се за дискусија, знам дека се наоѓам самиот можеби во една стапица за огромен дел за она што е кажано да се повтори на одреден начин, бидејќи да се води една тродневна дискусија за еден настан значи дека многу работи предходните дискутанти кажале. Тоа е можност на оние што се јавуваат подоцна да зборуваат и земаат збор во дискусијата, но со самото тоа што три дена се дискутира за оваа тема, за една точка Парламентот дискутира три дена, зборува за сериозноста на настаните што се случија на 9 јули во Гостивар и Тетово.

И, јас ќе се обидам нешто што на одреден начин можеби не е сега потенцирано да го потенцирам за некои работи да ги донесеме во една вистинска слика, да фрлам едно вистинско светло на настаните кои што се случија во Тетово и Гостивар.

Јас по професија сум професор по македонски јазик и таму, во граматичката терминологија постојат причинско последични реченици, односно за да може да имаме последица, мораме да имаме причина. За да имаме дејство како последица мора да имаме дејство како причина.

Тргнувајќи од таа граматичка категорија каде што се кажува како оди дејството во речениците, исто ќе се обидам да направам еден развој на дејствијата што се случуваат во Тетово и Гостивар во овој период.

На почетокот би сакал да кажам дека треба да направиме, прво, една паралела Тетово-Гостивар. Иста полиција, исти министер за внатрешни работи, иста ситуација. Во Тетово се мирно, во Гостивар инцидент. Зошто и како?

Ако ја направиме оваа паралела и ако дојдеме до определени заклучоци, тогаш можеме со право да побараме оставка од министерот Чокревски. Но, ако на исти ситуации се реагирало потполно поинаку, ваму мирно, без никакви потреси се доведува ситуацијата во ред и се спроведува Одлуката на Уставниот суд, а додека ваму со реагирањето на граѓаните спрема полицијата всушност е иритирана полицијата за да преземе други дејствија кои што мораше да бидат преземени.

Зошто ниеден од дискутантите апбанци во својата дискусија или не ги не ги нападна или се огради, или не кажа дека тоа се невистини кои што ги имаше во печатот и кои што стојат во Извештајот на МВР, за постоење на планови за дејствување, за постоење на кризни штабови во Гостивар, за постоење на медицински екипи кои што треба да интервенираат во случај на помешување помеѓу масите. Што значи дека некој во Гостивар припремал терен, бил спремен и за интервенција на полицијата и правел планови како да се дејствува, бидејќи еден од дискутантите почитуваниот г-дин Алити употреби една синтагма што мене пред 5-6 години буквално ми ја ежеше кожата. Употреби синтагма, тој во најдобронамерна смисла ја употреби, но ми се чини дека земена е од други земји кај нас. Се случи Гостивар. Ние имавме една синтагма што беше се случи народ, во една многу наша соседна држава. Но, пред да се случи народ, таму се случи Газиместан, се случи Ушче, се случи Жолта греда каде што некој тврдеше дека никој нема право да го тепа боговскиот народ. А, овде, пред да се случи Гостивар се случи еден настап на Арбен Џафери на негирање на македонската држава и македонскиот човек. Се случи еден настап на Руфи Османи кој тврдеше

дека и со крв ќе се брани знамето. Од овие причини од ова што се случи се случи Гостивар.. Мене како човек, како космополит тешко ми е што се случи Гостивар и мачно е ние пред другите да се оправдуваме зошто и како паднаа три жртви. Но, и тука мораме да направиме една дистинкција да ја кажеме разликата помеѓу едното и другото. Поставувам отворено прашање пред македонската јавност и пред дел од пратениците од албанската национапност во Македонија. Зошто на полицијата и беше оневозможено да изврши обдукција на телата на загинатите? Зошто не се извршија потребните полициски работи кои што се вообичаени во овој редослед на настаните. Да се изврши балистичка проценка од каде е пукано, како е дојден куршумот, од каде се застрелани граѓаните. Зошто тоа не е дозволено, зошто тие кризни штабови кои биле предвреме формирани ги повлекле лешевите од лице место. Па, тогаш да бараме одговорност од полицијата. Тоа е она што треба да го имаме како мисла, да го имаме како знаење. Тоа се причините, тоа се последиците кои што се случуваат, но едното со другото мораме да го поврзуваме.

Можеби дел од оваа дискусија немаше да ја дискутирам ако претходниот дискутант пак така да се рече само се нафати на причините за случувањето на Гостивар и за случувањето на Тетово.

Исто така нешто што сакам да потенцирам тоа е однесувањето на нас пратениците во ваква ситуација. Ако се сеќавате некаде пред година ипол јас како пратеник поставив пратеничко прашање, до Владата на РМ, до министерот и до јавниот обвинител на РМ. Кој е виновен и какви се кривичните постапки за тоа што во општина Прилеп не стои државното знаме во официјалните простории. Јас како пратеник од таа изборна единица од тој град реагирав на постапката што некоја друга партија го правеше во однос на омаловажувањето на македонското државно знаме. Зошто ниеден од пратениците од албанската националност не стана и не праша зошто Руфи Османи ја крши Одлуката на уставен суд и зошто не се симне знамето. Тогаш ќе можевме да водиме многу по отворена дискусија, тогаш ќе можевме многу отворено да дискутираме за настаните и да ги спречиме настаните да се случуваат во Гостивар. Бидејќи само на тој начин можевме да ги спречиме настаните да се случат во Гостивар. На начин само со дијалог, на начин само со разговор каде што ние самите ќе удираме по сопствените национализми во сопствените редови. Макеоднците против македонскиот национапизам, апбанците против апбанскиот-национализам.

Ако така ги жигосуваме настаните кои што се случуваат никогаш нема да се доведеме во ситуација полицијата да ги решава политичките проблеми бидејќи Гостивар беше политички проблем. Тоа е таа вистина која што мораме да ја кажеме.

Инаку оваа Влада, ова министерство за внатрешни работи и овие органи на државата ги преживееа и ќе ги преживеат и понатаму секаде настаните кои што се против оваа држава. Прво ги преживееа еден Радовиш, Куклиш, Мала Речица, преживееа нападот на македонската телевизија, преживееа Мапа Речица, ги преживеавме студентските демонстрации против законот за Педагошката академија. Ги преживеавме на начин што македонците на сакаа да изигруваат големи македонци во сопствената држава. Сакаа соживот, сакаа рамноправност, на сите националности кои што живеат.

Ние овде, јас лично некаде при формирањето на првата Влада се обратив до сите пратеници апбанци со едно прашање и со една молба, да не дозволат меѓу апбанците, посебно до пратениците од ПДП да им се случува ВМРО-ДПМНЕ на албански начин, меѓу себе да докажуваат

кои од кого е поголем апбанец бидејќи начинот на таквото дејствување може да не одведе во друга крајност.

Ние, членовите на СДСМ бевме жигосани од дел од македонските националисти како предавници, како србокомунисти, не знам како не. Опстоивме во тие напади и докажавме дека само со соживот може да живее оваа држава.

Уште една молба до пратениците од ПДП и тие да опстојат во докажувањето "Големата апбанштина" бидејќи само со еден реален пристап можеме да дојдеме во ситуација да живееме заеднички во оваа држава и само таа е иднината на оваа држава.

Мене од сите дискусии што во овие три дена се водеа едно прашање ми е најсуштествено и тоа прашање мораат самите господата од ПДП да си дадат одговор, но одговор од кој ќе зависи многу понатаму. Го постави претседателот на партијата. Ќе се обидам да цитирам онака како што беше кажано "политичкиот концепт на ПДП да опстојува или не" Господа вие сте - свесни за тоа што значи ако го напуштите тој концепт кој заедно со СДСМ го браните во овие 6 години. Да се води една демократска борба во. институциите на власта низ разговори, низ дијалог, низ определени задоволувања на барањата да ја одржиме оваа држава. Ако се чувствуваме граѓани на оваа држава, ако не бараме федерализација на државата, мораме да ги жигосаме и националистите во сопствените редови.

Еден друг пратеник денеска многу убаво кажа. Додека тој што ги зборуваше зборовите се наоѓа надвор и уште продолжува со својата кампања, оној што ја спроведе акцијата вчера беше на суд. И, оваа држава мора да опстојува на одбраната на интегритетот и суверенитетот на државата. И, затоа ќе ми извини г-динот Апити што не е тука, не можам да ја сватам неговата дилема кога пред малку беше побарано да се оддаде почит кон паднатата жртва во Гостивар, дали требало да даде почит или не. Жртвите се жртви, тоа е точно, но зависи за што се паднати. Едниот од тие жртви кој што падна пред два дена во Дебреше падна за одбрана на суверенитетот на оваа држава. Жртвите кои што паднаа во Гостивар паднаа под неразјаснети причини. Прво, не се знае кој е нивниот убиец. Тоа мораме да го расчистиме и не можеме на тие луѓе да даваме почит.

Инаку со иста почит сигурно ќе се однесевме ако не дај боже меѓу загинатите полицајци во Дебреше имаше и албанец. Потполно со истата почит и со едно минутно молчење ќе одадевме почит. Тука нема. Но, ако правиме паралела меѓу жртвата која што паднала во Дебреше и жртвите кои што паднаа во Гостивар, не можеме да споредуваме.

Затоа, мислам, дека мораме да му дадеме поддршка и на Владата и на министерот Чоклевски во реапизацијата на одбраната на Државата на суверенитетот на Државата онака како што се бранеше и какко што ќе се брани и понатаму.

Спомнав неколку моменти и неколку места каде што се бранеше суверенитетот на Државата и каде што тоа министерство независно дали се работеше за македонци или апбанци опстојување во одбраната на суверенитетот на државата. Дапи со предходниот министер, дали со овој министер тие ги исполнуваа само уставните одредби и законските овластувања што ги имаат како министри за внатрешни работи. Тоа мора да го имаме во почит.

Мене најмногу, на крајот, што ме чуди однесувањето на еден политички македонски фактор во оваа ситуација. Партијата која што неколку пати го менува сопственото име и постојано сака во политиката да биде ни риба ни девојка. Или овде јасно ќе кажеме или се виновни Руфи Османи или претставниците на демократската партија на Албанците, или е виновно министерството за внатрешни работи и Владата на РМ. Не можеме тука да бараме средина, а тоа се бараше.

Благодарам,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни.

Ги молам пратениците што се јавуваат по втор пат да бидат што покуси, доколку е можно.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, -

Немаше потреба можеби да излезам по втор пат, но сепак ќе треба да се укаже на многу нешта што еве и третиот ден се обидуваме да го изнесеме на говорница како да инсистираме дека сакаме да ве убедиме за тоа. Некој кажуваат дека без анализи со последичните состојби што ги имавме без да се навлага за импликациите по тоа итн.

Мене исто така како и првиот ден ме натера да се осврнам на дел од она што навистина е многу болно и зачудувачко на говорницата, повторно сме тука два блока, два брега, две спротивставени страни. Едни тврдо и коренито го бранат своето, другите тврдо и корените го бранат своето. Никој овде на говорница не рече дека во Владата на РМ каде што е член г-динот Томислав Чокревски е формирана комисија за испитување настаните на 9 јули 97 год. во Гостивар. Дали никој не може да се сети дека тука со таа формирана комисија најавува дека тука не станува веќе збор дека нема пречекорувања на состојбите. Имаме најава дека во Собранието ќе се формира анкетна Комисија која ќе ги испитува овие настани.

Првиот дискутант, тука, денеска рече дека еднострани дискусии, со полни емоции, Гостивар етнички чист град итн. Затоа, уште првиот ден кога дискутирав напаѓав дека за наша жап употребувајќи сила над етничките апбанци, тие језиви сцени што ги видоа граѓаните на Гостивар реков подеднакво дека ќе се добие во контраефект и за жап тоа ќе се случи. За наша жал.

А, информативните куќи особено Нова Македонија, дента, утредента всушност во петокот пишува истата мисла моја и реченица, само не ја потенцираше за жап. И, што сакам да кажам. Информативните куќи, изданијата на дневните листови се доста со емоции г-да пратеници. Досега не наидов на текст кој овие два брега, овие две спротивставени страни да ги добрижи, да ги доближи. И секој понатаму останува на своја позиција. Вие имате ваши тапани. Ние имаме наши тапани. И секој на свој тапан си скака на орото.

Ние дебело сме заглибени во овие случаи. За наша жап.

Г-динот министер дента кога заврши Собранието на Цанеска и даде интервју, со некој може да се разговара, со некои не и апсолутно тука и едната и другата страна води кон тоа, како што тој наравно ги науми. Ние тоа секогаш го викаме и на говорница, ние тоа секогаш го

викаме и дење и ноќе дека нешто не чини. Ако имам право тоа да го искажам јавно, токму таквите интереси не се наши интереси. Особено кога се слушаат и од првиот полицаец. Особено кога се слушаат од Томислав Чокревски. Мене не ми причинува воопшто тешкотија уште и некој други поголеми проблеми што ме засегнуваат тука нас да разговараме. И тоа најотворено, без емоции, без префрлувања. Но некој намерно нејќе да седне на тоа. Господа, јас изборив една, две, три камери овде на говорница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Еве, денеска ќе бидам малку поотворен. Камерманите не биле албанци што ги снимиле дента настаните во Гостивар, пошто ниту еден камерман албанец немал право да се доближи. И нив, полицијата ги има истерано како зајци низ улиците на Гостивар. На таа една од тие снимки полицаецот трча кон камерманот и го псуе. Затоа ние инсистиравме тоа да го видите Вие. Тој рече ја обавувам својата работа, па гледаш дека и ние ја обавуваме нашата работа. Пази, полицаецот му кажува на камерманот, што правиш. Итар бил полицаецот и наслутил дека една таква снимка ќе падне во рацете на албанците. Но, него не го сметам за издаица на албанскиот народ. Ниту најмалку. Сакам да потврдам дека сите тие три снимени траки се од македонец. Тие се дојдени во наши раце. Е сега, кога немаме храброст да седнеме и да гледаме и сите заедно на нашите пропусти да им се каже и да се гледа во очи, тогаш што друго ние ќе побараме тука? Што друго јас ќе побарам тука?

Јас, стварно сум наставник, даскал, но да Ве убедам дека, господо, тоа не е така како што се најавува, најмалку ми е намерата.

Последниот дискутант ме потсети, не им дадовме почит на загинатите, затоа што од неразјаснети причини се тие утепани, убиени. Што ќе каже човек за Шпенд Исени. Еве, еден од погинатите во настаните на 9 јули 1997 година. Дента, г-дин Шпенди беше во Собранието, господа, претпладне. Стоматолог е. Работи во еден приватен фармацевтски дуќан. Кога стигнал во Гостивар,не знам. Но, знам дека тој работел секој ден во таа приватна локација, приватен дуќан. ако Шпенд Исени се нашол во толпата, во првиот појас на оние кои покажуваат сила и демонстрираат сила, јас истото ќе го кажев како и Вие. Кај Шпенд Исени не е најдено ниту оружје, господа. Тој потекнува од едно семејство што, да не претерувам, можеби за меѓунационални

односи,навреди, кавги, да се напрсат за сила некоја да му докажат некому, јас не сум убеден. Ги познавам лично. Тие, најмалку се луѓе кретени, најмалку се луѓе националисти. Неговиот татко е заменик јавен обвинител во еден од основните судови на Град Скопје. Ама, не може да ме убедува некој дека е пукано од кордонот на специјалните полицајци тука. Тој бил карши Домот на културата. Ние рековме дека од згради е пукано. Самиот министер најави дека 2 илјади зрна се пукани. Што би било тоа ако се пукало во луѓе?

Се разбира, река крв би била во Гостивар. Ние најавуваме дека на Шпенд и на оној другиот е пукано од зграда, МВР исто така има поднесено кривична пријава против сторителите. Незнани сторители. Господа, незнаен јунак имавме во Белград. Имаше во секоја социјалистичка земја. Таков јунак, значи, незнаен. Значи, тој што пукал,полицијата 2 месеца не била во состојба да ги открие. Не ми се верува. И, никој тука не може да ме убеди. И, џабе.

Јас , никого на говорница не сум потенцирал дека се нашол во толпа, малтретирање и покрај тоа што не пружил отпор, сме рекле, ако не вака на интелектуален јазик, го барале - нека го најдат. А, она што влегле во куќите, до безмилост се мавани пред деца, жени, снаи, пред пријатели, пред сите. Ние даваме име и презиме, ние даваме улица и број, ние даваме , што се кажува, лице каде било и што било, даваме за албанец, даваме за турчин, даваме за муслиман. Пак Чокревски ќе најде за сходно да каже дека со некој може да се разговара, а со некој апсолутно не. Кои се тие со кого тој може да разговара, а кои се тие со кого тој не може да разговара?

Еве, за моја жалост можеби со мене не сака, пошто излезе и не сака да слуша, можеби сум јас меѓу оние со кои тој не може да

комуницира со мене. А, јас што би рекол дека г-динот Чокревски арам му е местото и лебот што го јаде во Министерството за внатрешни работи затоа што не е способен да ги открие злочините, на време да ги открие злочините. И дека истиот министер има погрешна информација од теренот Од теренот нему му даваат многу нешта што не е сходно на она што се гледа во практиката. Информаторите му се луѓе кои апсолутно немаат чувство за она што треба и да му се информира.

Сите сме загрижени подеднакво. Немојте дека само Вие сносните за евентуална дестабилизација на Македонија , дека Македонија е само на македонците. Јас сум рекол дека Вие Македонија ја сметате за свој сервис. Само, знаете дека Македонија е сервис на сите граѓани на Република Македонија. Иако, одделни групи и политичари тоа сакаат да го наметнат, сакаат да ја чувствуваат така Македонија.

На говорница сум кажал дека сум против таквите и таквото однесување на официјалната политика на РМ и на официјалната администрација на РМ. На нашите новинари и нашите емисари секој ден тие едно имаат пред себе да кажат за убавините на РМ, ваму-таму што ги имаат. Половината од своето работно време секогаш го кажуваат дека, е да не се овие ѓаволи, овие сатани албанци и немакедонците, за нас ќе беше многу. И колку време трошат во тоа да го прикажат ликот на албанецот во ликот на ѓаволот.

Ако сатаната беше пред два века прогонуван во градот Сале^ на почетокот на XIII-от век наводно дека напредните сили и интелектуалци соработувале со ѓаволот. Ако некој сака на прагот на XXI-от век Гостивар да стане Салем, не само што доцните, не само што доцнат заправо оние што тоа го сакаат, него дебело имаат влезено. Или од Гостивар да направат Совето предградие на Градот Јоханесбург , Јужна Африка таму каде се живи запалени црнците и дека тие се оние сатана

преку кои треба да се настројува званичната политика и власт до нивното истребување. Но, од тоа Совето се роди Мендела, Мендела се роди и застана, не само тој туку и сите други како Мендела застанаа на таа погрешна политика. А, јас мислам дека Мендели и во Македонија има.

Почитуваниот Богдановски рече дека , доколку беше министерот албанец, јас кога ќе бев министер албанец не ќе го направев поинаку него тоа што прави, да ја изврши Одлуката на Уставниот суд на РМ. Со едно друго прашање, ако беа грото специјалците полицајци албанци јас ќе бев, што се вели многу задоволен од акцијата што ќе ја изведат. Не Томислав Чокревски туку и Сејфедин да е и било кој да е таа Одлука на Уставниот суд ќе ја спроведеше. Но, како е таа изведена во практиката? Како е изведена таа во практика сред Гостивар, на прагот на XXI - век "парк логори". Јас не сакам да ги набројам и тие што ги наброив и преска бидејќи ќе се задржам на некои други, секако грешки што се направени.

Богдановски исто така рече дека ние треба да правиме такмичење на знаење, за умеења, за навики и тоа на ниво на европски терк и научни сознанија и откритија. Тоа мене исто така ме радува господа. Ме радува , нафрлувајќи дека тетовскиот универзитет е тоа што го кажа и еден, прошлиот дискутант, г-дин од Тетово, да не му спомнуваме - што ќе ни таков универзитет полски тоалет. негово е. Јас тоа само го репродуцирам. А, тоа што го кажа Богдановски, фала богу што влезе, Томислав Стојановски го рече тоа дека имаме нелегален универзитет во Тетово, тука, недалеку од главниот град на РМ, тоа што личи на полски тоалет. Јас тоа не можам да го прифатам.

Прифаќам тоа што кажа Богдановски дека нам ни треба так-мичење за знаење, за успеси, за нови научни откритија и да се мериме, да се вагаме со сите оние кои ги прават универзитетските центри во Европа и Светот.

Јас не сум против тоа што во РМ има два универзитети. Напротив ,Сејфедин Харуни се радува дека имате 32 високо научни институции. Исто така ме радува дека имате 28 заправо високо-образовни институции и факултети исто така на македонски јазик. Ме радува фактот дека секоја година се запишуваат на двата универзитета 7.200 студенти и повеќе, затоа што податоците што ги кажувам се од"1996 година. Исто така ме радува, ме радува фактот што македонци, поздипломски студии, магистрираат, се здобиваат со магистерски звања над 100, што исто така ме радува. Ме радува фактот што 49 годишно докторираат. Тоа, со што би рекол ја надвор кога би излегол дека сум албанец од Македонија и Македонија дека има толку доктори на науки, толку магистри на науки дека мојата земја е толку напредна, толку културна и т.н.

А, како ќе 4ј& оправдам себеси за она што некој тоа што е според некои и во "мишја рупа" дека таму нема квалитет дека таму се работи илегално, дека Владата на РМ гледа мирно, караванот си оди кучињата лаат, а караванот си оди и што е тоа подлевање. А, никој не застана овде на говорница да каже дека таму работат и се вклучени над 200 наставници, професори, редовни и вонредни. Дека таму имаме над 3 илјади студенти. Никој тоа не станува да каже дека и Владата на РМ и во Парламентот да стане и да каже и да констатира вистинска состојба на тој Универзитет. Што е тој, што работи тој, зошто постои тој што остварува тој во какви услови тој работи во Тетово, во каква ситуација е, како ги извршува своите задачи, колкав и каков ќе биде неговиот производ, што ќе се случи со неговиот производ со научните сознанија, и

стручњаците што ќе ги создава? Каква ќе биде неговата продуктивност, како ќе ги пренесува сознанијата на новите генерации, како се однесува кон образованието во целина, со унапредувањето на образованието? Што бара и што прави, што дава и што нуди тој?

Никој, ни овде на говорница ни во Владата на РМ не проговорил досега. Не проговорил затоа што, господа, учебната година 1994-1995 ќе ја цитирам: Албанци 5,2% имаме запишано на два универзитети. Од официјални извори и од официјални релевантни документи, релевантна документација ги имам извадено овие податоци. Турци има само 0,9%, власи 0,4% , роми 0,1% и останати 3,4%. Ова се официјални податоци што ги имам од Министерството за образование.

Ако сакате бројчано, албанци во 1994-1995 година има само 317 студенти и долго се шпекулира овде дека 10 или 15 или 20% албанци и останати треба да се запишат на двата универзитети во РМ.

Јас не сум математичар господа, но не сум ни миоп во конкретниво случај. Знам што е 10%. Во колку ќе биде тоа 10% албанци од 7.200, ќе имаме 7.200 албанци. Ама, за тоа никој, никој воопшто не обрнува внимание. Ама баш никој.

И сега, она што го реков, секој си играме на свои тапани. Вие имате Ваши тапани, ние имаме наши тапани. И , до бескрај. Се додека не пукне тапанот ние ќе играме на такво оро. За наша жалост. И за едните зборувам и за другите.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Не смогнавте сили да ги охрабрите луѓето кои навистина мислам за иднината на РМ и за сите нејзини граѓани. Никој досега не проговорил. Овие податоци што ги земав јас се релевантни податоци од официјалната администрација. Официјалната администрација дава, исто така, и податоци за средини каде што се изведува наставата на албански наставен јазик, имаме попусто, што се вели вработен наставен кадар, вклучен е наставен кадар со несоодветно образование. Такви ни се терените и во Крушево и во Битола, такви ни се и во сред Скопје, во Тетово, Гостивар, Кичево итн. Во тој правец потреба од соодветен наставен кадар има и во Македонскиот наставен јазик, но кај Албанците е многу поизразито. Дали тоа се заедничка болка на сите нас овде. Дали тоа не ќе беше тежина за сите нас ако еден дел од населението изостанува и не е во состојба да корачи со времето и прогресот.

Пред малку реков зошто немаме смелост да седнеме. Имате со кого да седнете, и ние имаме со кого да седнеме. Но, ние само овде на говорница имаме смелост некои работи да ги одвоиме, божем за интересите на македонскиот или на албанскиот народ, а фактички и едните и другите интереси се само наши интереси, но на вистината треба да и се гледа воочи. Таа може само да доцни, но да заборава не може. Сите подеднакво ќе бидеме осудени пред Историјата на правдата.

Г-дине Чокревски си отиде. Си, отиде, си зема за слобода "не можам тоа ѓубре да го слушам". Еве земам смелост да кажам дека дента кога јас дискутирав, тој ми направи гримаса, а јас му овозможувам му давам факти со име и презиме, а и во состојба е тој тие факти да ги кажува, на терен да излезе и до колку тие факти не се

релевантни, може со тоа "ѓубре" да не се разговара, со Сејфедин Харуни. Но, преку мене тој не може лов на вештици, јас сум сигурен. Јас не сум ни вештица, па не сум во прагот на XVIII век. Јас сум на прагот на XXI век. Тој побегна затоа што еве ја поканата (ја покажува поканата) преку која на информативен разговор ги имаат поканeто луѓето на така наречен информативен разговор. Ќе му ја оставам тука нека ја гледа. Јас такви покани за информативен разговор имам преку 700-тџни, а можеби е и поголем бројот но луѓето не дошле да ми ги остават.

Г-да, јас ви реков уште на почетокот, јас сум по професија наставник, меѓутоа не мислете дека сакам да ви одржам лекција тука. Тоа не го сакам ни најмалку и затоа бидете стрпливи. Јас го зборувам тоа што така го гледам и го чувствувам, а болно го гледам и болно го чувствувам.

Овде пишува, - установено е дека обрасците се базирани оф> врз основа на законот за кривична постапка од 1985 година.(закон кој веќе не е во сила), цитирам - Службен весник на Република Македонија од 20.09.1988 година, врз основа на член 151 од Законот за кривична постапка и член 15 од Правилникот и правилата за вршење на работата за јавна безбедност. Како што ви реков имам доста такви покани.

Она што го реков, некој ми рече Сејфедин сигурно бил доста уморен, она што г-динот Петковски, претседателот на собранието ми рече од здравствени причини треба да завршите побрзо, мислев дека јас сум во напната ситуација или пак дека сум, што знам, страстите и емоциите се во кулминација. Тој седеше, а јас стоев и еве тој имаше многу грижа за мене. Јас исто така го почитувам,но сакам да  му кажам

дека местото не е за емоции, ниту најмалку сакам емоции само тие пусти емоции останаа за нашите секојдневни случувања кој станаа чести, во конкретниов случај, туку го потенцирав пред малку дека некој на прагот на XXI век сака лов на вештици и сака Гостивар да стане Салем па потоа Совето. Но, запамтете 11.000 миљи Гостивар е далеку од Салем. Тоа е град во САД.

Вакви покани имаат: Абаз Ејупи од с. Добридол, од Абаз Ејупи има земено покана, а од с. Добридол се поканети над 30 души на наводен информативен разговор. Повикан е на ден 7.08 и ден 30.08. 1997 година. Сервет Љатифи од Тетово повикан на 26.07 1997 година во 10 часот на информативен разговор, Фезјзули Зулфи Мејаз од Тетово исто така во 9,оо часот, Камбери Ристем Шкодран од с.Гајре исто така итн.

Тоа му беше и целта на г-динот Чокревски што излезе од сала, но јас една таква покана ќе ја оставам на неговото место па тој нека му мисли дека не е тоа така.

Јас на г-динот Чокревски му поставувам едно друго прашање а сигурен сум дека ме следи од некој монитор. Зошто г-дине Чокревски и сите оние кој придонесоа не само за Гостивар, Радолиште, Куклиш, Радовиш, Струга, Бит Пазар, Речица баш се земени мешаните средини. Најмалку во мешаните средини има такви походи треба да се преземаат затоа што во мешаните средини, ако не друго не само г-динот Чокревски туку и неговите истомисленици треба да имаат сол пред себе и кога ќе можат некогаш да се определат за таков план во мешаните средини нека малку лижат по солта. Инаку без сол е таа ужина. Без сол ефект од тоа немаме.

XI/4.-

Што се постигнува во конкретните случаи, односно конкретниот случај. Гостивар, неговите граѓани: Македонци, Албанци, Турци и сите што се тука без омраза од утро до полноќ не можат да си го замислат јавето. Омраза во Гостивар, омраза во Скопје, омраза во Албанија, омраза во Србија, омраза во Хрватска и секаде. Изгледа дека само ние станавме популарни со таа омраза , ние Балканците. Ние балканците ја прифативме таа омраза бидејќи Балканот е јаве на тоа мочуриште, можеби на тоа најголемо мочуриште на Европа, затоа мора ние да се давиме ка^> и секоја друга жаба во таа бара. Без прекин, без друго размислување само се мразиме, а што, кој што добил од тоа јас не знам. Јас не сум убеден од таа омраза нешто никој добил.

Јас сум сигурен дека и на премиерот и на претседателот на Собранието Тито Петковски и на претседателот Киро Глигоров, верувајте дека аз вистината во Гостивар не се известени искрено. Неможно е тоа. Јас не сум, уверен дека вистината му е пренесена на Бранко Црвенковски на претседателот Киро Глигоров, инаку во Гостивар дента кога ги посети Бранко Црвенковски полицајците, ги поздрави со палец, алал ви вера момци така и треба. Јас бидејќи сум го ценел, за него трипати сум станал на говорница и сум рекол навистина треба да се бориме за еден таков храбар премиер, во двете реконструкции на Владата, во двата мандата кога требаше да се избира реков, вреди да се бори и да се поддржи за премиер во Владата на РМ. Меѓутоа тој ден неговото однесување на ништо не ми личеше, туку на едно паталошко негово однесување . Но затоа кажувам дека веројатно и тој е наседнат, не му е кажано за вистината и сакаат само да ги покријат, како што е онаа народна "сњек не пада да покрије бријег, него пада да буду покрити трагови 5вери". Не можам јас да бидам убеден дека тој негов поздрав ако бил информиран за настаните во Гостивар, тој тоа немаше

да го направи. Тоа можат да го направат само болните луѓе и болниот ум, а јас сум сигурен тој за тоа и не знае. Тоа го кажувам од говорниц. затоа што тој не е пример само на македонците и на таа едничка припадност, тој е и мој премиер, тој е премиер подеднакво и на Турците, и на Ромите и на Власите и на сите оние што живеат во РМ.

Господа, ако во конкретниот случај Галоповиот институт направи она што направи, ако некој се плаши ако утре ќе ја изгуби фотељата што ја зафатил денес, или што ја задржува, тоа не значи дека не треба да се поправи во своето однесување и во своето владеење во кормилото на Владата на РМ. Напротив, јас не би се плашел затоа
што од таа бруталнсот ни тој нема ќар. И самиот претседател на Владата Бранко Црвенковски нема ќар, нема ќар ниеден граѓанин на РМ.

Не знам и не сум сигурен дали претседателот Киро Глигоров ја знае вистината за вантрешните меѓуетнички проблеми во својата држава, а истото прашање му го поставувам на премиерот Бранко Црвенковски.

Она што го рече г-динот Абрудаман Алити нема три месеци откако донесовме една таква декларација. Јас сум сигурен дека и нему му призираат. Ако е така тоа би било трагично. Не само Чокревски туку и дел други членови на Владата тоа не го прават, не го известуваат не му рапортираат за сите состојби и настани што денеска не засегаат сите во РМ.

Јас дента исто така реков дека Гостивар не е ни прв ни последен. Не поминаа ни три дена ни се случи тоа што се случи во Дебреше.

XI/б.-

Ќе кажам сега за една коексиденција. Атентат извршен 1949 година, тоа и минатиот пат го реков, единствен преживеан е шоферот и Абдил Абдули, дедо на овој Африм Абдули. Во инцидентот во с. Дебреше се направи она што еве и слушнавме, после 48 години, чист коенциденција може да биде и за наша среќа можеби, но внукот на истиот човек,да биде останат неогребнат и жив. Дали тоа е чиста коинциденција или пак ме става да размислам. Тогаш ако дедото и од негова изјава ќе зависеа доста невини жртви што се покажаа со интернации,и едно и друго. Двајца стрелани брака во Градец кој воопшто немаа врска, 12 интернирани од кои ниту еден не се врати дома, се покажа дека тоа не е ништо, но некој морал да остане за да ги сведочи тие сведоштва. Интернации во с .Калиште, интернации во с. Неготино, интернација во други села итн. секој поврзан со некои си ѓоамити поврзан пријател од колено па до колено, од пријател па до пријател итн. Сите на еден ист начин одговараа и се погубени.

Му се испушти од уста на г-динот од Прилеп и јас сум професор по јазик, а реков исто и јас сум јазичар па ние јазичарите некогаш и повеќе се задржуваме, па да му возвратам дека тоа што ве задржав и минатиот пат и денес не само што стојам зад таа дискусија и со најголема и чиста совест останувам на тоа тие податоци да се проверат. Тие не се од ракав извадени, не е она што циркусантите што го прават окус-покус. Најмала ми е намерата тоа да го направам. Нека се излезе на терен и нека се провери и за ограбените луѓе и за малтретираните луѓе и за изрешетените куки внатрешните делови на куќите. Нека излезат нека ги проверат и нека кажат тука дека до тука е ваша вина но оттука и тука е наша вина. Така прават напредните сили.

XI/7.-

На почетокот реков дека ние наспроти едни и други и секогаш секој на свој тапани играме и ќе го повторам тоа. Две вистини треба да има и едната и другата страна, а ни едната ни другата страна нема право «е настани што ни се случуваат. Точно е тоа дека ние секогаш такви потези правиме само во мешани средини, а што е целта, да се влева страв во коски кај Албанците и тоа рамнодушно Македонците и воопшто да не се иритираат во тоа. Јас не сум убеден. Јас лично не сум убеден.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (продолжение)

Ако исто така некој мисли дека токму западниот дел на РМ ќе треба да го замисли за свој пашалук некој, господа нека знае дека ние веќе не сме готови за тоа да даваме невини жртви, и никој такво однесување и право нема. Ако веќе некој натаму сака такви опробани методи, стари, зарѓани, јас сум сигурен дека тоа е веќе доцна. Н може Гостивар да се претвори ни Салем ни Совето. Тука сакам да прекинам , бидејќи гледам дека и од другите дискутанти и од другите што дискутираа можам да се задржам до бескрај, но не сакам да го девалвирам ни самиот Парламент ни вас.

Благодарам што бевте со мене.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Овде се изнесуваат работите како што ќе се речат , ако некој не го памти постојат стенограми, добиени се тие стенограми. Јас напротив, со респект зборував за една таква институција како што е институцијата од високо образование, па мојата споредба беше дека не е тоа ниту кокошарник, ниту полски тоалет, за да може Владата да дозволи такво нешто да работи илегално, институција од високо образование. Јас не сум рекол дека таму е полски клозет како што рече г-динот Сјфедин .

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас минатиот пат реков, можеби вие ми замерате, "трап лаже баба не лаже" . Мислите дека не ја знам онаа народна поговорка дека "баба лаже трап не лаже" . Ова што го рече г-динот Томислав Стојановски нека го земе заправо стенограмот и нека се види. Ако не рекол така јас повторно ќе излезам и ќе барам јавно извинување. Значи дента кога реков "ако трап лаже дедо не лаже", бидејќи дедо е цврст на таа Информација, тоа ми беше алегорично речено , а не дека грешев и дека направив лапсус.

Напротив аргументите значи воопшто не вредат и не се за ништо , а еден дедо може да ти направи информација така како што тој сака.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Сметам дека тридневната расправа по Информацијата по малку ми личи како да ја претворивме во некој дебатен клуб и тоа за меѓунационалните односи. Сметам дека за меѓунационалните односи расправавме еден период и донесовме Декларација и таа Декларација сигурно дека ја донесуваме и треба да ја почитуваме. Затоа јас ќе се обидам да не дискутирам за меѓунационалните односи , туку стриктно Да се задржам за Информацијата која е денеска на дневниот ред. Информацијата за мене е прифатлива Информација, таа сликовито ги објаснува настаните во Гостивар и Тетово и таа ги задоволува потребите и целта за која што истата е наменета . Затоа ја поддржувам истата и сметам дека е доволно опфатена , доволно конструктивна и јасна по која што можеме да бараме и пореална оценка за настаните во Гостивар и Тетово. Јас не сакам судирите во Гостивар и Тетово да ги прикажам како меѓунационални судири меѓу македонците и албанците, бидејќи тие не се некои меѓунационални судири, тие беа судири меѓу луѓе, меѓу граѓани на РМ кои што не го почитуваат Уставот и органите на власта кои што се исклучиво задолжени да се грижат за реализираше на донесените закони и на Уставот на РМ. Така ќе ја насочам својата дискусија а никако меѓуетничка и меѓунационална расправија.

Од Информацијата би сакал повеќе да зборувам за причините до кои што дојде да се случи ова што се случи во Гостивар и Тетово. Ние сите знаеме дека во Гостивар и Тетово органите на локалната самоуправа на чело со градоначалниците на овие општини бесправно ги подигнаа знамињата и покрај реакцијата на граѓаните и на задолжените власти на РМ , тие не ги симнаа знамињата. После сето тоа уследи

одлуката на Уставниот суд која што одлука стриктно ги обврзуваше оние кои што ги дигнаа знамињата, тие да ги симнат знамињата. Тоа тие не го направија , не само што не го направија, туку се закануваа дека тоа никој не може да го направи во РМ, што ми дава за право да кажам дека овие луѓе кои се на власт во тие општини не сакаат да го почитуваат Уставот, не ги почитуваат органите на власта , а со тоа не сакаат да бидат и лојални граѓани на оваа Република. И покрај предупредувањата на Уставниот суд тоа не се случи, потоа се донесе Закон за знамињата и потоа не се случи, така да мораше МВР да го направи она за кое што исклучиво е задолжено. Дали МВР~ги пречекоруваше неговите овластувања, или не ги пречекоруваше. Лично сметам дека акцијата која е изведена на ден 9-ти е строго професионална и избран метод кој што е најмалку ризичен. Затоа во целост ја поддржувам Информацијата и ја поддржувам акцијата која ја изврши МВР, бидејќи тоа го направи не затоа што тие се албанци, турци или не знам што, туку затоа што се граѓани кои не го почитуваат Уставот на РМ. Зарем некој очекуваше дека по симнувањето на знамињата и по повикот на одредени лидери на партии, односно на локалната самоуправа во овие општини да повика толпа народ од општината Гостивар да се спротивстават на органите на власта и тоа не само вербално, туку визички и со оружје зарем некој можеше да очекува дека МВР односно органите за внатрешни работи требаше да се повлечат или требаше да скрстат раце и да чекаат што ќе се случи. Мислам дека е направено она што можеше најпрофесионално да се направи и затоа не исклучувам никакво испитување на поедини случаеви - кои овде се изнесоа, најверојатно тоа е кажано и во Информацијата и јас се залагам поедини случаеви што се кажаа овде дека треба да се проверат и доколку има вистини во таа работа треба да се преземат мерки. Меѓутоа, ќе барам оставка односно ќе барам од-говорност од властите и тогаш кога нема да превземат мерки кога се

крши Уставот или законите во било кој дел на Република Македонија.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:;**

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Во врска со точката која е денеска на дневен ред, сакам да изнесам неколку мои гледања за настаните кои се случуваа во овие два града. Во истиот овој дом имавме неколку точки на дневен ред за меѓунационалните односи во РМ и изнаоѓаше за нивно унапредување. Точка на дневен ред беше Законот за педагошката академија и се она што тие денови се случуваше на улиците на Тетово и на Скопје. Овој пат имаме Информација во случување за Гостивар и Тетово и поводот е истакнување на знамињата на националностите. Во дискусијата по првата точка пред неколку месеци на таа пролетна седница меѓу другото реков: Настаните од 90-97 година што се случуваат на овој план ќе се повторуваат се дотогаш додека не сватиме или не се потрудиме да сватиме дека живееме заедно на заеднички простори и во една држава РМ.

Сега си го поставувам прашањето.: Дали се она што се случуваше на тој ден во Гостивар и Тетово до тоа некој сакаше да дојде или не? Пред да одговорам на ова мое поставено прашање сакам да кажам неколку реченици за Законот за локална самоуправа кој го донесовме минатата година, во кој на јасен начин е искажано како во една единица на локална самоуправа може да функционира. Тука е озаконето и јасно кажано кој се овластувањата на градоначалникот, кој се овластувањата и компетенциите на Советот. И на оној градоначалник избран во Гостивар и на оној избран во Св. Николе и на оној избран во Кичево и Штип. Тие градоначалници со мандатот граѓани избрани од народот со власт дефинирано во законот и можат да го применуваа од член 1 до член 97 , тогаш ова е највисокиот дом на оваа држава избран од народ исто од

непосредни избори кој избира Влада која треба да спроведе закони и Устав на една држава. Тука во постапка се рдмноправни и локалната власт спроведува свои закони до максимум, државанта исто така. Ако е така, тогаш функционира правна држава и се почитуваат институциите на системот.

Сакам да напомнам неколку члена од законот за локална самоуправа и прашувам до сите градоначалници или Совети. Еден од членовите, меѓу првите е, локалната единица да донесе свој грб и знаме со јасно дефинирани содржини. Дали тоа е единицата да речеме Гостивар или Тетово го донесе. Не. Се прашувам зошто? Отиде во друга крајност се злоупотреби , се прекрши законот. Сега да се вратам на одговорот на прашањето што го поставив на почетокот. Дали сакаше некој она да се случи . Одговорот е да. Кој? Локалната власт. Полна со невиден фанатизам » национален набој , занес, желба за власт, водена од екстремизам својствен само за екстремни партии приврзаници видени во поодамнешни времиња. Го сакаше тој ден, тоа го покажа со организираност и спремност. За жал, можеме да констатираме дека дел , а може да се рече дека припадници на екстремниот дел имаме и во овој дом Власта на тој ден едноставно спроведе закон и одлуки донесени од институции. Беше поставено прашањето дали има разлика меѓу Гостивар и Тетово. Да. Суштинска не но фактичка да. Во Тетово тоа се спроведе на еден мирен начин, без последици во Гостивар јасно се покажа дека тука имаше организирана спремност за спротивставување на полицијата. На ова некој ќе рече дека тоа е случајно. Од донесувањето на Законот на локалната самоуправа па се до доаѓање на екстремните сили на власт крајната цел е непочитување на институциите на државата во која живеат и нејзино пдривање. Дали можеше сево ова да се спречи да не дојде до него. Одговорот е да доколку со доаѓање на овие политички сили на власт, оние политички сили кои што се за соживот

и граѓани се обратија и ги искриткуваа ваквите донесени одлуки. Еден од дискутантите рече дека треба да се пријде кон научен пристап кон правата на малцинствата за прашањата на Балканот. Нашиот претседател бара комперативен пристап . Сметам дека навистина кон тоа треба да се пријде. На Балканот во 80-тите години се случуваше револуција на Косово , се случуваа настани во Албанија, се случуваше Гостивар, се случуваше Тетово итн. По мое гледање на работите сметам дека матицата земја е таа која треба генерално да пристапи на проблемот на малцинствата кои ги има во соседните земји. И затоа она што беше поставено како теза дека од Скопје се води антиалбанска политика јас сметам дека во нашиот западен сосед се води токму таква, која не помага во функција на разрешување, односно надминување на овие проблеми. Беше изнесена една идеја која заслужува и внимание а можеби и поддршка. Можеби требаше да го сториме истите ние пратеници кога се донесе Статутот на општина Гостивар за кој се знаеше како гласеше и што тој статут фактички предвидуваше. На прашањето до кога ќе се случуваат вакви настани за жал моето мислење и понатаму ќе се случуваат се до моментот додека во оваа држава на најекстремините политички сили им се дава можност да дојдат на власт. Ако тие ги нема, тогаш верувајте дека Македонија ќе биде една демократска држава во која сите граѓани ќе чувствуваат сигурност и добар живот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници,

На завршетокот сме на третиот ден од расправата по повод Информацијата од МВР за настаните во Гостивар и Тетово. Во принцип морам да ви кажам дека сум против расправата по информации заради тоа што изминатите три дена си зедовме за право да пресудуваме кој за што е виновен , си зедовме за право да кажуваме околу деталите за настаните, без се разбира за тоа да имаме аргументи, туку по наше гледање како тоа изгледало, а како не требало да биде.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:(**продолжение)

Мислам дека оваа работа можевме барањето е легитимно, да се достави Информација по повод овие настани, но во расправата мислам дека изгубивме три драгоцени дена кои можевме да ги искористиме за друго. Расправата мислам дека не беше во ред и се што требаше да направиме после добиената информација можевме, како сериозен парламент, заради нашите сомневања, односно заради сомневањата на барателот на информацијата да кажеме дека имало пречекорувања во овластувањата, да се формира анкетна комисија и после извештајот на Анкетната комисија са се отвори расправа по овој повод. Ние сигурно ќе ги повториме дискусиите уште еднаш кога ќе дојде извештајот од анкетната комисија, доколку таа биде формирана.

Сосема е јасно дека во центарот на причините за интервенција на полицијата се наоѓа по долгото барање на одредена политичка партија, поточно на ДП-а односно нејзините челници за редефинирање на уставното уредување на оваа земја и тоа постапно . Може да се потсетиме на многу настани кои во изминатиот период , за кои во изминатиот период бевме сведоци. Како круна на ова беа донесувањето на статутите на општините Тетово и Гостивар, каде што ДП-а ги освои локалните избори. Наместо во статутите и во актите на локалната само-управа да се позанимаваат малку со проблемите на граѓаните и како тие ќе се решаваат, како да му го направат поубав животот на граѓаните се впуштија во дерогирање на правниот поредок на оваа земја, во суспендирање на Уставот на РМ. После тоа , се разбира по покрената иницијатива Уставниот суд укина одредени одредби на статутите на општините што се однесуваат на употребата на знамињата на националности.

XIII/2.-

Оваа власт после донесувањето на одлуката на Уставниот суд имаше трпение дури месец ипол дена да евентуално се вразумат актерите на донесувањето на статутите , да ги изменат статутите, односно ја испочитуваат одлуката на Уставниот суд. Дури се отиде на донесување на Законот за употреба на знамињата на националностите. И што се случи? Со донесувањето на законот за знамињата на националностите всушност не се суспендира до крај употребата на знамињата на националностите, туку се регулира како и на кој начин тие ќе се употребуваат. Веднаш за да другиот ден , после интервенција на полицијата која беше изведена во раните утрински часови се со цел да не дојде до било какви проблеми околу спроведувањето на Одлуката на Уставниот суд, да се изведат недолжни граѓани кои најверојатно беа дезинформирани, а не правилно информирани, да се изведат на улица со цел да се спротивстават на ваквата до крај законита уставна и легитимна акција од страна на полицијата. Се разбира во попладневните часови како што беше кажано овде и од оние кои биле присутни таму и од информацијата дојде до судир на полицијата со одредена група на граѓани;и после тоа се разбира дека мора да има последици.

Но, овде се обвинуваше министерот за внатрешни работи, полицијата итн. Јас не сакам да бранам никого, но главни виновници се оние кои го изведоа народот на улица, главни виновници се оние кои го припремија одреден број на граѓани- за судир со полицијата и тие практично ги носат на душа не само паднатите жртви за кои искрено жалам, туку сите граѓани кои исто така беа жртви на една, да речам мрачна политика, на една политика како божем политика која ги штити правата во конкретниот случај на албанците, политика која е единствено исправна според нивно мислење за да се дојде до одредени права. Мислам дека доколку пак за другиот дел има пречекорување на овластувањата, овој Парламент се надевам дека ќе формира Анкетна

комисија која ќе ги испита до крај работите и доколку има такво нешто исто така и тоа ќе го осуди.

Ако господата градоначалници на Тетово и Гостивар до крај ги почитуваа институциите на системот, Уставот и законите , тогаш немаше да дојде до ова што дојде. Во Гостивар се случи и една многу чудна работа. Се испочитува Законот за локална самоуправа во делот на двојазичноста, кој се однесуваше на турската националност, бидејќи не чини значителен број, се суспендира употребата на турскиот јазик, додека другиот дел на Законот за локална самоуправа се толкуваше според свое видуваше и според ж:елбите на градоначалникот и советот на општина Гостивар. Мислам многу чудно. И на прашањето, зошто ова го сторивте кажа дека ние моравме да го оживотвориме , односно статутот да го правиме согласно Законот за локална самоуправа, додека за другите работи не важи Законот за локална самоуправа, туку важи замислената идеа за редефинирање и на законите и на Уставот на РМ.

Јас без намера да ви одземам повеќе време сметам дека сосема е јасно која е причината и кои се виновниците за да дојде до интервенција, а потоа што се случувало и како се случувало имаме низ фактографскиот извештај во информацијата на МВР, а доколку имало плус тоа , анкетната комисија се надевам дека ќе дојде до правата вистина и тогаш може да расправаме за евентуалната одговорност на оние што ги пречекориле овластувањата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-дин Ајдерага.

XIII/4.-

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе, излегов на говорница само да кажам неколку реченици, во однос на она што тука беше пред малку речено.

Се настојува од страна на СДС, а особено од страна на мојот претседател на Комисијата за земјоделие г-динот Џамбазов да се охрабрува интервенцијата на полицијата во Гостивар. Немам јас намера ниту изминатите денови кога дискутиравме по ова прашаше да го оспорам тоа. Јас знам дека г-динот Санде не е тука, меѓутоа, не можам да чекам тој да биде тука, па да дискутирам.

Се рече односно се оправдуваше интервенција. Јас пот- полно се согласувам, бидејќи во државата мора да има ред, меѓутоа, се поставува едно големо прашање како и дали исто се постапува во сите случаи. Еве пример. Ако во информацијата е наведено од страна на МВР дека имаше укажување што ќе биде во Гостивар, дека ќе се брани вака и така. Меѓутоа, се поставува и второто прашање. Имаше исто така што ќе биде на Мечкин Камен, таму господинот што , мене не ми доликува тоа да го правам, си ги бришеше нозете со знамето, а тој мирно беше фатен и однесен таму каде што требаше. Дали исто се постапува и дали има во Македонија два устава, односно два закона. Тука нека ми одговори г-динот што оправдуваше дека така требало да се постапува. Што е знаме не би сакал тука да зборувам. Како се постапи и како се обезвреднуваше тоа знаме, исто така на сите вас ви е познато повеќе од мене, бидејќи јас во моментот не бев тука и за тоа се запознав покасно.

Кога сум тука да кажам уште нешто. Ако постоел план, така да се изразам, тие челници дека треба да се дисциплинираат, се поставува прашање зошто се тепаше народот, зошто се тепаше народот?

XIII/5.-

При едни слични околности еднаш своевремено во ова наше минато се постапувало на следниот начин. Се испоставило дека на одредено место може да има некои проблеми, меѓутоа, органите пред да преземат мерки како што преземаа во Гостивар, сепак се консултираа со повозрасни, да кажам така, луѓе и ги прашаа за совет. Ги гледате работите што се дали треба и што треба да правиме по ваше мислење. Еден мудар старец им одговори: ако сте решиле да ги тепате тие што сена чело, тепајтеги, не тепајте го народот.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Обично не практикувам да реплицирам, меѓутоа, овој пат ќе мора да реплицирам затоа што се разговара за една суптилна , многу значајна, многу осетлива тема.

Јас реков дека во целост ја поддржувам акцијата на МВР за зачувување на редот и мирот, односно за зачувување и; почитување на Уставот и законите кои што ги донесе овој дом или претходниот дом, важно од овој дом.

На крај кажав дека ќе го осудам Министерството, односно, ќе барам одговорност од Министерството, ако исто така не постапи било во кој дел на Македонија. Јас не ги делам луѓето по националност, туку сите ние сме граѓани на РМ и сите мораме да го почитуваме Уставот и законите, подеднакво, ама таман подеднакво. Споредбата дали на Мечкин Камен или Гостивар е иста, морам да ви кажам дека по тоа што можев да прочитам, бидејќи не бев во Мечкин Камен, а не бев ни во Гостивар, тоа кога се случи, она што можев да читам од средствата за информирање, она што можев да видам од Информацијата за МВР не беше иста. Во Гостивар милицијата се нападна со тврди предмети и со оружје, така да се возвраќа со она што се напаѓа. Не знам што друго

можеше да направи полицијата, ако се нападне со оружје врз неа, а таа е единствената која е исклучиво овластена само да го одржува редот и мирот во РМ. Нема никаква друга задача.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Ама народот знае една стара анегдота, а тоа е следната. Кога се спријателите мечката и дрварот се спријателиле. Ја удрил дрварот мечката со секира по глава, станале непријатели. По извесно —.време повторно се виделе и мечката се обратила на дрварот и му рекла: "види, гледај ја мојата глава, гледаш има нешто?" Секако се; знаеше зошто ја удрил. Затоа што и рекол на мечката дека смрди. Таа му рекла "види има нешто рана" немаше рана, беше зарасната, меѓутоа, зборот го памтеше мечката.

Господине Џамбазовски Устав имаше и за Мечкин Камен , што направија.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Многу малку сум овластен да кажувам што се направило во состојбата на Мечкин Камен, меѓутоа, колку што јас знам сразмерно според односите на луѓето на Мечкин Камен сите одговараа и се уапсени и ќе одговараат според Законот кои што ние го донесовме.

**САМИ ИБРАИМИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, господине министре, јас ќе се потрудам кратко во некоја друга димензија да објаснам некои работи. Еден господин рече дека сум споменувал дека информацијата сум ја нарекол дискриктивна . Таа е дискриктивна и затоа барав таа дискрикција да ми се објасни како дојде до тоа. Значи кој, како, кога и зошто нареди да дојде до таа трагична состојба во Гостивар.

XIV /1 ПЈ/ПН

**САЈ1И ИБРАИМИ:** (Продолжение)

Како што спомна и г-дин Арбен Џафери, Арбен Џафери е јавна личност, претседател на една сериозна партија, релевантна партија во мозаикот на политичките партии на РМ, неговите изјави се вон Парламентот, па треба кому не му се бендисуваат тие изјави, таму каде што ги кажал г-динот Џафери, таму да се отвори реплика да му се одговори или да му се поставуваат прашања, а не тука дискутираме за информацијата, а некои тргна по пат да го брка г-дин Џафери.

Доста дискутиравме веќе 3 дена, а јас пак сакам да ве убедам дека смртта или одземен живот на некого е максимумот или плафонот на секакво пречекорување, а за жал тоа се случи во Гостив&р, а некои пак пратеници животот на албанецот го споредуваат со ловеше на фазани или друг дивеч кога е забрането ловењето. Верувајте ако ловецот лови во забрането време, сигурен сум дека ќе одговара за кривичното дело што го направил. Но за жал и ден денес никој не одговарал за убиствата на граѓаните или нивни граѓани на Македонија, почнувајќи од Бит пазар, во затвори, Мала речица итн. се до Гостивар. А што е најчудно, жртвата секогаш е виновна тоа е нон сенс, демократски нон сенс. Права демократија е кога пратениците ќе се избираат од народот, тука во овој народен парламент ќе работат за народот. Тоа е права демократија. За жал, ние сме избрани од народот, сме во народно собрание, но скоро ништо не правиле за народот. Народот ни е невработен, гладен, а понекогаш и утепан и убиен.

Мене ми е жал дека овој парламент за овие 3 години зборувавме доста тука, сме од народот во народниот парламент, но работиме за

Владава не за народот. Тоа е веќе докажано,левата страна е вертикално, мислам хоризонтално само ги слуша наредбите од Владата, нешто се трудиме од десната страна вертикално да кажеме но паѓаат во вода и тие. За демократијата се вели дека монета на капитализмот е парата, додека монета на демократијата е информирањето. А монета на нашата демократија е полицијата, оружјето, за жал. Со ваквото однесуван>е на некое одредено министерство, мое лично мислење е дека нашата полиција е клонирана и се однесува зорбалиски, овие сигурно ќе ги разберете,овие термини.

Џон Кенеди во своето време рекол, го цитирам или парафразирам: "Ин џастис енивер сретенс џастинс еври вер", неправдата каде и да било ја загрозува правдата секаде. Затоа, дајте да бидеме објективни во нашите проценки за трагичните настани во Гостивар и други трагични настани пред тоа. Да не толерираме пречекорувања со трагични епилози. Да бидеме повнимателни во селекцијата на политичката лингвинистика, да си ги поврземе нашите мисли и реченици со логика и објективност, а не со бодликави жици, бидејќи знаеме што е бодликава жица, за жал тоа може да донесе и до геотомија и немилнив пораз за сите нас два милиони граѓани на Македонија.

И сосема на крај дајте да бидеме искрени и храбро да ја согледаме реалната ситуација во РМ и тоа не само за меѓуетничките односи, туку и за стопанството, и за социјалата и натаму. Можеби сме единствена земја која во главните ТВ вести го слушаме следното: а сега една радосна вест од утре пензионерите ќе го добијат пензиите во висина од 5 илјади и 110 денари итн. Ова е нон сенс. Значи, колеги, нешто шкрипи, некој гладува,

невработени. Имаше една емисија, некој умира дома и никој не го прифаќа да го излекува од шеќерна болест или не знам што, вчера на ТВ беше. Дајте да бидеме похрабри да излеземе од оваа ситуација, значи, да ја кажуваме вистината.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Г-дин Аце Коцевски бара збор.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитуван министер, почитувани дами и господа, еве со денови расправаме за една мошне чувствителна материја, која задира во областа на меѓуетничките односи и поради тоа предизвикува разбирлив интерес меѓу пратениците и воопшто, во јавноста. Добро е за вакви теми што почесто да се разговара со многу повеќе толеранција со ладни глави, со меѓусебно уважување и почитување, со напуштање на салонскиот космополитисам и кафанскиот патриотизам за да може по сите прашања да се разговара многу реално, затоа што со сопственото залажување и залажувањето на другите не можеме да ги решиме проблемите, само ќе ги одложуваме за некое друго време, кога можеби ќе биде предоцна да се разрешуваат. Еве ние во продолжението на оваа расправа или воопшто по оваа точка од дневниот ред како пратеници и како парламент, по мое и по наша мислење во една прилично апсурдна ситуација, посебно пратениците од опозицијата се во чудесна состојба да арбитрираат за едно прашање, кое треба да биде разрешено во рамките на Владата, затоа што ова е проблем, кој треба да се реши во Владата и во таа смисла малку се неодржливи вашите тези кога се залагате проблемите да се решаваат во институциите на системот, а оваа тема ја наметнавте на расправа во

Собранието, а вистинското место каде што треба да се расправа е Владата на РМ во рамките на коалиционата Влада од каде и произлегоа сите овие проблеми. Очекувате неоправдано ние да се јавиме овде во улога на арбитри што мислам дека не е добро и нема да донесе никакви резултати.

Ова што сега се случува е резултат на една континуирана политика која се води во РМ, како резултат на недостатокот на вистинска визија и стратегија за тоа на кој начин треба да се трасираат и да се организираат меѓуетничките односи во РМ, затоа што од одредени партии, пред се, владеачката партија, која ја има доминантната позиција и во Парламентот и во Владата, прогласувајќи се себеси на една од последните седници, мислам на централниот одбор или на партиската конференција дека клучот на меѓуетничките односи во РМ е во рацете на таа партија, е многу погрешен пристап кој може да има катастрофално лоши последици по натамошниот развој на РМ затоа што нема логика клучот на разрешување на меѓуетничките односи да биде само во рацете на една партија без разлика колку таа за себе мисли дека е важна и моќта и дека ја преферираат граѓаните на РМ затоа што корпусот и на прашањата од меѓуетничките односи треба да се решава меѓу сите релевантни фактори, субјекти, партии во РМ и што е можно повеќе да се доаѓа до консензус во најважните и највиталните прашања од животно значење од таа област.

Затоа, би сакал да ве потсетам на некои работи кои хронолошки се надоврзуваат на ова што се случи во Гостивар.

Прво, во 19 94 година кога во овој Парламент се гласаше за изборот на тогаш новата Влада на РМ, после парламентарните

избори, кога пратеничката група на тогашната ЛП се воздржа од гласањето за Владата, затоа што не сакаше да му даде поддршка на г-динот Сабриу, кој беше предложен на листата од ПДП а исто времено беше еден од потписниците на основачкиот акт за основање на нелегалниот факултет во Тетово, вие се обидовте да ја префрлите одговорноста на наша адреса, прогласувајќи не дека ние ги рушиме добрите односи со Албанците, и самите себеси, прогласувајќи се за партија која ќе ја земе одговорноста на свои плеќи, правејќи Влада со партијата за ПДП; а без ЛП за натамошниот развој на односите.

Тогаш, вие на некој начин ја покажавте вашата дволичност, затоа што од една страна лично премиерот тврдеше дек ќе бидат преземени сите средства на правната држава за да се спречи организирањето на наставата на тој нелегален универзитет, а друга страна дозволивте тој г-дин да седне во Владата со што на индиректен начин ги потхранивте радикалните албански политичари во РМ.

Ито така, ќе ве потсетам дека во времето на донесувањето ан законт за територијална поделба, покрај многуте забелешки кои беа изнесени од страна на пратениците од ЛП; односно од ЛДП, од ЛДП, што се разбира не беа уважени од ваша страна, беше и изнесениот став од наша страна дека со ваквиот концепт на територијално вештачко делење на РМ ќе се создадат многу општини во РМ, кои на некој начин ќе бидат етнички чисти, што од друга страна ќе предизвика радикализирање на состојбите и заострување на меѓуетничките односи. За жал, нашата констатација се испостави како многу визионерска, и многу точна и јас

верувам дека овој Парламент ќе се соочи со разговарање на темата на некоја нова територијална поделба за брзо време. Затоа што со создавање н етнички чисти општини, нема да има напредок во една граѓанска држава, како што ја замислуваме да биде РМ.

Исто така, би ве потсетил на премногу толерантниот однос кон одредени појави што се случуваа во РМ во изминатиот период, иако сега вие сакате да се преставите себеси дека сте ги осудувале, или сте се бореле против тие појави или состојби иако ќе ви биде болно на некои работи. Самиот творец на идејата за автономијата Илирида, г-динто Положани, вие го избравте да биде заменик министер во Владата на РМ. Исто така, еден друг г-дин Халили, кој беше министер во претходната Владата кој за наша несреќа многу дрско отиде во делегација на РМ, не знам на кој собир беше на ОБСЕ или не знам на кое друго место, каде што настапуваше против РМ и гласаше против интересите на РМ, вие го избравте за амбасадор, да ја претставува нашата држава на друго место. Не знам колку граѓаните се спремни да веруваат на вашите ставови дека вие се борите против сето тоа, кога сте вие тие кој на некој начин ги одобрувате тие работи и ги оставате да ви случуваат во самата влада односно во институциите кои се под контрола на Владата.

Исто така, би сакал да ве потсетам дека нашите укажувања при донесувањето на законот за употреба на знамињата на националностите односно малцинствата, како треба да се викаат во РМ, не беа уважени, со што јас уште еднаш сакам да ве потсетам дека

ние направивме уште еден голем преседан, невиден, во меѓународната пракса, и многу ми е мило ова што се случуваше, што беше изречено до устата на германскиот бундестаг, кој испадна, така да речам, поголем македонец од вас пратениците од СДСМ, зашто самиот тој кажа дека такво закон, таква пракса не постои никаде во светот. Иако, г-динот министер за правда многу дрско си зема за право од оваа говорница да дава примери дека тоа го има во Германија со некое племе или национално зерби кое ги има 10 илјади народ и дека тоа го има во Сојузна Република Германија. Видовте дека на тој начин претставниците на германскиот парламент за разлика од нашите претставници од парламентот се однесуваа кон ова прашање. Мислам дека и таа болна вистина кога тогаш сте ја сфатите и јас надежта да разрешување на тој проблем, сепак ја гледам во донесувањето на правична одлука од страна на Уставниот суд на РМ затоа што за овој закон е покрената иницијатива.

На тоа ќе надоврзам една изјава на почитуваниот господин Чокревски кој рече дека во средствата за информирање дека акцијата во Тетово, во Гостивар била замислена, затоа што требало да се штити територијалниот интегритет и суверенитетот на РМ кој бил загрозен затоа што противзаконски биле истакнати знамињата на малцинствата во Гостивар. И сето тоа е во ред до одреден степен на размислување. Меѓутоа, каква е логиката вие да мислите дека е нарушување на територијалниот интегритет кога не е нарушување ако тие го истакнат тоа исто тоа знаме кога е државен празник или кога е некој друг празник. Зарем треба тоа да се казнува затоа што продолжил да го држи тоа знаме еден ден повеќе, десет дена повеќе, или месец дена повеќе. Тоа уште еднаш ја потврдува апсурдноста на вашите тези дека

истакнувањето на тоа знаме тогаш кога нели со закон не е дозволено значи нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет. Тоа е нарушување, секогаш, затоа што е тоа знаме на странска туѓа држава, а не е нарушување затоа што се истакнува тогаш кога вие не сте им дозволиле да го истакнуваат. Симболот е на туѓа држава и затоа е нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет, не затоа што вие сте изгласале таков закон и тие мора да се придржуваат на тој закон. Така, мислам дека од тој аспект не е добро, што се случуваат на таков начин работите. Затоа,мислам дека интервенцијата на МВР беше нужна, потребна и очекувана. Меѓутоа, го изразувам својот став и ставот на пратеничката група на ЛДП дека до таа интервенција на полициајта мораше да дојде многу порано, а не да се чека месец и пол, за да се создаде една таква атмосфера, да се потхрани радикализмот кај одредени политички експоненти во Македонија, кои ја искористија таа ситуација да изигрconsiderации локални шерифи, да даваат изјави дека ако треба знамето ќе го бранат со крв. Им се даде простор од месец и пол дена да ги разгоруваат страстите кај луѓето, Мислам дека полицијата односно Владата направи една проценка, повлекувајќи го тој потег во времето кога ноќта по донесувањето на законот за потреба на знамињата на малцинствата и изгласаната девалвација на денарот. Со тоа Владата покажа дека внесе премногу политика е не стручност во интервенцијата на полицијата за настаните во Гостивар. Без разлика колку сега државните раководители се обидуваа да објаснат дека законот за потреба на знамињата на малцинствата нема никаква врска со интервенцијата, затоа што одлуката е за да се интервенира

таму, ја засновуваат на претходно донесената одлука на Уставниот суд на РМ, го поставувам прашањето зошто тогаш толку ви се брзаше за да стапи тој закон истатаноќ во сила. Зошто направивте преседан него д го потпише претседателот на Собранието кога претседателот на државата, кој е овластен да ги потпишува указите се наоѓаше на службен пат, а не беше спречен од здравствени или други причини да ја врши функцијата претседател. Моето размислување е вие дека се одлучивте на таков чекор, затоа што бевте свесни за негативните последици по вас и вашиот рејтинг по донесувањето на законот за употреба на знамето на малцинствата во РМ и посебно заради несигурноста од можните ефекти од девалвацијата на денарот, за да може барем на краток рок да се амортизираат работите и вниманието на јавноста да биде свртено «а друга страна^ Тоа се разбира, ви успеа, меѓутоа, ногу кратко.

XV/1

сј/вс

**АЦЕ КОЦЕСКИ,** (продолжение),

Затоа што таквите ефекти нудат половични решенија со кратки ефекти, а кога тогаш ќе бидете принудени да се соочите со болната вистина. Но, мене посебно ме загрижуваат оценките кои беа изнесени во средствата за информирање од компетентни лица кои се разбираат многу повеќе во врска со активностите на полицијата, дека акцијата на полицијата била многу лошо организирана и спроведена. И, од тој аспект ако се гледа на работите се фрла многу друга светлина врз евентуалните пречекорувања на овластувањата на полицијата затоа што вие ако пратите полицајци без разлика дали се специјалци, или не се специјалци, а направите многу погрешни проценки околу тоа како ќе се одвива акцијата и кои ефекти и контраефекти можат да се случат од сето тоа и кога ќе дојде животот на полицајците под знак на прашање заради тоа што се случуваше таму со молотовите коктели и организираниот отпор, прашање е колку треба да ги осудуваме тие луѓе кои беа ставени во ситуација да ги губат своите човечки животи и се разбира не по своја вина затоа што тие што се виновни за таа состојба седат негде во некои кабинети и водат висока политика.

Исто така неодржливи ми се тезите со кои вие многу често настапувате повеќе пратеници, дека одлуките на Уставниот суд мора да се почитуваат. Да, драга г-до, мора да се почитуваат, меѓутоа ќе ве потсетам дека Владата не почитува една многу скорешна одлука на Уставниот суд за зголемување на пензиите на пензионерите од 8%. Дали тоа не значи бојкот на владата на одлуките н а уставниот суд на РМ. Кој е механизмот Владата на РМ да се земе на одговорност затоа што не ја спроведува таа одлука на Уставниот суд. Или доволен аргумент, или образложение или оправдување, е тоа дека фондот за ПИО ќе крахира доколку се спроведе таа одлука. Зарем Уставниот суд тоа го интересира. И правниот поредок. Тоа за правниот поредок воопшто не е важно. Важно е дали е правото на пензионерите узурпирано или не е узурпирано. Меѓутоа да се вратиме на основната тема.

Неодржливоста на коапицирањето на СДСМ и на ПДП дојде најмногу до израз после интервенцијата на полицијата. Колку има таму неразјаснети работи. Колку е таа коалиција направена на некои основи кои не се јасно дефинирани, каде што нема јасни правила на игра, ниту

концепт направен за некоја блискост по стратешките прашања за развојот на РМ, се виде токму по однесувањето на пратениците министри од ПДП по интервенцијата на Владата.

Каков степен на недоверба е кон нив е односот на министерот Чокревски кој свесно одбил да ги информира затоа што сакал да добие акцијата фактор на изненадување, што значи дека претходно мислел тој доколку тие бидат информирани, веројатно некого ќе предупределе во Гостивар па можело да се случи да дојде до некоја контра организација и да има страшно големи последици што не е далеку од умот. Се е можно нели.

Од друга страна се гледа дволичниот однос на министрите од ПДП во Владата на РМ кои се оградија од одлуката на Владата. Извесно време ја бојкотираа работата на Владата, доаѓаа и пратениците овде во парламентот, меѓутоа потоа се си легна на брашно, веројатно има некој поголем кохезионен фактор. Власта е слатка работа, веројатно има некои други интереси, економски, или е друг вид кои се сепак поважни од овие други политички интереси кои се разбира ја доведуваат до апсурд самата коалиција помеѓу СДСМ и ПДП.

Во врска со евентуалната одговорност на министерот Чокревски. Ние се сомневаме во компетентноста на г-динот Чокревски за успешно водење на ресорот на кој се наоѓа, впрочем тој во неколку наврати сам даваше изјави дека е залутан во политиката и се прашуваше дека не знае и самиот зошто се наоѓа таму, меѓутоа сакам да кажам дека во оваа конкретна ситуација би било неправедно да се обвинува само г-динот Чокревски, односно да се обвинува г-динот Чокревски затоа што таква интервенција после се што се случуваше мораше да има, само што по наше мислење дојде многу задоцнето.

Второ, ако е одговорен г-динот Чокревски тогаш не може да биде изземен од одговорност и премиерот на Владата затоа што г-динот Чокревски колку што се сеќавам изјави дека единствениот г-динот Црвенковски бил информиран за акцијата на полицијата, што значи дека ја одобрил. Ако на тоа се надоврзе фактот дека г-динот Чокревски заедно со премиерот на Владата беа во Гостивар и самиот премиер со кренат прст на Владата им честиташе на специјалците кои учествуваа во акцијата, што значи дека премиерот во никој случај не може да биде

амнестиранн од одговорноста. Заради тоа ме чуди односот на пратениците пред се од пратеничката група на ПДП што сиот атак го насочуваат кон работата на министерот за внатрешни работи, а свесно го тргаат на страна како не одговорен премиерот на Владата. Што мислам дека пак се работи за некои задкулисни игри и некоја преголема политизираност што нема да вроди со плод.

Исто така мислам дека не беа на место изјавите кои беа дадени во средствата за јавно информирање од страна на претседателот на Републиката за странски гласила, дека тој не бил информиран, дека во времето на интервенцијата не бил во Државата, а посебно мене ме изненади и мислам дека не и носи ништо добро на државата, изјавата, дека сите албански политички партии во Македонија се залагаат за отцепување од Македонија.

Ако тоа е така, ако тоа го каже првиот човек на државата, а во исто време сте во коалиција со една таква партија, што значи дека и ПДП не е изземена, дека и таа се залага за некоја сецесија и отцепување, тогаш очигледно нешто не е во ред во политичките односи во РМ. Затоа препорачувам место давањето на такви изјави, малку по реално и потрезвено да се гледа на работите, многу повеќе да се разговара за вистинските причини и за ваквите состојби, а не само да се гасат пожари и да се гледаат последиците од можните настани и не да се оди само на некој манифестации од протоколарен карактер, туку да се оди и во Тетово и во Гостивар и во Дебар, а и да се оди и во фабриките каде што работниците немаат земаат плата повеќе месеци за да се изнаоѓаат решенија за актуелните проблеми.

Исто така би сакал и да проговорам и за некои други работи кои мене страшно ме загрижија после Гостиварските настани.

Посебно ме загрижија тезите и даваните изјави од повеќе институции содржани во изјавата или како ја нарекуваат од Европската Унија во врска со Гостиварските настани каде што се промовираат формулации за две страни. Што значи Македонија веќе ја делат на две страни. На едната страна се македонците, на другата страна се апбанците. Мислам дека тоа се страшно лоши поделби кои ни се случуваат нас и кои долгорочно ќе имаа опасни последици затоа што самиот тој факт го руши граѓанскиот концепт на постоење на оваа

држава и се повеќе го враќаат колективистичкиоит и етничкиот принцип на разрешување на проблемите и на поставување на темелните работи во државата. Тука се надоврзуваат поделбите ние-вие, вашите-нашите, итн.

Исто така промовирано е посредништвото директно или индиректно меѓу двете страни, што исто така не е добро и нешто сугерира на подолг рок.

Тоа е содржано и во точката три од демаршот на Европската Унија каде што се вели дека "Европската Унија ги повикува страните да соработуваат целосно со високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ и со мисијата на ОБСЕ во Скопје во нивните залагања насочени кон охрабрување на мирно решавање на разликите во согласност со принципите на ОБСЕ.

Исто така ме загрижи нотата која беше упатена од страна на апбанското министерство за надворешни работи на нашиот амбасадор во Тирана, каде што беа изречени формулации дека се осудува насилството што било применето од полициските сили врз албанците и дека се бара повеќе никогаш да не се повтори.

Ова малку звучи и како закана, значи што ќе биде доколку тоа друг пат се случи. Не знам на кој, дали на соодветен начин реагираше нашето министерство за надворешни работи, меѓутоа ова мене ми прозвучи како многу сериозна закана и мешање во внатрешните работи на Република Албанија во внатрешните работи на Република Македонија. Меѓутоа, тоа не е прв пат да се случува во Тирана, посебно ме зачудува и вредно е да се спомне односот на скоро сите лидери на политички партии на етничките албанци во Макеоднија кои често пати одеа, јас велам во шала по свое мислење во Тирана или на одредени консултации во Тирана и заговараат некои стратегии за глобално решавање на апбанското прашање на Балканот што е сосема спротивно од нашиот Устав и видувањето како треба вистински да се решаваат работите.

Исто така загрижен сум поради јаловата надворешна политика која ја водеше нашето министерство во периодот после Гостиварските настани, која не вроди со никакви резултати затоа што наспроти нашата јаповост на дипломатијата мислам дека дипломатијата што ја водеше г-динот Џафери за жал беше многу по офанзивна и вроди со повеќе

плодови од државната македонска дипломатија што со сопствени сили а што со помош на силното албанско лоби посебно во САД. Мислам дека како резултат на сето тоа дојде до таквата содржина на демаршот од Европската унија.

Посебно би сакал да ја потенцирам радикалноста на политичките ставови на демократската партија на албанците посебно на г-динот Џафери по чии ставови очигледно е дека се залага за голема жалост за етнички чисти држави на Балканот, што е небулоза да се случува на прагот на 21-от век кој со своите неконтролирани или намерно давани изјави ја навредуваше и омаловажуваше не само државата туку и граѓаните на РМ, посебно со изјавата дека е родена една голема апбанска кауза во РМ, дека соживот во истата не е можен затоа што системот во неа е наводно репресивен за апбанците во РМ.

Од тие причини мислам дека во РМ треба да се поттикнуваат и да се охрабруваат политичарите од апбанско етничко потекло кој имаат многу поинаква филозофија за разрешување на проблемите во државата. Сеуште верувам дека такви има во ова Собрание, но на тие луѓе треба да им се даде поддршка за да можат да истраат во нивните напори иако како одат работите кога ќе се наелектризира малку атмосферата во меѓуетничките односи, од стравот да не се изгубат изборите и останатите прибегнуваат на слични методи, така да кога размислуваме трезвено во голема дилема сме како да се одлучиме. Дали има некаква битна политичка разлика помеѓу залагањата на едните или другите или во суштина по стратешките прашања за животот на етничките албанци во Македонија сите исто мислат, меѓутоа се работи за различен начин на интерпретирање на работите. Тука да не ги набројувам по кои прашања. По прашањето на универзитетот, употребата на јазиците, концептот за уставни промени и добивање на статус на државотворен народ итн.

Исто така загрижен бев дека ниеден еминентен политичар од етничките албанци во РМ не се огради од младинците кои беа облечени во црни кошули во Тетово. Вие добро се сеќавате дека кога се случуваа студентските демонстрации во Скопје не само што политичарите од македонско-етничко потекло сите се оградија и политичките партии, дури се оградија и организаторите од страшните заканувачки пароли, гасни

комори за шиптарите а вие ја немавте таа доблест да излезете овде и во јавноста со ваше толкување загрижени за тоа што албанците носат црни кошули, што македонците ги потсетува на периодот од времето на фашизмот. И тоа не е добро што е така.

Исто така мислам дека поради компромисерската и лошо водена политика Владата на РМ во изминатиот период не реагирајќи навреме дозволи во РМ да се изгради култ кон знамето на албанците во РМ кои претставуваше синоним за обезправеност на албанците во Македонија и посебно тоа го надоврзува на фактот дека во неколку стратешки проекти кои се случуваа во РМ се одвиваа под иста закрила, под една иста политичка филозофија, почнувајќи од проектот за Илирида, основањето на Универзитетот со настава на апбански јазик во Тетово, потоа бојкотот на пописот, негласањето на Уставот, наводните труења а учениците во Тетово, потоа доаѓањето на околу 20-тина или 17 беа, точно знае г-динот Чокревски интелектуалци од Косово кои мислам дека се најголем фитил на сето тоа што се случуваше и нивна креација се и Џафери и Универзитетот и сите други работи, меѓутоа ќе дојде ден кога и за тоа ќе се проговори во РМ. Односно филозофијата на градење на паралелни институции во системот кои на крајот треба да резултираат со федерализација или сецесија.

И на крајот би сакал да кажам дека ние сега би можеле да разговараме со денови за оваа работа, меѓутоа не сум уверен дека централните прашања од меѓуетничките односи воопшто ги загатнавме и ги допирнавме, затоа што за овие работи кои се стратешко прашање за развојот на РМ треба да се разговара многу, да се разговара секаде, политичарите мораат да имаат доблест, мора да бидат визионери, да ги предвидуваат работите.

Во таа смисла јас би завршил со следното укажување што ги имам како чувство од контактите со многу граѓани пред се, од македонско етничко потекло. Ако разговараме трезвено и ги погледнеме податоците од пописот на населението и посебно податоците за природниот прираст на населението во РМ ќе дојдеме до следните сознанија: македонците учествуваат со 66,6% апбанците со 22,67%. Меѓутоа, кога се работи за процентот на учеството во природниот прираст на населението, апбанците во 1994 година, односно прво за македонците учествувале со

29,27% во 1994 год. со 24,73%, гледате како рапидно се намалува тој процент, за разлика од процентот за природниот прираст на етничките албанци кои од 53,85% во 1994 год. се зголемува за 56,88% во 1995 год.

Што сакам да кажам. Доколку не најдеме заедничко решение за планирање на семејството во РМ за воедначување на наталитетот на населението во РМ не е далеку денот Х кога ќе дојде до изедначување на бројот на етничките македонци и етничките албанци во РМ. Можеби денот кога македонците ќе бидат малцинство во сопствената држава. Тогаш ве прашувам како тогаш ќе разговараме и на кој начин ќе се соочиме со таа вистина и на кој начин тогаш ќе ги градиме меѓусебните односи. Затоа треба многу порано и многу потрзвено, многу пореално, без комплекси да се разговара за тие работи, дури и да дојде до редифиниција на самиот подем на нација во смисла тоа да се свати нацијата како територија со одредено население и сите да бидеме пред се македонци, јас македонец од македонско етничко потекло, а вие македонци од албанско етничко потекло. Само на тој начин ќе го градиме концептот на граѓанска држава и ќе има перспективи за оваа држава. Во спротивно не знам што ќе ни се случи. Благодарам,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Џаферовски,
(Реакција на некои од пратениците во салата)
Јас дојдов на средина на дискусијата на г-дин Коцевски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Ако не бевме ние спомнати тогаш г-динот Аце Коцевски не дискутираше. Ако прифаќаме така. (реакција на пратениците) нема потреба од нервоза. Не се крши редот, не. Се кршат нормите на однесување на некои.

Прво последните реченици на г-динот Аце Коцевски зборуваат за неговиот демократски однос кон сите општествени збивнувања во една демократска држава. Господинот Аце Коцевски изрази жалење, загриженост за многу работи, меѓу другото загрижен за рејтингот на СДСМ. Еве сакам од таа грижа да биде растоварен. СДСМ има доста

висок рејтинг. Подоброто е да се сврти и да биде загрижен за опстанокот на неговата партија. За нас да не бере гајле, ние сме добри и мислам дека ќе бидеме уште подобри.

Загрижен за опстанокот на коалиционата влада. Таа имала лош концепт при формирањето. Исто сакам да му кажам да не се грижи, има и јасен концепт Владата делува врз основа на Устав и законите и не прави грешки и натаму така ќе продолжи се во интерес на функционирање на правната држава во Република Македонија.

XVI/1.-CC/OM

**АЈ1ИЛ ЏАФЕРОВСКИ:** (Продолжение)

Исто така, сакам да се растовари г-динот Аце Коцевски да нема грижа како натаму ќе функционира коалиционата Влада. Таа коалициона Влада исто така има концепт како и натаму ќе функционира и се во функција на функционирање на правната држава, се во интерес на граѓаните на оваа држава.

(Реакција на пратениците од место).

(Претседателот со ѕвоно предупредува на ред).

Па, ако беше дискусија тоа и ова е реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Ве молам г-дине Џаферовски , јас добив информација на- вистина дека поименично не сте биле спомнати. Ке Ви дадам збор после тоа.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Само уште една реченица. Г-динот Аце Коцевски кажа дека ако сме биле, ако Владата доследно ги почитувала одлуките на Уставниот суд, зошто не ја почитувала Одлуката за пензионерите? Многу нечесно додворување до пензионерите.

Прво, оваа држава има Фонд формиран согласно на Закон. Владата не е Фондот за пензиско осигуруваше. Тоа е едно и второ, не е до крај расчистено околу тоа што Одлуката на Уставниот суд вели околу процентот за зголемување на пензиите. Впрочем, на оваа седница на Собранието има и автентично толкување околу Одлуката на Уставниот суд.

Благодарам.

XVI/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас, навистина ги молам сите пратеници да го почитуваме Деловникот. Некој ќе има право на реплика само доколку е поименично спомнат. Јас добив информација од секретарот дека во оној дел каде јас не претседавав со седницата не бил спомнат г-динот Џаферовски.

Г-дин Коцевски, реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Благодарам, за можноста да излезам повторно на говорница. Навистина воопшто не сум загрижен за рејтингот на СДС^ Вие самите треба да се грижите за тој рејтинг. Јас , се што зборував, зборував од аспект какви се последиците на Вашата политика, односно на политиката на СДС врз развојот на меѓуетничките односи во Македонија и воопшто аз државата Република Македонија.

Од тој аспект сум загрижен. Воопшто не сум загрижен затоа што Ви се случува вам. Баш напротив, треба да ми биде драго ако е така.

А, кога сум веќе тука да ја искористам можноста и да од- говорам на тоа што го кажа претходно г-динот Настевски во врска со тоа дека Либерално-демократската партија е во ситуација ни риба ни девојка, дека три пати го менувала името и треба да се изјасни.

Еве, се изјаснив јас, ќе се изјаснат и повеќе пратеници, значи, едната работа е задоволена.

Второ, што се однесува до констатацијата дека ЛДП е "ни риба ни девојка", ќе го разочарам. Ќе му кажам дека ЛДП е партија од европски профил што има многу јасна визија и стратегија не само за разрешување на проблемите од меѓуетничките односи, туку воопшто за развојот на РМ. Партија што е во подем и партија чие што време тек доаѓа.

XVI/3.-

А, што се однесува до менувањето на имињата, бидејќи Вие во Вашиот Статут напишавте дека сте наследници на некогашниот СК, тоа значи дека Вие за разлика од нас, сте смениле 5 имиња. Од Социјалистичко-работничка партија (комунисти од 1919 година) преку Комунистичка партија, па Сојуз на комунисти, СКМ ПДП до денешното име.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Трпеновски има збор.

(Г-динот Џаферовски инсистира на реплика.)

Г-дин Џаферовски, реплика)

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Добро, не треба да се нервираме.

Прво основите за водење на меѓуетничката политика во РМ лежат во Уставот на РМ и ние, како политичка партија и Влада се придрж уваме на тоа.

Инаку, околу загриженоста на Вашата партија за ваквото водење на меѓуетничката политика се совпаѓаат со загриженоста на ДПА околу тие прашања. Веројатно нешто имате заедничко.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Трпеновски има збор.

(Пратеникот Коцевски бара реплика). Не, не сте спомнати.

Добро.

Реплика за г-дин Коцевски,

XVI/4.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, не ми е драго што излегувам на говорница, меѓутоа Вие, дефинитивно воведувате една многу лоша пракса во работата на Собранието. Тоа значи ако сега побара било кој пратеник што не е спомнат право на реплика, Вие треба да му дозволите. Инаку, по кој критериум му дозволувате на Џаферовски, а да не му дозволите на било кој друг.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас реков дека погрешив бидејќи мислев дека е спомнат г-дин Џаферовски, бидејќи јас не претседавав.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Тоа е многу лоша пракса , ќе остави лоши траги во работата на овој Парламент.

Би сакал да го кажам следното дека во овој момент е најмалку потребна кавга , посебно меѓу пратениците што се македонско етничко потекло и , да не бидам погрешно сфатен , некои работи треба да ги учиме од политичарите од албанско-етничко потекло во РМ и да им завидуваме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Трпеновски има збор, конечно.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Еве, и овој пат што не е единствена расправа од државното осамостојување на РМ од 1991 година одново станува актуелно и на

внатрешен план и на меѓународен, прашањето за меѓуетничките односи во државата и покрај тоа што историски е факт полувековното државно егзистирање на РМ.

Реално гледано во овие услови случувањата во нашата земја укажуваат на една крајно загрижувачка состојба за сите , со силни причини за незадоволство и неспокојство на сите граѓани, а не само на нас што сме тука присутни. Јас сум загрижен за тоа што во изминатиот период не видов подготвеност да се симне хипотеката на недоверба , не само тродуцирана од минатото, меѓутоа и на хипотеката на недоверба со авана уште со времето на осамостојувањето на РМ, а тоа е:несимнување на хипотеката за негласање по Уставот, несимнување на хипотеката за неучество на референдумот, несимнување на хипотеката за неучество на пописот, несимнување на хипотеката за Илирида и т.н.

Еве, сега пак се соочуваме еднаш во Тетово со Универзитет а сега во Гостивар со наплив на еден нов колективизам на етнички чисти поединци кои , во случајов со симбол на друга држава во рака и секој ~ дневно одржување на меѓунационалните тензии како најважно политичко прашање во државата, заборавајќи дека XX1-от век е век на информатиката и економијата.

Македонците, со прифаќање на Уставот и на Меѓународните конвенции, светските стандарди дадоа голем придонес во создавање клима за толеранција по ова прашање. Што треба да се свати и прифати како веќе апсолвирано прашање: дека Албанија, Бугарија, Србија на Балканот како држави имаат своја држава и дека исто така и македонскиот народ имаа остварено право на своја држава.

Исто така, барањата на националностите, во конкретниов ај на албанците за државотворен народ македонците ги доживуваат како

негација на македонската држава. Го доживуваат како насочување на политичката акција кон федерализам на Македонија, дали контролиран од ОН или не, без оглед , меѓутоа го доживуваат како непријатно чувство.

При ова, ако национално-граѓанската, а сега граѓанско- национална конституитивна основа на РМ доследно се респектира во внатрешните односи од секого и сите и, ако се респектира континуитетот на РМ како историска реалност би бил исполнет еден од битните услови за нејзината стабилност и иднина на Балканот и во Европа. Мислам дека овие прашања се од врвно политичко значење и во меѓуетничките односи и за стабилноста на државата.

Од Втората светска војна, сведоци сме дека сеуште ехото на поплаки и револт кон историската судбина што ја доживејаа поедини народи поодделно, убедени и од кого се уште не убедувани дека историјата ги обезправила, државно ги поделила, се манифестира сеуште и денеска. Сеуште има сонувачи и национал-спасители, а проблемот не е во сонувањето. Тоа не е и толку страшно. Проблемот е во однесувањето во стварноста, барајќи стварноста да се сообрази со сонот.

Сеуште се нема доволно критичка маса на политичка волја да се разбие дилемата: што со Уставот е доминанто? Националното или граѓанското ? Што е врховно, етничката лојалност или лојалноста кон државата?

Мислам дека со Уставот врската со државата има врховна вредност. Граѓанската држава го исклучува принципот на интегрирање врз критериумот национален клуч, бидејќи во неја се размислува и работ според граѓанските критериуми, а не според етничките категории каде индивидуата и нејзините компетентности се врховна вредност, а не националната припадност.

XVI/6.-

Тука, прашањата или незадоволствата од типот - а, каде сум јас како припадник на овој или оној етникум, се депласирани. Впрочем и заради тоа ние го прифативме граѓанскиот концепт на држава

Затоа, во мултиетничката граѓанска држава, како што е нашава, ако постои само едно национална верност се поставува прашањето каде ќе се приклони граѓанинот во случај да е загрозена неговата држава од матичната држава, а со такви матични држави ние сме опкружени. Ова, затоа што Македонија е опкружена со држави што сите имаат национални малцинства во РМ. Тоа е факт.

Затоа, секое воспоставување во РМ на параинституции на постојните демократски државни институции се симптоми на дезинтеграција Се останато е можно. Можно е да се чувствува човек како србин, може да се чувствува како албанец, како турчин, македонец, може да ги развива до бескрај своите етнички особености, но сето тоа отпосле. Прва е државата, а се друго се заборава кога е во прашање државата, затоа што без држава не можеме да зборуваме ниту за меѓунационални односи.

Оттука, за мене останува како актуелно прашање за оживо-творување и операционализација на односите граѓанско-етнички по мерка на Уставот, меѓународните конвенции и во таа рамка особено:

1. На меѓународен план државата да се афирмира постојано со нагласување на нејзиниот државно-правен континуитет, со што исто така ќе се потврдува како држава со веќе апсолвирано право на еден народ кој, поради историските околности живее и со други анционалности.

Не е крв македонскиот народ што некои делови од други народи низ историјата ги заробила и на овие терени. Меѓутоа едно е јасно дека границите на државите не можат да се менуваат со сила. Тоа е судбина. Според тоа и судбина е и обврска да развиваме добри меѓуетнички

односи на релација за подигнуваше на врската на граѓанинот со државата, пред се, а помалку со етникумот.

На внатрешен план главна политичка ориентација, многу по- силна, посмислено, посмирено треба да се насочува кон организација на државата како граѓанска држава врз граѓанско-демократски односи и како таква држава да обезбедува и заштита на националностите. Не како нејзина автохтона волја . Правата на малцинствата во Меѓународните конвенции не се галантен акт на било која власт. Тоа се права од Меѓународното право и тоа е чиста ситуација.

Меѓутоа, мора да констатирам дека во изминатиот период од скоро 6 години, од донесување на Уставот, во реалниот живот не се видливи битни промени во изградбата на РМ како граѓанската држава и граѓанинот не доби примарно значење како државјанин, независно од неговата национална припадност. Напротив. Националната припадност беше доминантна не само во политиката, поради поттикот или интересот на политичките партии што во борбата на власт се потпираа на националните чувства и етничкиот идентитет на граѓаните отколку на нивниот граѓански статус.

Според тоа, главно прашање што треба еднаш за секогаш да биде апсолвирано е дека секој национализам, или фрустриран национализам на поедини делови на етникумот спаѓа во рамката на тоталитарни идеологии и тој секогаш е разорен. Ова е актуелно затоа што појава на овакви фрустрации ја проблематизира РМ на надворешен план. А, кога ќе ја изгубиме државата, сите други концепции се илузија.

Познато е дека појавата на нацијата после Француската револуција произведе Бонапартизам. Со обожавање на знамето, милитаризам Таков случај видовме и во Гостивар. Познато е дека од тогаш , а за жал и до сега секоја за себе нациите се натпреваруваат, во која сфера, во

мистичната сфера. Измислуваат митови да ја докажат афтохтоноста. И, за жал, на овие простори повторно ја слушам тезата за судир меѓу каузата и митот, односно меѓу митскиот макеоднски народ и албанската кауза. За жал не можам да прифатам една ваква негација на изборно-историскиот субјективитет на РМ. Не можам да прифатам дека сето тоа што со историски факти, вклучувајќи го и епилогот на Народно ослободителната биорба, со 27 илјади жртви од оваа држава, јасно дека се митски творб! Ова сум загрижен затоа што останува на релацијата, на гледањата и на државите што не опкружуваат и од каде што исто така провејува една нерационална промисленост дека македонскиот народ е опструиран.

XVII/1.-ВД/ЉР

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:** /продолжение/

Поред тоа мораме да сфатиме дека аксиома на денешното време и на Демократска Европа и на наша ориентација е дека државното уредување со Уставот на РМ се темели на суверенитетот на граѓанинот. Граѓанинот и главниот политички субјект, не етникумот. Според тоа не прифаќам никаква замена на демократското и граѓанското со предоминација на националното, една нација една држава, како што рече и г-динот од Отсекот што бил за овие простори затоа што една нација една држава и граѓанска држава се два антиподи.. Тие не живеат заедно. Тие секогаш се во судир. Според тоа решението треба да го гледаме на промоција на Македонија како граганска држава и на индиви- дуата како составен дела на етникумот.

За мене етничката хетерогеност во РМ е изазовно. Големината на демократската промисла е етничката хетерогеност да ја гормира во предност, а тоа е можно само со прифаќањето на граѓанскиот концепт на држава. Тогаш кога луѓето се издвојуваат, се ханотнизираат својот етност, кога дејствуваат и мислат повеќе етнички отколку граганскиt, тогаш, како што видовме и во доста случаеви се создаваат сите услови за ликвидирање на демократијата и нормално се пронорира еден нов колективизам на овие простори, на етнички чисти поединци и уште ако се даде оружје во рака тогаш јасен е епилогот. За мене националната самобитност сама по себе не значи вредност, додека не се докаже како вредност, просторот а простор за тоа е културниот сектор, односно културниот идентитет. Националната самобитност завршува и се исцрпува во рамките на културниот идентитет. Затоа сега мора да сватиме дека центарот на разрушување и за релаксација на нашите меѓуетнички односи во уставната рамка и рамката на меѓународните стандарди и конвенции кои што ние сме ги прифатиле и на најдобар

XVII/2.-

начин сме го изнеле низ Уставот. Секое отстапување или инпровизирање жна други бај-пас решенија е небулоза, создава проблеми. На пример секогаш во име на етнусот може да рече како политичка потреба сакам уште нешто за да имаме добри односи. На пример сакам да се викам народ и така постојано, па некој да се чувствува загрозен а друг виновен. Меѓутоа, не е прашањетоа во тоа што јас или некој други не сакаме тоа да го дозволиме. Прашањето е што на овој степен на развој во меѓународното право, во меѓународно-правните рамки кажано е дека националностите, малцинствата не се народи, немаат државотворна коможнента, немаат право на плебицит, немаат право на осамостојување. Ако тоа прашање се расчисти меѓу политичките компоненти, пресудните политички групации во Македонија, ќе се релаксираат и проблемите. Запрво каде е сместена вистината. Таа не е кај нас. Таа е во рамките таа е во меѓународните стандарди а не во моите или било кои желби или убедувања..

Дали, ако кажам дека се врзувам само за мојот етникум и ништо повеќе не ме интересира, баш ме брига за државата и државноста и граѓанско однесување. Ако така постапувам, јас ја проблематизирам државата, а пред меѓународните норми и Уставот најбитна е врската на граѓанинот со државата односно политичките ентитети мора да се нејзини граѓани. Сега несреќата е во тоа, пак во разбирањето. Волјата за Самостојна и Суверена Држава Македонија е плебисцитарно верифи-цирање. Тоа значи државата како државна творба, секое лфлустрирање секое сепаратистичко движење ја иницира, ја дразни и таа реагира. Кога државата реагира како репресивен апарат јас не знам дали можеме да зборуваме за човекови права. Репресијата не ги има во вид човеков: права и слободи, ги има во вид државата.

Според тоа, во однос на Информацијата од полицијата, во Информацијата ние не можеме да бараме политички проценти и гледања од еден државен апарат кој што е компетентен да реагира како што реагира и тука да бараме елементи на загрозување на човековите права и слободи. Репресијата воопшто ги нема во вид човековите права и слободи. Може да се зборува за индивидуални пречекорувања, тоа се индивидуални. За индивидуалните пречекорувања треба да имаме аргументација мислам и одговорниот на органот врз веродостојна документација презема мерки во рамките на Законот за внатрешни работи, а и граѓанинот исто така може да го користи постојното судство. за повреma на човековите права и слободи. Според тоа не можеме сега ние да го обвинуваме оргнаот или министерот за тоа што така постапиле тогаш и дека можел се да испланира, да било така тоа, но да не се загрозат човековите права. Тоа апсолутно не е можно. Од тој аспект јас ценам дека Информацијата останала во рамките на стручноста и компетентноста на надлежниот орган дека надлежниот орган исто така во рамките на постојните закони, доколку имало неодмерени однесувања на изведувачите на акцијата дека во негова надлежност е да процени за мерките. Секој може да дава политичка оценка за тоа дали е задоволен или не е задоволен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динто Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Морам да кажам на почетокот дека оваа материја не ми е факт но доволно ја разбирам повеќе од фактичен аспект и за прв пат подготвив писмена дискусија, но би јас не ја читам затоа што во најголем дел се повторуваме, бидејќи три дена да дискутираш за една Информација

каде што продефилираат 70 дискусии, човек навистина треба да биде гениј, тоа да не го повтори.

Јас би сакал две работи да кажам, не како реплика, не би сакал да си дадам можност да ги именувам колегите пратеници.

Првата работа е, кога изразвме сочувство спрема фамилиите на починатите работници од МВР. Мислам ние треба да раздвојуваме од жртва до жртва. Жртва која го дала животот за барање на територијалниот интегритет и оној кој сакал да го руши територијалниот интегритет мислам дека и верски и религиозно има разлика.

Втората работа што сакам да ја кажем е следната: Зарем може некој, зборувам во најголем дел, да биде поголем граѓанин да биде поголем македонец,албанец,турчин и србин кои доагаат во своите диоломатски делегации да бидат поголеми македонци, албанци и турци од нас овде што грото и во најголем дел ја гледаме егзистенцијата и личнот живот и на фамилијата. Таа констатација што беше во последните дискусии изречена, мислам кога ќе се враќаме со децении и векови назад ќе видиме дека тоа не е само македонски и балкански синдром.

Со целосен респект према делегациите дипломатски кои доаѓаат во РМ, но проблемот можеме да го решиме само ние граѓаните независно од национално или партиската припадност. Ако мислиме дека некој од надвор ќе ни го реши проблемот и ако мислиме до крајна степен да се издевалвираме меѓу себе ништо не ќе направиме. Мислам дека треба ние како одговорни овде субјекти, како пратеници во Собранеито на РМ да дадеме најголем тон мобилизаторски спрема граѓаните, бидејќи луѓето не само што ги двоиме по градови по улици, веќе ги издвоивме по самите куки по партиски и по партиска и верска припадност.

XVII/5.-

Од фактот, 66% Македонци, 22% Албанци, Турци и Роми итн. од тој процнет ние не можеме да побегнеме. Тоа може да се побегне она што се случи во изминатите 5-6 години на територијата на прет-одниот систем во Југославија но тоа никој од нас не го посакува.

Што се однесува до конкретното прашање, ние да бараме одговорност од МВР мислам дека никој не треба да заборави дека државата е организација на јавната власт чија основна функција е заштита и развивање на општественото уредување утврдено со Уставот и со законите. Заради тоа државата мора да врши низа функции неопходни за животот во општеството како организирана целина. Доколку се нарушат тие функции со средствата за принуда и други инструменти со кои располага м ора да обезбедува услови за опстанок и функционирање на општеството, односно доколку се крши уредувањето на државата таа се вклучува со целиот свој инструментариум па дури тек на крајот со физичка сила како што е конкретниот случај во Гостивар.

Локалната власт и дел во Гостивар и дел во Тетово дрско го кршеше јавниот поредок на РМ непочитувани го Уставот, законите и Одлуките на Уставниот суд.

Употребата на државна принуца Гостивар заради симнувањето на знамето на друга држава на територијата на РМ кое е спротивно на Уставот и законите беше неминовно заради заштита на политичкиот и правниот поредок, односно заштита на правниот поредок во државата.

Во историјата се познати ситуации кога одделни општествени организации се обидувале да наметнат своја власт независно од државата и спротивно на неа.

Локалната власт во Гостивар и дел во Тетово се обидуваат да приграбар за себе извесни државни атрибути и функции со цел на таа територија да обезбедат сопствени команди и позиции, а во почетокот

во рамките на постојната државна организација а потоа кога ќе пригра-бат доволно државни атрибути и функции на неуставен и незаконски начин и надвор од неа. Таа власт Уставот и законите на РМ ги толку-ваше и применуваше така токму да ги стави во функција на нејзината основна цел и на таа територија да врши не локална туку државна власт

Уставот и законите на РМ важат за сите граѓани, органи и организации. Сите мораат да се покоруваат на принципот на законитоста за да се заштитата од сопствените вредности, да се обезбеди стабилноста на општествените односи и безбедноста на државата. Во -спротивност секоја организирана држава применува организирани санкции. Тоа е карактеристика на секоја држава, а ние во овој Парламент треба да бидеме поносни што и нашата држава тоа го приемнуваше.

Поедини политички партии и поединци од нив, иако тоа сега не се признава, на државјаните од РМ од Албанската националност овде во собранието многу работи не ги имаат разграничено и ли со цел имаат некогаш измепано. Бараат да се почитува Уставот и законите на меѓународните конвенции кога е тоа во интерес на нивната основна цел, да вршат државна власт на дел од територијата на РМ. Кога државата бара од своите државјани да го почитуваат Уставот и законите поедини политички партии и поединци од албанското анциоланост овде во Собранието изразуваат вербален отпор а во локалните заедници каде се застапени во мнозинство и фактички отпор.

Ние пратениците овде во Собранието со денови расправаме за противречното однесување и постапување на политичките партии на дел на поедини албански екстремисти, на локалната власт во Гостивар и Тетово. Тие партии во ова Собрание ни наметнуваат теми што не вода^ во прогрес, туку во разор и нетрпеливост што од ден во ден се зголе-мува што е нивна основна цел, а ние тоа го прифаќаме и продолжуваме со дискусија.

XVII/7.-

Изгледа е многу тешко да разговараме, да бараме решенија за економскиот развој на РМ, за сите нејзини граѓани без разлика на националната припадност, за инвестиции, за вложувања за странски капитал, за стандардот на граѓаните, за вработување, за економскиот просперитет на РМ. Еве и денес што се случува. Постојано се поставува прашањето дали МВР употребило законска принуда во Гостивар во рамките на неговите овластувања, односно допуштена на употреба на сила, или употребило насилство врз Гостиварското население, односно недопуштена употреба на сила.

Ние пратениците како одговорни граѓани на РМ што вршиме јавни функции треба одговорно да ги решаваме проблемите во интерес на сите граѓани на РМ без разлика на нивната партиска и национална припадност. Таквата одговорност овде во Собранието треба да ја манифестираме со расправи за суштински проблеми. Затоа според мене и според сите ваши дискусии, јас верувам дека доволно денес ги имаше и изминатите два дена, треба да ги издиференцираме, а за мене основно е следното прашање: кој во Гостивар и Тетово и во другите општини доведе до ситуација да не се почитува Уставот и законите на РМ, за државата, повторувам за државата, а не како што овде постојано се вели МВР да биде принудено да употреби организирана принуда. Откако ке одговориме на ова суштинско прашање ќе дојдиме до идентификацијата на субјектите што го кршат јавниот поредок, тогаш треба да расправаме, иако место овде во Парламентот, за нивната политичак и правна одговорност. Политичката одговорност значи да бидат ослободени од вршењето на јавните функции со методот отповикување и разрешување а нашите органи и тела да ги подведе под правна одговорност со присутните закони кои се донесуваа во претходниот овој и во наредниот Парламент.

XVII/8.-

Премногу е провидно настојувањето и барањето да се потврд* наметнатата дека е виновен првиот човек на МВР. Во Гостивар принуда употребила државата РМ. Министерот и сите учесници, полицајци по мене беа доста храбри и достојни граѓани кои вршеле државна функција за да го заштитат државниот поредок. Зарем треба да се повтори Албанија кога луѓето влегуваа во магацините и касарните и после секој од себе, не во градот, не по улиците, туку и во куките се плашат.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Зарем во конкретниот случај треба да биде одговорен оној што го заштитува јавниот поредок на државата а да не биде одговорен оној што го крши тој поредок. Тоа е јас мислам без преседан, тоа може само да се случи кај нас кога имаме пример во светот дека нај- остро се санкционира кога некој директно го крши јавниот поредок на државата. Сега единствено на државата МВР храбрите и достојни полицајци, а главниот виновник го избегнуваме лидерите на поедини политички партии и членови. Зарем треба да биде посилно од државата искажувањето на гостиварскиот градоначалник дека морал да ги спроведува одлуките на Советот. Очигледно не знае што надлежност има, што може тоа биде еден вирус во Гостивар и останатиот дел на РМ.

Според членот 44 од Законот за локална самоуправа градоначалникот е должен на Советот на единиците на локална самоуправа да му укаже на неуставноста и незаконитоста на актот и во краен случај да ја извести Владата на РМ. За поедини градоначалници, лидери не важи Уставот и законитоста и одлуките на Уставниот суд туку само одлуките на Советот на општината Гостивар. Ние како пратеници тоа не треба бегло да го избегнеме каде ќе биде крајот на оваа држава доколку тоа несериозно го сфатиме.

Јас не би сакал повеќе да должам би сакал да кажам повеќе ние да зборуваме за економијата, за сожителство, јас сум еден што нека ми извини мојата партија на која и припаѓам, ги ценам луѓето според придонесот во секојдневното работење, иако сум партиски определен, камо среќа од нас 120 пратеници што не има да бидеме ангажирани во 120 производни фирми и тогаш би бил стандардот поголем и пензиите и стипендиите и вработувањето и сигурно и националната моментална нетрпеливост би била помала.

Еден од дискутантите зборуваше дека пензиите биле мали. Јас тој дискутант го ценам према неговиот квалитет и према генерациски како се наоѓаме, но 10, 15, 20 години само да зборуваме на политички трибини, а никаков директен придонес во економијата во РМ, не е прифатливо.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа,

По обичај и немам навика два пати да дискутирам за истата точка на дневниот ред, меѓутоа, чувствителноста на ова прашање, а и некои ставови кои беа изнесени тука ме натераа накратко да кажам дополнително уште нешто. Начелно нема ништо да кажам од причина што пред четири,пет дена се произнесов по однос на ова прашање и ми се чини според моето убедување бев доста јасен . Се произнесов околу причините и последиците на овие збиднувања , околу можниот државничи пристап на чувствителните државни работи , или можниот партиски пристап кон решавање на чувствителни државни сегменти и тн. Дури укажував на тоа, односно на одговорноста на некои носители на јавни функции кои придонесоа до таа трагедија да дојде. Меѓутоа, според мене вака слушајќи ги неколку дена излагањата на неколку пратеници стекнав цврсто убедување дека централно прашање е изгледа оставката на министерот за внатрешни работи, иако лично сум убеден дека неговата оставка како лична објективна одговорност не е толку битна, колку е битна функцијата, односно како функционира одредена функција. Спор« мене, централно прашање, ние можеме да смениме 100-тина министри, меѓутоа функционалноста во таа институција да остане иста и така сите проблеми во иднина да се повторуваат. Ние сме имале прилика во повеќе наврати од средствата за јавно информирање да прочитаме или да се наслушаме одредени информации, во однос на тоа дека во таа и таа држава поради една шлаканица или шамар добиен

од некои граѓани без причина министерот за внатрешни работи ќе поднесе оставка, не затоа што тој е виновен затоа што тој граѓанин добил таква шлаканица туку едноставно затоа што тој покажува висока свест на одговорност и покажува пред јавноста дека сносува објективна одговорност, а за субјективната тоа е веќе друго прашање и прашање на постапката која се води пред одделни органи. Значи тука не се бара вина, а според мене вината треба да се докаже во одредена постапка, во зависност во природата на нештата и тоа тек следува, меѓутоа на секого е јасно и меѓународните фактори и на внатрешното јавно мислење тоа што беше гледано, што можеше да се гледа од нашите екрани е сосема јасно дека се работи за тешко пречекорување на овластувањето на полицијата, дури според моето длабоко убедување се работи за тешко кршење на позитивните закони. Но без оглед на тоа што ќе каже анкетната комисија која мислам дека ќе се формира, ќе беше чесно и храбро од министерот да поднесе оставка тука. Тоа ќе беше негово сочувство со сите жртви кои беа паднати во таа трагедија и тоа ќе беше покажување дека ние сме правна држава каде надвладува правото, а и свеста и затоа оставката ќе беше морален чин. А има и други причини поради кои мислам дека министерот треба да поднесе оставка да дојде извештајот на анкетната комисија. Тие причини се следните:

Првата причина е оставката според мене би требало да се поднесе од повисоки цели, а тие повисоки цели се иднината на РМ , соживотот меѓу луѓето, повторната доверба што е многу тешко да се воспостави, толеранцијата и тн. , значи мора да се живее понатаму и со самиот тој акт министерот ќе придонесе кон тоа и секако тоа ќе беше морален чин до тој момент кога извештајот на Комисијата ќе покаже чија одговорност е во прашање, кој има морална одговорност, кој има кривична одговорност, што според мене и тоа го има и тн.

Второ, тука беше спомната и декларацијата од Европската унија која содржи неколку точки. Во една од тие точки стои дека Владата треба да врши по ригорозна контрола над полицијата. Значи ако се спомне зборот ригорозна се претпоставува дека нашата контрола со контролата на власта на таа институција не е ригорозна. Ако не е ригорозна значи сепак тука имаме објективна одговорност. Прв човек кој сносува објективна одговорност, тоа е министерот за внатрешни работи.

Трето, средствата за јавно информирање сме информирани дека ќе поднесе кривична пријава против непознати сторители. Од самиот факт што ние имаме жртви, а се претпоставува дека не се познати сторителите, сосема е логично дека сторители се органите на полицијата, односно полицајци и тука сметам дека објективна одговорност сносува министерот за внатрешни работи.

Четврто, тоа што го гледавме на Мечкин Камен, тоа не беше само исфирување на претседателот на државата и на другите носители на јавни функции, туку дури може да се каже дека беа загрозени нивните животи, беше навредена целата држава, меѓутоа, каде беа полицајците на г-динот министер мене не ми е јасно, незнам на г-динот министер му е јасно, тоа покажува дека ние многу далеку сме од реалната правна држава, и изгледа сеуште сме држава со две правди, односно повеќе правди, односно за кого се однесува односно колку национални заедници има. И тука мислам дека објективна одговорност е на министерот за внатрешни работи. Ако не се поднесе оставката според мене јас неможам поинаку да го сватам освен дека се работи за мене несватливи амбиции за да се одржи некој на власт или функција, да не кажам и вончовечки амбиции. Затоа, без оглед на тоа што сум многу помлад од министерот, меѓутоа го советувам да поднесе оставка без оглед на тоа што го советуваат одредени политички кругови, или му вршат притисок одредени политичари. Беа изнесени мислења дека ако поднесе

XVIII/5

оставка министерот за внатрешни работи ќе се дискредитира целокупната акција во Гостивар . Мислам дека тој дел што се смета пречекорување или кршење на право, дури е корисно за Македонија да се дискредитира од причина што ние тука јавно укажуваме дека сме за правна држава и дека се што е кршење на тоа право , на тие правила, се што е пречекорување сме за тоа да се сноси одговорност. Тоа ќе беше многу корисно од Македонија за тој дел кој се смета пречекорување кој е мног} јасен дури и да се поддржи. Со тоа министерот ќе се ослободи од една доживотна хипотека, ние мораме да сме согласни со тоа дека во иднина ние ќе имаме еден поголем степен на демократичност и секако овие прашања ќесе поставуваат поинаку отколку што ние денеска ги поставуваме и веројатно г-динот министер ќе сносеше доживотна хипотека за една трагедија. Јас мислам дека тој е толку паметен и не би требало тоа да го дозволи. Нешто кажа и г-дин Котевски кој многу го цени тој е претставник на една опозициона партија и сосема е нормално да претендира на тоа што седи претседателот на Собранието или на Владата ништо нема тука лошо што кажа тој , се гледам во склоп на маркетингор на неговата партија. Меѓутоа, тука нешто не ми е јасно. Зошто кога треба некои партии да се натпреваруваат за власт тоа го прават врз грбот првенствено на албанците, врз меѓунационална основа. Мислам тоа е крајно нечесно и недобро за интересите на Македонија и за интересите на таа партија. Ако беше спомнато тука прашањето на знамето иако тоа воопшто не е на дневен ред и беше пофален еден германски политичар, мора да сме јасни дека стотина други би го кажале спротивното а би требало г-дин Котевски ако начелно ги гледа прашањата требаше и тие да ги напоменува.  Ако смета дека единствена земја сме на Балканот што сме го направиле тоа, јас го советувам како пријател и другар да ги чита законите на Словенија, Хрватска, Унгарија, Украина а и на Србија која е една фашистичка држава. Исто така се

осудува да го прашам кое знаме го носи македонската национална заедница во САД Канада или Австралија и што има тука лошо во тоа.

**Т0МИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, драги;пратеници,

Размислував дали да станам и да одговорам на некои барања на пратениците од албанските партии, кои што многу силно и со голем притисок го покренуваат и го поставуваат прашањето за мојата оставка Јас некои изјави дадов во средствата за јавно информирање и сакам нешто да повторам и ќе се обидам тоа да го кажам многу мирно, иако прагот на толеранцијата одамна е преминато овие два три дена.

Оставката на министерот Чокревски е многу едноставно прашање , по однос на неговиот личен став и неговата лична положба. Чепкањето по совеста на Чокревски е некоректно, во најблаг израз ќе кажам и дозволите, по однос на оставките за мене барем има два начина за таа оставка . Едната е до колку самата личност дојде до сознание, врз основа на својот морален и вредносен интегритет, дали една функција ќе ја врши или не.

Втората основа е оценувањето дека одредени објективни околности така се стекнале, што понатаму не може да се врши функцијата на која што е човекот, еве јас на оваа министерска функција.

Нагласувам дека ни по едниот ни по другиот основ сеуште кај мене нема такво чувство за јас да поднесам оставка. Сакам да кажам друга работа дека инсистирањето на оставката на Чокревски е планирано и веројатно е во рамките на политичките игри. Водете ги, правете ги има институција во Македонија, секогаш сум зборувал сите работи треба низ институциите да се решаваат. Према тоа, постои интерпелација, зашто пред Интерпелацијата го поставувате тоа прашање Се тркате со вашите конкуренти кои што веднаш јасно излегоа и побараа оставка и немам замерка за тоа, така мислат, вршите цело време притисок со многу тешки зборови, со повикување на господ и н, не е

XVIII/7

Има Интерпелација, ќе се изјасните сите. И до колку Собранието смета дека Чокревски погрешил во својата постапка, најнормално Чокревски ќе си оди.

Втората работа е Владата. Постои Влада, јас сум член на Владата и постои претседател на Владата. До колку претседателот смета дека акцијата на Министерството за внатрешни работи е претерана, од- носно непотребна, погрешна и тн. многу слободно може уште веднаш после оваа седница да ме повика, г-дине Чокревски политиката, коалицијата , односите со такви, ве молам оставка или барам од вас оставка.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:(**продолжение)

Со овие работи не сакам јас да се бранам. Него длабоко во мене сметам дека проблемот на мојата оставка е поширок и подлабок проблем. Тоа е проблемот на целата оваа ситуација околу која дискутираме, а тоа е следното.

Дали ние ќе почитуваме правна држава, ќе ги почитуваме законите без разлика кој каде се најдува , дали ќе почитуваме извршување на одлуките на Уставен суд и на други органи кои беа загрозени во една дадена територија или не. Мојата оставка ќе значи дека одиме во некој друг правец. Дека ги одобруваме насоките кои што се случуваа во Западниот дел на Македонија. Тие насоки не се само во знамето. Не е знамето само во прашање. Прашање е една тенденција на создавање на параструктура во Западна Македонија која го загрозува, по мое длабоко уверување интегритетот во РМ. Тоа го загрозува интегритетот , не самото знаме. Целата акција е планирана, направена за да со најмалку жртви, со најмалку последици го разрешиме тој проблем. И да стане еднаш јасно дека во Македонија ќе функционираме како држава или нема да функционираме. Тоа е моето убедување. Можеби е погрешно, Ве молам да престанеме со дискусиите на следната седница гласајте за интерпелација. Гласајте и ќе се заврши работата. Последиците од тоа после ќе видиме какви ќе бидат. Јас не сум човек со големи политички амбиции. Сакам да им одговорам на некои пратеници кои што прават шала со мене, односно со мојата изјава дека сум залутан тука. Верувајте дека кога некој од нив ги слушам се повеќе сум во уверување дека сум залутан тука. Кога слушам политиканство, кога слушам нечувство за

принципиелни работи што некои тука ги изнесоа можам да изјавам, никогаш не изјавувам напамет работи, може да се чувствува еден човек од наука и со еден свој морален интегритет, не велам никој да плука на него да се почувствува залутан меѓу некои кои што не престанува да води политика.

Сакам да кажам уште нешто на крај. Јас со ова ја завршувам мојата дискусија, нема да станам да дискутирам. Во морето на вакви сфаќања, идеи што беа изнесени ми се чини не е рационално, непаметено да се влегува во полемика со сите што изнесуваат такви или онакви работи.

Прво, во дискусиите има многу конструкции. Има многу, ќе бидам отворен, лага. Не можам да станувам јас да полемизирам со некој што лаже. Информацијата на МВР беше стручна информација, како што кажа некој, фактографска , ги изнесе работите. Во неа нема политички, идеолошки и други ставови. Тоа бараше и ПДП, партнерот во Влада. Немојте да мислите дека во МВР нема други оценки и други констатации за ситуацијата во Западна Македонија. Ќе ве потсетам и отворено ќе кажам, ние имаме служба за државна безбедност и контраразузнавање. Таа служба е законска служба. Информациите што ги имаме укажуваат на сериозна ситуација во Западниот дел на Македонија, која настанала под влијание и на Албанија и на Косово. Две нивоа на работа има во албанската структура, на одредена албанска структура.

Една е политичката партија која јавно делува и други има кои што илегално делуваат. Имаме податоци , имаме имиња, имаме се за тоа, меѓутоа, заради ваквата рофита и затегната ситуација делбата не може да излегува и да правиме политички проблеми. Многу луѓе за кои

XIX/3.-

што се вика дека се викнати информативно, предупредени се дека прават какви-такви работи. Во Македонија делуваат организации што се формирани во Албанија во Косово итн. Јас не зборувам случајно. Јас мислам и ве молам сите и Албанците и Македонците може да настане ситуацијата многу сериозна во Македонија. Дајте да имаме малку мостови. Јас тоа што го зборував на телевизија или некој од дискутантите ме критикуваше за тоа, дајте да градиме мостови, дајте да направиме комуникација на разговори, два различни света сме. Никој не стана од Албанците да ја критикува ситуацијата во Гостивар дека е предизвикана од страна на екстремни луѓе не од сите Албанци. Цело време во текот на годината и нешто јас тоа го зборувам. Полицијата гради еден однос, протестот на граѓаните да го толерира до граница на нарушување на јавниот ред и мир, до граница на заштитата на имотот на другите и правата на луѓето. Тогаш кога ќе настане нарушување, на тоа полицијата дејствува. Тврдам во Гостивар екстремни структури предизвикаа судир. Нападнаа на полицијата, пукаа на полицијата, фрлаа димни бомби, се спремаа да фрлат молотови коктели, ниедна полиција во светот тоа не може да го толерира, ако сака да биде полиција и ако сакаме да бидеме држава. Утре ќе се појави и друга работа. Внимавајте, немојте да ја предизвикаме полицијата да не функционира, немаме држава тогаш, немаме поредок. Има една мисла од еден претседател на ИНТЕРП0Ј1 кој што има кажано цитирајќи еден познат книжевник "јака држава ќе не сомеле", мислејќи на јака полиција, "слаба полиција тешко на нас". Значи, ќе мора да има еден баланс. Дали го расипавме балансот со Гостивар. Го расипавме. Верувајте дека последиците за сите се потешки, меѓутоа, една работа јас гледам за една работа позитивност во се ова, можеби ќе ме окривите за тоа - лоши меѓуетнички односи да, но се создаде и една разбистреност на ситуацијата. Разбистреност во која

треба сите да знаеме што е што, што не е што, кој до каде може и колку може. Што е право на државата, што е право на етничките групи. Не може со сила со потреси да се разрешуваат законските и уставните структури и одредби на нашата држава. Има секој право да се бори за свои права свои гледања, меѓутоа, не и со средства што го загрозуваат мирот и поредокот. Тоа е моето определување.

Уште еднаш ќе кажам, драги пратеници , следната седница е интерпелацијата гласајте. Престанете не фер, непоштено да гребете, да чепкате по мојата совест и по мојот морал. Немате квалификации, немате кредибилитет вие што го поставувате прашањето за мојот морален интегритет. Не сум човек што враќам или што се карам, меѓутоа, немојте да излезам со некои работи за тие што најмногу викаат за моралниот интегритет на Чокревски.

Реагирање од место на пратениците од ПДП. Господинот Сејфедин Харуни бара реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

(Г-динот Сејфедин Харуни продолжува со реакции од место).

Ве молам, господине Харуни, Ве молам сите ве слушаа овде со почит, престанете да дофрлате од место. Два пати говоревте по 2 саати во овој Парламент, ве молам престанете и немојте да ги малтретирате пратениците.

Господине Рамадани повелете.

XIX/5.-

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сепак мислам дека на крајот на оваа расправа, што во еден момент еве се крева температурата, ние сите што сме тука присутни сме должни да смогнеме сили и да најдеме зборови , така да кажам со кои ќе се обидеме од состојбата, од оваа широка и долга расправа сепак да излеземе со одредени надежи. Надежи и за нас и за оние што не слушаат, а пред се надежи за нашите луѓе и нашите граѓани.

Господа, јас сфаќам дека веќе сме заморени и тешко ни е да се слушаме еден со друг, но сакам следното да го кажам. Сепак ние и до гостиварските настани и со гостиварските настани продолжуваме со дезинтеграционите процеси на државата. За тоа колку кој е виновен веројатно е проблем на посебна анализа и тоа тема по тема, одделно, меѓутоа, факт е , а ние сме дел од тој факт дека не придонесуваме за поголема интегративна кохезија во нашето општество. Затоа се плашам, како што реков и во првата дискусија дека скапо ќе не чини сите заедно. Ако ми дозволите и една мала дигресија,да кажам дека и лично сум навреден и во голема дилема. Три дена размислувам овде пред вас и пред цела јавност да се заблагодарам на мојот електорат за пратеничкиот мандат. Три дена размислувам. Меѓутоа, тоа право го немам без да го консултирам електоратот, но еве се обврзувам да го консултирам и после тоа ќе му се јавам на Собранието со тоа што ќе биде дефинитивно.

Од две страни се чувствувам лично и навреден и лично дека не можам да ја остварам програмата за која лично се заложив во изборната активност и тоа како независен пратеник.

XIX/6.-

Првата беше во следното што е на сите јасно. Целиот наш политички субјект, мислам во целина во Македонија, но и албанскиот политички субјект нема друга политика и алтернатива во Македонија туку како интегрален дел на македонското општество и држава да се бори за негово зајакнување, зацврстување на територијалниот интегритет и се друго во услови на се поголемо зајакнување и на рамноправноста и на правата на луѓето и како поединци и како граѓани. Имав убедување, сега утврдувам дека ми беше претерано тоа убедување дека и во албанскиот политички субјект има сила и волја за круцијалните прашања, за важните прашања, макар само консултативно да се сретне и да разговара што е приоритетно и што го зајакнува првото , за кое реков хомогеноста, и единството во државата и во Републиката и во популацијата. Сега констатирам дека и во тој политички субјект таква волја сеуште нема или не доаѓа до израз па и за главни прашања никогаш не се консултирале, па можат да ни се случат грешки кои што имаат како последица и тешки последици, пред се за самата албанска популација, а потоа и за сите други. Јас во тоа сум се излажал во своето уверување и затоа ќе ја испитам својата можност ако и натаму немам никаква шанса за работи кои што се битни за сите , и за Македонци и за Албанци , ние на организиран начин да се консултираме не само од аспект на опозиција и опозиција , туку од аспект на нашето битие на нашата перспектива. Тогаш навистина за мене лично овде да се биде за лична кариера немам никаква потреба.

Второ, јас имав исто така убедување дека и од страна на власта, и од страна на позицијата, главно на водечките сили дека ќе има повеќе слух и разбирање за повремени консултации , за клучни прашања. И тоа на луѓе кои носат во себе не само некакво си искуство,

да го оставиме тоа на страна, туку носат добра волја за добробит на оваа заедница. И во тоа сум изневерен, не јас туку чувствувам дека нема волја за организирана расправа, неформална, не да кажам облигациона, но на еден начин консултативна која упатува , која изнесува аргументи и која на некој начин го развива сознанието, чувството на одговорноста, чувството на совест , на взаемност на сите нас тука. Тоа недостасува и затоа сум навреден, па се прашувам тогаш зошто би бил тука кога и таква можност не се искористува од никого.

Но, кога сум тука, бидејќи не знам дали ќе имаме и друга прилика да кажам уште неколку работи сосема на кратко, телеграфски, затоа што мислам дека се длабока вистина.

Прво, сакам сета, евентуално затрчан дел на поединци од Албанци да ги ослободам од некаква си илузија за голема Албанија. Исто така, сакам да ја ослободам и македонската , кај еден дел доста оптоварена свест дека постојат некакви си организации, сили и шанси за такво нешто. Апсолутно сето што постои покажува дека таква шанса нема. Ниту може да биде, ниту тврдам најголемиот дел на албанската популација за тоа во Македонија се залага.

Прво, затоа што треба да се прифати теза дека на Албанците не им цветаат ружи во Македонија, но на други места уште полошо се. Па според тоа, Албанците при определба за тоа објективно се определени Албанците на Македонија за соживот во Македонија. А да не зборувам сега , да не ви кажувам други работи. Се надевам дека новата власт на Албанија ќе има снага, ќе смогне сили да ги среди работите но и состојбата таму покажа дека за голема Албанија тоа е голема илузија. И морам да ви кажам право нешто. Тие што многу

форсираат на тоа дека Албанците ќе направеле голема Албанија , тие исто ова го знаат што го кажувам јас. Тоа им е само димна завеса за нивно обвинување.

Второ, наталитетот е проблем. И јас кажувам дека е проблем, но да се прашаме чиј проблем е. Искрено да ви кажам јас како Албанец, јас го чувствувам тоа како проблем на Албанците, под

а) и пред се, а многу помал проблем на другите.

Денес не е време на квантитет, денес е време на квалитети. Јас морам да ви кажам дека лично сознание имам дека албанските сили напротив го сакаат квантитетот, не го сакаат квалитетот. И мислам дека наталитетот како таков без услови он да се претвара во квалитет тоа е рак рана за самите Албанци.

И кога сум тука да кажам уште еден поголем збор. Албанцит , зборувам за нашите во Македонија, затоа што само за нив имам и одреден мандат да кажам следната алтернатива. Или подинамична европизација, а за тоа не можат сами, мора да бидат помогнати од општеството, или нивната перспектива е многу лоша. Азијатски атрибути, Европа долго време нема да трпи во својата почва. Албанците тоа мора да го знаат, а ние што сме политички сили одговорни па на тоа прашање воопшто не му обраќаме внимание, па да ви кажам. Ние не работиме во интерес на албанската популација. Тоа сакам на младите активисти ангажирани да им дадам порака дека основна и главна задача им е европеизација, односно културен подем и образовен подем на Албанците, а ја молам и државата во тоа да им помогне, затоа што тоа сама популацијата не може да го постигне.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Така треба и да се свати и самиот проблем на образование. Јас ова сум го кажал неколку пати. За формата и начинот ќе се договориме, но мора да биде општествен државен интерес, брза еманципација и образование на Албанците, за да дојдеме во оваа фаза во која зборувам во нивна европеизација, а тоа е и разрешување на проблемот на наталитетот.

Трето, македонска национална самобитност не може да биде во прашање и негирана од страна на Албанците. Не само Албанците во Македонија, туку воопшто на Албанците како народ во целина.

Уште еднаш ќе поврорма ве молам да ги прочитате историските архиви и документите од историскиот архив на Македонија нарочно вториот том, дека албанскиот народ е единствен во Балканот тогаш, кој што уште од минатиот век при крајот ја признава самобитноста на македонскиот народ и се залага за некаква си федерација со Македонија за ослободување на турската империја. тој историски факт останува, а и денес е составен дел на политиката на најголемиот дел на Албанците, па и на постојната албанска држава, па дури и во режимот како што беше Зогу и Енвер Хоџа. Тоа не може да се доведе во прашање. Мислам дека и од тој, условно да кажам комплекс, и од страна на поединци Албанци, и од страна на поединци Македонци, треба да се ослободиме и таа вистина да биде присутна и како наша.

Се разбира, да завршам граѓанска држава е неминовност од која никој не може да бега. Таа граѓанска држава, се разбира,

ќе има породилни маки поголеми на Балканот, отколку во други земји, затоа што сме такви сеуште. Меѓутоа, ве молам да разбереме дека граѓанска држава не значи амалгам општествен. Современа граѓанска држава значи две работи. Граѓански субјективитет и етнички етитет, дигнитет. Значи, таа не асимилативна политика, па сега граѓанска држава и секој ќе го губи својот идентитет. Не во смисла, на сепарирање на национална основа. Изгледа овеи две мерила не сме ги нашле и постојано сме во куршлус со тие 2 односи кога државата секој национален атрибут го идентификува со државност и секоја државност со национален идентитет. Мислам дека доколку смогнеме сили овие оптоварувања, застранување на поединци да ги надминеме, мислам дека имаме поголема шанса за јакнење на кохезијата, за јакнење на она што е заедничкото, а тоа заедничкото со посебностите станува појако, ако сатне свест на сите. А мислам дека таков потенцијал имаме, само треба тој потенцијал како што и неколку колеги истакнаа, тој да се поддржи, а не тој потенцијал на некој начин да се запостави, а се ги афирмираме екстремитетите. Замислете, кога некој би направил статистика во Македонија, што најмногу регистрира штампата во Македонија. Најмногу ги регистрира негативните изјави. Едноставно, скоро и не ги забележува позитивните. Јас еве овде јавно ќе кажам дека тоа што пишува односно што напишала Нова Македонија за тоа што сум дискутирал јас по оваа тема првиот ден, јас тоа воопшто не сум го кажал. А тоа што сум го кажал, таа не го напишала. Зошто тоа е нејзин проблем.

Да завршам со тоа и печатот дел се ставил во улога на таа дезинтеграциона линија и мислам дека и тоа треба на еден организиран

начин да се влијае таа да се подобри. Јас очекувам, сеедно, со мое присуство^и без мое, дека ние натаму ќе соберете повеќе кондиција. за повеќе да ги;афирмираме овие работи кои не зближуваат, кои што не наведуваат на заеднички работи, заедно да работиме, а не посебно да работиме секој за свој интерес. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Харуни по трети пат.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас излагав три минути а не пет, излагав, пошто навистина бев вака иритиран. Иритиран, од излагањето на г-динот министер Чокревски. Кога чујам политиканство, кога чујам лага. Господо, цитирав преска дека и му оставив покана што 10% го има напишано, неговиот орган, а не Сејфедин Харуни. Не сакам да викам. Му оставив тука тој да види дека се служи со покани од закон кој воопшто не е во употреба. Донесен во 1985 година, Сл.весник на РМ бр.29/85. Јавноста ако го има заплашено некој го заплаши истапот на г-динот Чокревски. Со тој наводни штаб некое време и Мојсво што мавташе пред Југославија. Ја собра целата таа интелигенција што ја замолчи во тоа време. И се направи тоа што се нсправи во Југославија. Стотици илјади масакририрани и убиени. Денеска таму отвораме гробници. Ова го викам за Босна и Хрватска. Да, да, со наводно тие штабски документи и денеска тој јавноста повеќе ја исплаши. Дека наводно има организирано дејствие од албанската припадност во Западна Македонија. Јас сум Албанец и за такво нешто

XX/4

незнам. Јас сум Сејфедин, јас сум Томислав Чокревски ако знам. Искрено го кажувам ова не сакам да правам лице. И плус тоа, со име и презиме да му се каже, со улица и број дека луѓето не се нашле во толпата, дека луѓето не се нашле на улица, туку од дома се излезени односно земени и малтретирани. И кога сите тие полициски установи, гаражи, дворови, едно, друго, се пополнија, во Гостивар имаме парк, логори. Тој тоа не го гледал. А сакам, исто така, да ни кажува за едно наводно ноторно лажење и политиканство. Неговата изјава, исто така дадена во еден од дневниците, ако јас дадам оставка тоа значи дека целата акција целата оваа работа, уставноста, се треба да паѓа. Значи, себеси го идентификува со Македонија, со Устав, со институции. Богами, станете и убедете ме ако е тоа така. Не сакав да дискутирам повторно на ваков тон. Најискрено го кажувам тоа. Сега сите документи што ги приложувам значи по оној лапсус што некој го замисли дека трап лаже, дедо не лаже. Господа, соберете ум, тоа не е вистина. И 100 деца да имам јас, мажи и албанците како Кина, јапонската индустрија и онаа техника да ја имаат и моќ, германска и американска моќ мои син не може да биде во црно кошуљаши. Тоа не е наша идеологија. Ве убедувам и сум убеден во тоа. Не е ни ваша идеологија. Јас сум сигурен дека и Македонците таа идеологија не ќе можат да ја

....., нас некој е, но тие кужини. Јас реков пред малку дека без сол се тие кужини. И тие заправо конструктори на тие монструозни планови. Јас саксм со секого да бидам и корката леб да ја поделам, а никако во Западна Македонија тоа да се нарекува дека Македонија сака да се отцепи. Никогаш вие прашањето, она што го рече г-динот Хисен Рамадани не сте го поставиле на дневен ред, Албанците во 18 век, како што рече и Абдурахман Алити, пред 10-15, 20 години, од десетици земји од Европа, дојдени се Егејците од Македонија во Република Македонија

и тоа населени во Кичево, во Дебар, во Гостивар, во Тетово, во Куманово, во овие места каде што е најгусто населено. А уште, на прагот на 21 век вие сакате да и наметнете она што сте наумиле а ние не можеме да го препознаваме тоа. Има место за сите. Има ширина за сите, но само со памет и ум. Поинаку нема ширина во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Куњан Зографска.

**РАТКА КУЉАН ЗОГРАФСКА:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, очигледно е дека намерата да се игра со трпението на пратениците почнува да успева, но јас имам трпение и покрај мафтањето со прстот и подигањето на тонот, Имам многу повеќе трпение, од г-динот Харуни.

Денеска за разлика од претходните два дека на истата седница се искристализираа неколку јасни и неколку скриени тези до денешниот ден. Се дефинираат тезите и некои од нив се квалификуваа. Јас ќе кажам, а можеби и ќе квалификувам тези за кои што мислам дека претходно не ги квалификуваа и не ги кажаа пратениците, а во полза на времето и во полза на решението да не го губиме трпението за оние што решиле да играат со вашето трпение.

Прво, односно првиот ден се изнесе опасната теза дека со делувањето на полицијата се узурпираше правната држава во РМ. Го цитирам со истите зборови кажаното за таа теза. Се изнесе понатаму и се спротивстави на оваа теза изјавата на довчерашниот виден пратенир во овој парламент г-динот Руфи Османи, а тогашен за време на настаните во Гсотивар актуелен началник, изјавата пред целата македонска јавност дека тие ќе го прифатат законот за знамињата до

колку им одговара, а нема да го прифатат и нема да го почитуваат до колку нема да им одговара. Тоа сето се кажа. Јас сега ќе ја квалификувам таа изјава. Господа пратеници таа изјава немам никаква врска со правна држава.

Второ, бевме сведоци и останаа неискоментирани, затоа јас ќе ги коментирам и ќе ги квалификувам емотивните изјави или тези дека "Во Гостивар се пукаше во мирот и соживотот". Не се кажа од колк страни се пукаше или кој прв пукна. Тоа прашање никој не го постави.

Второ, се употребуваше терминот ситуацијата да може да се каже подраматично, одошто навистина беше, полумртви луѓе. Нема таква категорија, или се живи, или се мртви, категоризација полу мртов нема. Се употребуваше и се злоупотребуваше нивните жени и деца, снаи и тн. Не злоупотребувајте ги жените и децата како слаба и незаштитена категорија. Ги навредувате. Четири пати се спомнати единаесеттото и дванаесеттото ребро на по име повреден учесник на настаните во Гостивг Тоа е злоупотребување на нашето трпение уште од првиот ден. Се скрши; уште многу поголеми работи одошто две ребра. Четири пати повторување на тоа е премногу колеги пратеници. Дури се одреди и правецот на куршумите кај повредените луѓе и ѕидови, што е експертска работа. Значи, имаме и експертско изнесување на правец на движење на куршумите.

Според деталите изнесени за повредените Албанци во Гостивар, произлегува дека е водена паралелна истрага, многу детално паралелна истрага. Така, што јас заклучувам дека ние дека освен што имаме обид за паралелен систем на образование повеќегодишен обид за паралелна истрага. Три дена веќе ние слушаме детали на таа истрага. И од документите најдени кај градоначалникот Руфи Османи обид за паралелен здравствен систем во случај на оружен отпор. тој обид

делумно и успеал, според сознанијата што ги имам од печатените медиуми, заради тоа што во здравствените установи, здравствени услуги на повредените не им давале дежурните служби, туку оние кои што биле на списокот на тефтерот на Руфи Османи и кои што треба да се уфрлат во таква ситуација. Затоа, освен тоа што сметам дека полицијата си ја вршела својата работа, во штитење на законитоста во оваа држава, не мислам дека полицајците што беа во Гостивар беа среќни што беа во Гостивар, и ако терминот полумртви го прифатиме за употреба дека и меѓу нив имаше исто така полумртви со нивните жени и деца имав прилика во текот на работата да се среќавам тие денови и освен што и тие беа уплашени, на пример, не можеа да бидат ослободени од своите работни обврски. Не ослободив никого од работната обврска, заради тоа што сопругот се наоѓа на своето работно место како полицаец во Гостивар, иако женат беше преплашена.

Дозволете ми да кажам едно мое размислување во врска со подготовката за оружен отпор, или документите најдени кај Руфи Османи сабајлината во неговата работна просторија, врз основа на пишувањето во медиумите. Јас зборувам врз основа на пишувањето во медиумите, а не врз основа на извештајот.

Прво, се прашувам дали сценариото во Гостивар беше очекувано, или можеби подготвено. Некому можеби му беше потребно и нашата полиција влета во тоа сценарио. Јас се прашувам една слабост на полицијата, за да не мислите дека сметам дека овде има апсолутно крива и апсолутна права страна. Јас ја лоцирам во нереагирањето на полицијата во периодот кога се најдени плановите за оружен отпор се до првиот судир меѓу полицијата и граѓаните на Гостивар. Тоа е период од повеќе часови во кои треба да се лоцираат информативните разговори

кој се најдени на списокот и да се предупредат и подприберат тие луѓе. Тоа полицијата го прави. Никаква јунаштина не е да се изнесе покана за информативен разговор ако такви постојат 700, како што тврди тој што го изнесе. Никаква јунаштина не е. Јунаштина е да изнесеш нешто што е единствено. А меѓу 700 покани да му оставиш на министерот една за да покажеш јунаштина е веројатно потценување на учесниците во овој Парламент.

XXI/1

сј/вс

**РАТКА-КУЉАН ЗОГРАФСКА: (**продолжение)

Заради мојата професија, што вели пратеникот Николов, морам да ви кажам една дигресија ќе направам, секогаш се јавувам за тема која што ја познавам. Начелно тоа е здравство, човекови права и така. И оваа тема ја познавам. Работам во институција која што од своето основање, внимавајте, не велам од кога јас ја раководам, од своето основање нема инцидент на меѓуетничка основа. На тоа сум горда и јас и сите вработени во институцијата. Затоа си давам легитимитет дека го познавам проблемот. Затоа и сакам да кажам соодветно на мојата професија дека сето ова нема врска ниту со македонскиот народ, ниту со националностите што живеат. Ова се случува на ниво на политички игри, желба за власт, желба за барање од власта и разни други сценарија, а се во име на граѓаните на РМ. За да не се уплашат луѓето дека кога зборуваме за албанската страна зборуваме против граѓаните од албанско потекло.

Тезата дека се казнуваат само припадниците од албанската националност е исто така неточна и во овој дел веќе моето тврдење дека недела дена по ист таков испад односно испад во однос на истиот тој закон за почитување на знамињата е казнет и на издржување е на казната е припадник на македонската националност за настаните во Крушево, ја кажа веќе пред мене г-динот Ајдерага и неколку други пратеници.

(реакција на некои од претенциите од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место.

**РАТКА-КУЉАН ЗОГРАФСКА:**

Последната заблуда да го ползувам речникот на г-динот Поповски, што денеска ја искажа г-динот Харуни е сонот за Мандела.

Во претходните дискусии матно промовирана како јунаштина или мачеништво без именување на идол од минатото, денеска е јасно изречена на оваа седница. Морам да речам дека наставникот јазичар

како самиот се нарече себе си нема врска со историја. Не е чудно што донесува погрешни заклучоци. Тргнуваат од погрешни премиси и сонува нереални соништа.

Сега сакам нешто да ви кажам што нема врска со оваа седница, тоа е работа што подолго време мислам да ви ја кажам, но можеби ќе заклучите и на оваа седница, а тоа е иако не е регулирано со Деловник, што значи должина на дискусија од 90 минути плус 60, плус 10 денеска, што значи за парламентарното право на другите пратеници за учество во овој парламент. Тоа значи два и пол часа вкупно дискусија по една точка помножено со 120 пратеници ако дозволуваме сите толку да имаат, тоа се 300 часа или по 8 активни работни часа дневно би ни требале 47 работни дена за да сите подеднакво користиме време. Јас не велам колку ефикасност ќе постигнеме со таква дискусија, но да постигнеме подеднакво време, би ни требале 47 работни дена.

Колеги ние во Парламентот сме повеќемина пратеници кои што имаме друга професија, не сме професионални пратеници. Таков е составот на Парламентот. Не давам коментар дали е тоа добро или не. Тоа е ситуацијата. Ние не можеме да си ги извршиме работните обврски на нашите работни места ако го прифатиме ова. Ако ова наметнато темпо на дискусии го прифатиме. Сметам дека се злоупотребува говорницата и на тој начин, со одземање на толку многу време за дискусија, планирано. Јас ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благоја Стефановски.

Се разбира по однос на дискусиите, ова укажување на г-га Куљан на крајот ќе можеме да си ги скратиме макитe само откако ќе го донесеме новиот Деловник. До тогаш немаме друга шанса.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со сиот респект кон сите вас, должен сум да проговорам на оваа седница од единствено чувство кое е сега во мене за некакви заблуди, некакви нешта што не гонат во оваа наша земја за која што се надевам

дека може не сите ја сакаме, меѓутоа мораме да ја почитуваме, да го тргнеме некој зол дух кој надвиснал над нас.

Се чувствувам дека ние кои сакаме во овие моменти да бидеме рационални, дека едноставно нема место за нас не само во ова парче земја кое се вика Македонија туку и многу пошироко на Балканот. И тоа прашање постојано треба да лебди над нас. Ние кои сме бирани од нашиот лекторат дали треба стално да одговориме и да ги предизвикуваме оние чувства кои што се нешто кое што многу брзо кај нив доаѓа на некаква површина, задоволува некакви нивни вкусови. Во крајна линија задоволува некое чувство кое што евидентно на овој Балкан се претвори во една крвава војна. За одговор на тоа како човек и како уметник веќе втора година направивме претстава за значењето на мултикултурата во оваа земја и јас само ќе ви прочитам четири реченици на тој познат автор кој се вика Горан Стефановски и на која претстава играат македонци, албанци, турци и роми. Одговорот после тоа носете го сами "Богот Дионис ви дава вино тоа е и храна и отров, ваше е дали ќе заплачете или ќе запеете. Ви дава оган, ваше е дали ќе си го стоплите домот или ќе ја запалите куќата. Ви дава страст, ваше е дали ќе водите љубов или ќе се заколете меѓу себе".

Многу реплики од оваа говорница прозвучија на некои од овие две страни или предизвикаа една од тие страсти. Немојте таа единствена куќа или таа страст која што треба да не гони кон нешто значајно да изградуваме, да ја изградуваме оваа своја земја што сите ја кажувате дека ја сакате, а тоа со нашите постапки да предизвикуваме некои нешта кој што ќе ни се случат и ќе ни се вратат како бумеранг.

Од таа страна ќе се вратам и конкретно на оваа работа, дозволете како што сакаме нашето достоинство да се сочува, да го сочуваме и достоинството на луѓето кои што во овој момент се министри или се претставници од страна на полицијата, да го сочуваме тоа достоинство, да го мериме, незнам, преку анкетни комисии, да го мериме преку тие точки кои што доаѓаат како интерпелации, да го мериме, да го видиме кое е тоа пречекорување, меѓутоа да ја штитиме и да ја почитуваме таа држава која што ја имаме. Затоа се запагам и тоа во овој момент можеби ќе прозвучи поинаку. Меѓутоа, бев должен како човек кој што во секојдневната работа го

прави тоа. И како ништо друго, како нешто кое што ете ќе го кажам, како едно идилично место во моето детство, каде што како дете доаѓав во тој Гостивар и каде што го чувствував како некоја идеална средина.

И, за жал, на мојата мајка сестрата го учела господинот и наш колега Османи за кој говореше дека бил еден од најталентираните деца, меѓутоа за жал тоа дете огромни квалификации на економист, нешто, благо наречено, ете, некакво лошо поведение или лош дух го повело или си замислило дека треба да поведе народ во некакви работи кои што се враќаат како бумеранг на својот народ.

Тоа не значи дека и на оваа страна, јас сум ги посочил на тие дискусии, можеби преемотивно и недостаточно блиско да се идентификуваат, меѓутоа тоа е јасно. Таа работа која што се случува таму, може да се случи многу брзо и на другата страна, само зависи на која страна ние ќе натежнеме. Ние луѓето кои што тука треба да ги амортизираме, ние луѓето кои што сме бирани кои што треба да му го мислиме доброто на тој народ, не да ги бараме нивните искри кои што можат да се запалат и меѓусебно да изгорат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Многумина рековте дека три дена ја следите оваа расправа и може како што рече г-га Куљан Зографска се тренира со трпението на пратениците, јас имав таа среќа да буквално само денес ја следам оваа претстава и со оглед на тоа што нашето Собрание своите седници по летните одмори ги почнува на големиот македонски празник Богородица, мене ми е куќна слава и не можев тогаш да присуствувам. Дома гледајќи малку на телевизија се молев во однос на оваа претстава овде што се случува, господ да ни е напомош. Зошто го велам ова? Ова го велам затоа што од дискусија во дискусија иако некој овде критикуваше како некој е загрижен, јас навистина сум загрижен. Уште повеќе се загрижив сега по дискусијата на почитуваниот господин Чокревски. Се загрижив

заради тоа што слушнав од една компетентна личност, од личност која што можеби најдобро ги знае и треба да ги знае работиве по однос на овој план бидејќи има најмногу информации, со тоа што дека во Западна Македонија постојат сценарија и групи кои работат организирано на загрозување на опстанокот на Македонија.

Навистина таа констатација длабоко ме натера да размислам и да се загрижам над иднината бидејќи не е речена од пратеник кој што има политичка определба, па може застапувајќи ги своите партиски интереси некако тоа да го направи во корист на својата партија. Тоа ме загрижува, но уште повеќе ме загрижува нешто друго, што јас како пратеник овде, во ова Собрание, кој што утре кога ќе си одам одовде моите бирачи, моите сограѓани ќе ме прашаат да им објаснам во што се состои таа организирана група, тоа загрозување на опстанокот на РМ, а јас како пратеник ќе морам пред него да гувеам и црвенеам затоа што иако претставник на највисокиот законодавен дом, дом кој што ја контролира власта на РМ, ама нема ни едно зборче информација за тоа. Се информира од она што ќе го прочита во весниците. И, сега мој предлог е при заклучувањето на оваа седница нека оцени министерот и Владата на РМ дали на отворена или затворена седница, ако се точни овие констатации парламентот на РМ под итно да ја прекине оваа расправа и да започне затворена или отворена седница, како сакате за загрозеноста на опстанокот на РМ. Бидејќи опстанокот на оваа држава не зависи нити од еден човек, не зависи ниту од Влада, не зависи ниту од Парламент, туку зависи од функционирањето на сите институции на системот на Република Македонија и пред се од граѓаните на РМ и за тоа треба да бидат информирани. Тоа е првото што сакав на почетокот да го кажам.

Втора работа, денес расправаме и претходните два дена расправавме за точка Информација за актуелните состојби во општините Гостивар и Тетово. Она што ми се допадна во расправата морам да кажам како ретко кога во Парламентот, ова е мое лично мислење е тоа дека расправавме за она што не го пишува во Информацијата. Тоа е добро. Добро е затоа што расправавме за нешто многу повеќе од оние што ни ја предложија Информацијата. Кога го велам ова, зошто? Ќе го поткрепам со следново. Ако добро ја прочитавме Информацијата, ние не добивме информација од Владата на РМ, добивме од еден надлежен стручен орган специјализиран за одредена работа, министерството за

внатрешни работи. И, во него тие многу добро си ја имаат отсликано таа работа дека се пукало под агол од 45 степени во ѕидот, па имало таков куршум, па имало онаков куршум. Во него добро пишува како се прави молотов коктел, колкав треба да биде долг фитилот и сето тоа е добро. Но, тоа е добро за да се расправаат тие стручњаци кои се занимаваат со таа област.

Владата на Република Македонија, барем според мене, овде требеше малку пошироко, не да ни даде таква информација туку информација со која што не само министерот туку позади која ќе застане Владата на РМ, ќе даде целокупна, покрај другото, и политичка оценка за состојбите кои што доведова во Гостивар. Тоа во овој случај го немавме и затоа велам ми се допаѓа што ние пратениците не расправаме по Информацијата, по текстот на информацијата кој што е поднесен туку расправаме нешто друго. Тоа значи дека многу подалеку гледаме од Владата за проблемите со кои што се соочуваат.

Она што се случи во Гостивар се случи, и пред сите нас стои задача тоа да не се повтори, пред се треба да пазиме на секој наш изречен збор од оваа говорница затоа што тој може да биде и те како важен индикатор во подзапалување на понатамошната состојба. Тоа може да се спречи и со едно наше учество во анализа на поширока анализа, зошто се случи тоа што се случи во Гостивар.

Не така одамна, само пред неколку месеци ако се сеќаваме ние овде, расправавме во овој Парламент за меѓуетничките односи и за знамето и за употребата на националностите. Кога расправавме за меѓуетничките односи морам да кажам двата пати бев нападнат и при едната расправа и при другата.

Имено ,првин кога се носеше Декларацијата за меѓуетничките односи реков дека не се гиба во суштината на проблемот и дека ќе останеме само на Декларација и по извесен период ќе имаме повторно проблеми.

И второ кога беше за знамето реков кога ќе го донесете знамето односно законот за употреба на знамето на знамето на националностите, но после тоа ќе имате проблеми. Некои од колегите на СДС ми дофрли ако не го донесеме ќе има тепачка. И, од оваа говорница, видете го стенограмот, реков кога ќе го донесете после следниот ден ќе има

тепачка. Само во едно згрешив. Немаше следниот ден, истата вечер имаше. Добро проверете го стенограмот па ќе се увериме.

Се плашам, навистина се плашам дека денешната расправа наместо да потпомогне во разрешувањето на проблемот, ќе ја подзагреат атмосферата и ќе не одведе во несакани правци. Затоа сметам дека е неопходно низ институциите на системот, а тоа пред се во Владата на РМ да се разјаснат и еднаш за секогаш да ги затвориме прашањата по однос на кои што дијаметрално во овој момент се разликуваме, односно се разликуваат партиите кои што се од македонците од албанска националност, и партиите на таканаречени еве на Македонците. Пред се тука мислам на две прашања иако има повеќе.

Прво е прашањето на таканаречениот Тетовски Универзитет на кој што партиите на макдонските граѓани од апбанска националност без исклучок сметаат дека треба да се легализираат, а додека сите останати сметаат дека нема потреба од таков Универзитет.

Второто прашање е прашањето што сите партии на албанската националност зборуваат за себе, мене ме загрижува и тоа што до вчера господата од СДС велеа дека ПДП е таа која што влече кон хармонија на односите но и таа партија упорно зборува за албанците во Макеоднија како државотворен народ. И, тоа е прашањето за кое што треба да се седне и еднаш за секогаш да ги затвориме.

Денес во расправата слушнав од говорницата дека во Гостивар проговори радикализмот. Со тоа наполно се согласувам дека радикализмот проговори во Гостивар, но се плашам дека радикализмот проговори и после Гостивар и пред Гостивар и радикализмот говори и денес а се плашам дека ќе говори и утре.

Според мене основната причина која што доведе да проговори радикализмот е прашањето на нефункционирањето на институциите на системот во оваа наша Држава и не навремено спроведување на законските одредби. Ова ќе го поткрепам со следниве аргументи.

Прво, не сериозниот однос на надлежните државни институции уште при најавата или при почетокот на отворањето на таканаречениот Тетовски Универзитет.

Второ, поставувањето на министри и заменици министри кои не само што ги поддржуваат туку беа и творци на противзаконски проекти. Тука беше спомнат примерот со Илирида и г-динот Положани кој што и денес низ овој Парламент ни се шета и никој не наоѓа храброст и она што се случува овој последен месец барем како што пишува во весниците јас им верувам дека неговата жена на заменикот министер е смешана во противзаконски дејства. Никој не наоѓа за сходно да покрене иницијатива за оставка или за сменување, ниту премиерот на тој заменик министер, а се чека да покрене опозицијата, а штом покрене опозицијата, е сега, овие се нарушување на сожителството во РМ. Во склоп на тоа е и поставувањето на г-динот Сабриу како министер на Владата во РМ. Истите, морам да кажам и сега заземаат високи позиции во нашата држава. Со тоа не сакам да кажам дека сум против албанците да бидат на високи позиции, но сум против оние кој го кршат законот на Република Македонија да заземаат високи позиции.

(Пратеникот Харуни дофрлува од место).

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Исто и за македонците, немам ништо против г-дине Харуни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлате, Ве молам г-дине Харуни.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Трето, ненавремено реагирање на иконографиите на предизборните митинзи на партиите на албанската националност. Пред се, мислам на знаме на странска држава и химна на странска држава.

Четврто, ненавремено реализирање на Одлуката на Уставниот суд за симнуваше на знаме на друга држава, односно во овој случај на Албанија пред зградите на општините Гостивар, Тетово и другите помал општини.

Петто, предвреме ослободување од издржување на одредените затворски казни на лицата за кои на големо се зборуваше дека направиле дејствија против РМ. Тука, пред се мислам на осудените од паравојската, од таканаречениот тетовски универзитет што наголемо пред изборите 1994 година и 1996 година се зборуваше дека направија дејствија против РМ, им се определија високи затворски казни за да, само после неколку месеци сите тие бидат ослободени.

Шесто, како врв на сето тоа дојде до говорот за употреба на знаме на друга држава, во овој случај Албанија, изгласан како Закон за употреба на знамето на националностите во РМ.

Денеска, неколку пати беше спомнато дека полицијата, мис државата мораше да интервенира за да го заштити својот суверенитет и

интегритет бидејќи беше истакнато знаме на друга држава. Со тоа потполно се согласувам, сите колеги пратеници од СДС што рекоа дека со истакнувањето на знамето на Албанија се наруши суверенитетот и интегритетот на РМ.

Но, господа пратеници, само кратко време после тоа, на 2 Август, на еден од најголемите наши празници, повторно беше истакнато знамето на Република Албанија во одредени општини. Па, зарем тогаш не беше нарушен суверенитетот и интегритетот на РМ? Верувајте дека беше. Беше нарушен, но сега е нарушен дозволено со Закон. Некој со Закон дозволи да се наруши суверенитетот на РМ.

Почитувани пратеници,

Сметам дека ова се само дел на , според мене, најбитните прашања што надлежните државни институции требаше многу, многу порано да реагираат за да не се случи Гостивар.

За да не бидам погрешно сфатен, не сметам дека таа реакција требаше од почеток да се покаже сила и да се внесе страв, туку напротив да се докаже дека во оваа земја има да се почитува закон. И, секој што не го почитува законот, кон него ќе бидат преземени соодветни мерки предвидени со закон, во согласност со сите меѓународни конвенции во светот.

По мое убедување во изминативе години во нашава држава тоа изостана и оваа акција ме тера на размислување, можеби ќе предизвика полемики кај многумина и реагирања, но ме тера да размислувам дека е темпирана исто ако паравојската, дека е исто темпирана како така наречениот тетовски универзитет во склоп на некои наредни избори Сметам дека тоа е игра со многу опасен оган.

XXII/3.-

Овде, денеска, многумина изнесоа пофалби , како реагираат странските дипломати, странски меѓународни организации по однос на прашањето на Декларацијата, или н езнам кои други наши залагања. Тоа е добро. Од голема е важност почитувањето на мислењето на странските субјекти. Во тоа потполно се согласувам.

Но, не се чувствувате ли засрамени и со големи црвени образи од шлаканицата што деновиве ја добивте од Високата парламентарна делегација на Германскиот Бундестаг, кој што јасно и недвосмислено овде ни кажа, она што го кажа г-динот Коцевски се покажа многу поголем македонец од сите нас, со донесувањето на Законот за употреба на знамето на националностите, односно употребата на знамето на друга држава во РМ. Можеби тоа ќе предизвика деновиве надлежните органи, пред се Владата на РМ да предложи по итна постапка сменување на тој закон, доколку се почитува мислењето на така високи политичари од така моќни земји во светот.

Сето ова го укажувам досега само да укажам на едно, дека ние дискутираме и на крајот донесуваме декларација или не знам што, но ниту еднаш понатаму тоа не се зафати суштински да се реши проблемот низ институциите на системот, односно не се активираа надлежните органи, институции за решавање на овие проблеми. И, сметам дека овие проблеми за кои што денеска расправаме, што е многу опасно, се решаваат секогаш кога се со одреден политички интерес за власта и секогаш овие проблеми ќе не демнат , ќе демнат над нас се до моментот додека ќе настојуваме да ги ставиме во служба на некои политички интереси.

Од оваа говорница денеска, ниту еден ен стана од парламентарната група на СДС да ја демантира изјавата односно дискусијата на

нивниот пратеник, г-динот Настевски кој рече, буквално ќе го цитирам дека "проблемот, случајот во Гостивар не е полициски проблем, туку е политички проблем". Дали се смета дека се исцрпија сите политички аргументи за решавање на тој проблем па се пријде на тоа? Дали е тоа лапсус или не, н езнам. Но сметам дека тоа е директно контрадикторно со изјавите на низа пратеници кои сметаа дека проблемот е заштита на Уставот на државата. Но , сега беше изнесено дкеа тој проблем е, пре, се, политички, а не полициски проблем. Многу е опасно ако е тоа точн<

Јас, во ниту еден момент не оспорувам , не ја оспорувам акцијата што ја имааа полицајците како вработени во МВР. Тие, за својата мала-скромна плата, сакаат или не мораат да ги слушаат наредбите. И, со ниту еден збор не смееме да зборнеме против тие луѓе. Но, истовремено не смееме пак да молчиме против тие кои ги раководат и ги замислуваат нивните акции, ги втурнуваат во одредени нелагодни состојби.

На крајот сметам дека е време, прво, ние овде во Парла- емнтот, сите ние пратеници да престанеме да зборуваме за едната и другата страна. Ако постои една и друга страна се отвора простор за уфрлање на трет. А, кога ќе се уфрли трет, тој станува наводно да ја помири состојбата, а штом почнеме да преговараме како една и друга - страна, тогаш секој ќе си постави свои некои максимални цели и во текот на договорот ќе чекаме некои посредници да извршат усогласуван на нашите ставови.

Затоа сметам дкеа пред нас, навистина, стои една крупна задача и дека , на крајот се плашам дека сепак водевме јалова расправа.

Благодарам.

XXII/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само кратко, не се тревожите. Имам разбирање.

Не мислев да земам збор, меѓутоа не можам да поминам преку она ако некој мислеше дека сме преморени и ќе можеме да помине преку една таква навреда, една таква изнесена геноцидна теза дека ни тука, на просторот на Западна Македонија донесовме "марсовци" од сите земји на Европа. Се извинувам, македонци. Ако беа марсовци може би ќе држеше нешто такво.

Зачудува што човек кој три дена овде ни продава магла од хумани и други побуди да му пречи што во својата татковина се нашло место само за еден мал процент од оние кои имаат и морално и хумано и човечко право да бидат во својата татковина, во своите етнички граници. И, за непознавањето на историјата, тој дел до етничка Македонија е, дами и господа , поголемиот дел, 52%. Тоа е оној дел од вкупна Македонија.

И сега, видете, таму не требале тие македонци да дојдат за да дојдат Косовари од друга држава, од друго место, за да нема повеќе место за нив. Ќе Ве молам ,каде одат овие размислувања?

И, тука, повторно ќе building речеме, за жал, за жал. Па, немојте Ве молам. Ништо ние не сме направиле да ја исправиме таа огромна неправда што ја направија големите сили. Тоа е геноцид равен кон геноцидот на Евреите. Можеби во проценти најголемиот геноцид. Најголемата историска неправда. За жал, оваа мала Македонија толку можеше да стори.

XXII/6.-

Меѓутоа , вакви нешта да се изречат сега, овој трет ден, при крајот на оваа расправа за тоа да се дискутира дека таму имаме густа населеност, требаше да се каже зошто е таму таа густа населеност, затоа што имаме наталитет за кој зборуваа едни почитував колеги. Неверојатен, африкански, азијатен, со 26, со 28 промили виза другиот наталитет што е под 10% спаднат. Вкупните демографски движење ги разгледувавме тука, се знаат, се познаваат. И сега некому пречи тоа и одеднаш на тезата антитеза дека ова некој го прави заради нешто друго.

Во сопствената земја да не можат македонци да живејат, Е молам!? Што донесовме ние, донесовме 2-3% од оние кои , за жал отидов во Канада, во други земји да бидат туѓинци цел живот и туѓинци да останат.

И, само една реченица, ништо ново не рековме овие три дена, дами и господа. Сето ова овде е кажано. Нема што не е речено, нема што не е актуализирано. меѓутоа, состојбите, јас ги ценам како многу сериозни, јас пренесувам загриженост и лична и нашите граѓани кои живејат особено на тие простори и нема причини да не му веруваме и да го проверуваме најкомпетентниот овде во оваа сала вечерва, овие денови, почитуваниот министер Чокревски.

За сериозноста на проблемите, за сериозноста на состојбите и за соодветните решенија што ќе треба, нормално, заеднички да ги преземаме за успешно разрешување на оваа состојба во која се наоѓаме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

XXII/7.-

**САЛИ РАМАДАНИ.**

Вечерава не излегов по втор пат за да се натпреварувам кој колку пати ќе биде на говорница, ниту сакам да реплицирам, за овие наводи, искази што беа изнесувани точно три дена само по една точка, ниту да реплицирам за сето тоа што беше речено тука повеќе во однос на мојата партија, па и на мојата парламентарна група. Имаше и некои алудирања и на мојот говор што го скратив за повеќе од 60% и што е составен дел на стенограмите.

Излегов само да покажам и докажам дека бев- во право уште пред 2-3 години, а вечерва уште повеќе сум се разочарал во овој Пар- ламент и три дена разговараме за формалности за ситници, за "ми рече ти реков", а тие се само приказни, само разговори и за жал, никого да навредувам, ништо нема врска освен науката. Ништо нема врска со Уставот, никаква врска со законите, ниту има врска со меѓунационалните односи.

Само накратко, што сум го кажал и порано и да Ви докажам тука, помеѓу албанците и македонците права фронтална борба, војна, битка ниту била во историјата ниту има денеска, ниту ќе биде некогаш. Тоа не го велам само заради некои формални работи, туку тоа е точно. Ако било нешто тоа било само спонтано, тоа било само игра на странски држави, на туѓи интереси, на разни олигарфии, додека луѓето се почитуваат.

Јас сум, навистина, човек од народот. За жал, немам многу контакти ниту со цела Западна и Источна Македонија, меѓутоа имам кон- такт со луѓево. Ми се јавуваат во Кичево, Тетово, па и Гостивар овие денови посебно, па и Скопје и Куманово каде сум се движел повеќе, нешто во Охрид и Струга. Еве, за три години во Дебар не сум бил

воопшто дека, ниту денеска, Ви тврдам, немојте да се лажеме. Не постојат никакви меѓунационални тензии и ден денеска во Македонија и тие вакви прилики и после овие настани во Гостивар. Тоа е карактеристично. Тоа е точно. Тоа е објективно. Сето ова е борба за политички маркетинг на сите партии, па ако сакате вклучувајќи ја и мојата партија која е , иако има недостатоци колку сакате и имам и јас некои проблем* во мојата партија, каде сум, не со партијата, не со членството, туку со поедини лица, поедини личности, поединци кои не значат многу. Значи сепак таа партија, да Ви кажам и докажам и денеска е појака, подобра, поубава партија не само во Македонија туку и на Балканот воопшто.

Зошто? Не претерувам, членството определено кон Програмата на оваа партија и определено е членството за мирно разрешување на сите постојни проблеми во Македонија и па и вон Македонија . Тоа да ни е јасно.

И, ако ние одиме по нејзиниот пример, нема да ни биде лошо. Конкретен пример, Ве молам, по мојата партија не само, зборувам сега за партијата воопшто, за членовите, за огранoците, за подогранoците и за симпатизерите од цела Македонија кои ги има толку, не само албанци туку и од другите националности , па дури и македонци ако сакате.

Што? Па, точно е тоа дека мојата партија , во прв ред, ја смири состојбата во Гостивар.

XXIII/1 ДВ/ПН

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Модата партија тој ден беше многу пасивна. Можеше на друг начин да постапува. Можеби и ќе има забелешки од страна на членството на албанските екстремисти и другите, меѓутоа, така е. Замислете вие да беше целото раководство, претседателството, ограноците, па сите тие совети на општина што ги има мојата партија, тие се девет и уште пратениците, па да бевме во Гостивар. Значи, јас мислам требаше да бидеме присутни таму, но за жал тој ден бевме тука, имавме .седница. Да бевме таму на време да не известеше некој, бидејќи во десет часот јас бев тука, во Парламентот, во 11,00 или 12,00 часот ќе бевме таму, ако некој не известеше како што реков. Јас да ви кажам ќе бев таму сто посто. Тогаш според мене жртви немаше да има, затоа што луѓето, членството, симпатизерите кои веќе беа случајно таму или беа собрани да протестираат таму тие веќе би не послушале и те како.

Јас сметам дека и полицајците би биле на моја страна. Јас со нив разговарам секој ден, дури бараат и моја помош да нешто и за нив да кажам во Собранието дека нивните плати се толку мали. Затоа убеден сум дека такво нешто би се случило. Затоа, да ви кажам ако беа навистина полицајци од Македонија, а јас утредента бев на погребот во Гостивар, отидов дури во центарот на општината Гостивар и се вратив повторно и би кажал нешто што можеби неможе да се каже тука. тоа се долги приказни. Меѓутоа, да кажам една друга работа. Јас сум се определил за мирно решавање на сите проблеми во Македонија и пошироко и тоа, искрено да ви кажам после разрушувањето на Берлинскиот ѕид. Дотогаш сум имал поинакво мислење. Не сум можел можеби нешто друго да направам иако сум бил еден мал дисидент, но

тоа беше само еден пат и тоа за член 118 став 1 од тогашниот Кривичен законик, за непријателска пропаганда. Сега тој член не постои. Значи, сум бил погрешно осудуван. Но, јас сум таков, како што сум бил тогаш, таков сум и сега.

Сега, на што сме? Јас би се обидел да скратам со мојата дискусија колку што е можно, затоа што ако се оди на реплицирање на се она што тука беше кажано, и ништо недокажано, некои тешки квалификации на луѓе кои не се присутни тука, било да се тоа од мојата партија или од некои други, не сакам да зборувам, но нека ви служи ако генерален општ одговор на сите. За 3 дена тука некако избегнувате од вистината, било да се тоа моите, да ги речам, Албанците. Ништо не беше конкретно кажано каде згрешено. Јас ви кажав и да не го повторувам пак тоа.

Прво , треба да се знае дека со таквата акција на полицијата и со таквата одлука на Уставниот суд прекршен е Уставот, прекршен е законот. Прашав за тоа и не добив одговор од вашиот министер. Зошто? По кој основ е преземена акцијата. Врз основа на кој член Уставниот суд донел таква одлука. Таков закон не постоеше дека била забранета употребата на националното знаме на албанците. Дајте, ова мора да се реши тука, денес, вечерва, овде на лице место^ Откога се донесе овој закон, кога веќе беше и дозволено, како така, некој рече каков таков, за Уставот, да, јас имам оправдување и тогаш со акцијата тој закон што сепак беше донесен се прекрши. Јас не барав и сите ние овде оставка на вашиот министер Чокревски, затоа што на негово место ќе дојде

друг, но ние бараме самиот закон и Устав да се измени бидејќи тука имас грешка. Сега што: ова што беше овде речено за овие 3 дена, значи, не е кажано за суштината. Не е кажано за тоа што треба да се докаже. Каков е овој Парламент тогаш? Јас имам доверба во луѓето и очекувам да повторувам, друг состав на Парламентот .Ние 3 тука не видовме некој Туцовиќ, Шуфлаи, Светозар Марковиќ. Сега сме дијаметрално на сосема спротивни линии. На една страна во самиот Парламент се Албанците, по мое, иако има некои пропусти, можеби, но сепак со повеќе аргументи. -На друга страна се Македонците кои ваквата акција ја одобруваат. Значи, ние во Парламентот како пратеници избрани од народот, од избирачите, од електоратот, немаме по оваа точка ништо, ама ништо заедничко. И што се однесува до нас, ние денес сме веќе одвоени. Во Парламентот ние имаме 2 држави, имаме сосема различни ставови. Ние немаме ништо заедничко. Веќе тука постои некоја политичка сецесија. Кај народот такво нешто не постои, а зошто, тоа е друга и подолга приказна.

Јас мислам дека тука нешто треба да се презема, затоа што тоа се направи се направи, лошо е, некои дури ги окриви жртвите дека има разлика од жртва до жртва, макар и да е виновна, и дека тука има некои работи кои треба да ги расчистиме.

Тоа што беше речено, за жал, и ништо не рече вашиот министер, никаков одговор не добивме, па дури и со мегаломанско однесување спрема нас, спрема пратениците, спрема цело Собрание, дека не сака нешто подетално, а ние баравме да ни одговори на тие прашања. Тој ниту се бранеше, туку еве така рече, ако треба  јас можам да дадам оставка и не мора. Тоа можеби беше и симптоматично и тука беше кажано од некој пратеник дека тие легални групи постојат.

Јас не сум дојден тука како пратеник да ги бранам тие групи ниту да ги откривам. Дали постојат или не, јас н езнам. Ако постојат, ако работат против Македонија, се знае, кој треба да ги открие и тие одговараат. Меѓутоа, ако се тие кои јас ги знам, а тоа го имам кажано повеќе пати и јавно, тие се токму такви групи створени од некои струи од и во Македонија, кои во прв ред работат и против албанците и против Македонија^ Такви јас не знам. Затоа, треба да се каже, тоа е тешка квалификација дека постојат некои групи, што рече некој од пратениците, на народот за тоа треба да му се даде одговор. Ние секој пат сме во контакт со луѓето. Значи, да не должам, ова што беше 3 дена тука дискутирано е само губење на времето, некако или неснаоѓање или маркетинг за идните избори. Ништо тука нема заедничко со вистината, со правдата, со законот, со Уставот и со Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, ниту во Парламентот, ниту надвор од Парламентот нема две држави. Една е, Република Македонија.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, овде во Парламентот 3 дена разговараме за состојбата во Македонија, за тоа што се случи на 9 јули во Гостивар.

XXIII/5

Јас мислам дека јасно ни е на сите нас тука, колку време овој господин што дискутираше пред мене која демагогија ја продаваше овде на оваа говорница и какво знаме и што се не изнесе на оваа говорница, а ние тоа тука сите пратеници го премолчавме. Мислам дека целиот македонски народ и сите граѓани што живеат во Македонија ги иритираше, ме иритира и мене како пратеник тука, мислам тоа најлесно помина, а полицијата, власта што си ја презема својата работа, најконкретно и најреално си јас изврши својата работа и еве се дискутира овде 5ез потреба 3 дена. Јас исто жалам за тие жртви што паднаа таму, но можеше многу повеќе жртви да има, можеше многу по жежок огин во Македонија да се разгори, но фала богу што се смири ситуацијата па да биде добро за сите, благодарение на тоа што се изврши интервенцијата така, отколку МААК како што најавуваше да отиде таму, па да беше еден општа граѓанска војна и тогаш сите ние ќе се прашавме, што се направи. Затоа не треба толкави тензии да креваме за ваква работа. било што било, сите живееме во Македонија, не се -само Албанци и Македонци, има Роми, Турци и други националности. Затоа да ја смириме малку топката и да видиме што се случува тука, какви групи доаѓаат од надвор, од Албанија и од други места, затоа што ова е организирано. Не може тоа да биде така. Македонија е Македонија, сите живееме во Македонија.

Јас исто така го осудувма тоа што се случи на 2 август, на Илинден, во Крушево. Јас сум човек кој ја кажува вистината. Не 3 години, 30 години требаше да го осудиме, не Македонците, туку националностите, сите кои живееме во Македонија, затоа што тоа знаме е на сите граѓани во Македонија. 30 години требаше да го осудиме, на

XXIII/6

Камени мост требаше да го обесиме, затоа што го газеше знамето на Македонија. Јас сум многу увреден. Јас сакам вистината да ја кажам. Сите ние живееме тука, и да си ја сочуваме Македонија, да не дигаме големи тензии тука, да не правиме политички маркетинг.

Јас воопшто не сакав да дискутирам, но гледам 3 дена што се се зборува овде и еве, затоа, станав да дискутирам. Јасно ни е, има и тепани, има и полицајци тепани, се е јасно. Дајте да ја смириме ситуацијата, да биде како што треба, бидејќи лесно се пали барутот но тешко се гаси. Имаме пример што стана во Босна. Од една свадба, од едно пукање, настана војна во Босна. Мислете граѓани што правиме. И ние овде што сме во Парламентот треба да мислиме што правиме, затоа што од нас очекуваат овие граѓани, ние ги водиме, граѓаните во Македонија. Кога гледаат дека ние во Парламентот не се согласуваме, нормално дека граѓаните ќе бидат иритирани, без разлика за која националност се работи. Не сакам многу да бидам банален, дајте во интерес на сите граѓани дајте мир, дајте да ги отвориме фабриките, дајте граѓаните да ги запослиме без пари се граѓаните, без леб се. Околу тоа да разговараме. Ако треба не 5-6 саат седница, 48 часа да седнеме и да го решиме прашањето на Македонија, како што реков да зборуваме за вработување за отворање на фабриките, за стечајците, за сите горливи проблеми, а ова да го закопаме.

Граѓани на Македонија. Нашиот народ е мирен, не сака војна.

Јас му давам голема поддршка на министерот. Мислам дека не е време да си оди министерот Чокревски, си ја изврши својата работа, а нормално што имаше други работи. Секој домаќин што греши во својата

куќа, се знае татко е татко, деца се деца, нормално, постои ред во секоја куќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе се согласите, господине Бајрам, дека Парламентот ниту суди ниту беси. Сепак, судот суди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не сакам да бидам сфатен дека Парламентот. ни суди ни беси. Јас бев многу искрен, краток и јасен. Инаку јас можам поинаку да зборувам. Јас сакам чисто граѓански. Но сакам да кажам дека ние тука пратениците сме поставени од граѓаните и можеме и треба малку да се превртиме на друга работа, а да не гледаме на вакви работи, да не го превртиме граѓанството да биде уруено и да живее под некоја трема и страв. Дајте околу економијата околу вработувањето да зборуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, се соодбјаснивме.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пратениците Сали Рамадани, Наџи Пурде, Хисни Шаќири, Сами Ибраими, Зекир Кадриу и Рами Туда поднесоа предлог на заклучоци кои ви се поделени.

Г-динот Исмет Рамадани има деловничка интервенција.

Г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Пратеничката група на ПДП чекаше, нормално да заврши расправата во врска со информацијата за настаните во Тетово и Гостивар и е на мислење да предложи заклучоци. Мислам така и треба да се постапи, затоа што, се разбира, врз основа на дискусиите и сето тоа што се искажа во овој Парламент на крајот треба да заврши седницата со одредени заклучоци. Затоа, во името на пратеничката група барам пауза од 1 час, за да можеме да ги предложиме заклучоците, како пратеничка група. Веројатно и другите имаат намера да предложат свои заклучоци. Веројатно ќе се отвори расправа и по заклучоците. Но, мислам дека имаме потреба како пратеничка група да усогласиме и заклучоци со кои веројатно ќе заврши и дебатата односно ќе завршат и дискусиите за оваа точка од дневниот ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам пратеничката група на ПДП да ги достави заклучоците најдоцна пред почетокот на седницата која ќе ја продолжиме утре во 11,00 часот, за да можат пратениците да се изјаснат. бидејќи расправата ја заклучивме.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 18,55 часот)